## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Осмото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 15 ноември 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во (по завршување на Осумдесет и деветтата седница) во 14,15 часот.

На седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Весна Јовановска и Ѓулистана Марковска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по текстот по Предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Продолжвуаме со претрес по амандманот на точката 1 на текстот на Предлогот на амандманот IV, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам, дали некој бара збор?

Господинот Јордан Бошков. Не е тука.

Абдурахман Алити, беше пријавен на листа. Тој се повлекува. Наќе Стојановски. Грешка е. Добро. Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратеник. За гласале 18 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници и против амандманот гласале 55 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на Предлогот на амандманот IV, поднесен од пратениците Ѓорѓи Тодоров и Вангел Симев.

Го молам предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеника од кои за гласале 5 пратеника, воздржано гласале 12 пратеника и против гласале 66 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот по точка 1 на текстот на амандманот IV, поднесен од пратениците Фадил Бајрами и Кастриот Хаџиреџа.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? - Има збор Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Познат е веќе ставот на Националната демократска партија на албанците што веќе имаше и забелешки за Рамковниот договор во Охрид, но веќе со оваа, последната преамбула нашата партија не се согласува, бидејќи мисли дека е дискриминаторска за албанскиот народ во Македонија и затоа ние имаме поднесено амандман, кој амандман ги стави во рамноправност албанскиот народ и македонскиот народ. Значи нашата партија е со став дека во оваа држава треба да бидат два суверени народи т.е. македонскиот и албанскиот народ а поддржуваме интегритетот на оваа држава.

Ние мислиме дека тоа е вистинито и треба да биде тоа и реалност бидејќи албанскиот народ од над повеќе од 800 илјади што живее во Македонија не може да се споредува со другите народи што сите заедно чинат не повеќе од 100 илјади. Затоа нашиот амандман гласи: "Македонскиот и албанскиот народ, како и припадниците на другите народи, тоа е: турскиот, влашкиот, бугарскиот, ромскиот, српскиот, бошњачкиот и другите народи што живеат во нејзините граници".

Тегнувајќи од непобитните факти дека албанците како народ имале важна и одлучувачка улога во сите критички и одлучни моменти при формирањето и егзистенцијата на македонската држава и тоа почнувајќи од Илинденското востание Народноослободителната борба, прогресивните движења во 1981 година против тоталитарниот комунистички режим на поранешна Југославија кои доведоа до распаѓање на таа вештачка

творба со што се отвори патот кон осамостојување на Македонија како независна држава.

Сметаме дека сите овие моменти се релевантни и многу битни за тоа и албанскиот народ да се дефинира како државотворен елемент како што беше во минатото и како што треба да биде и во иднината односно под потполно рамноправен со македонскиот народ, со што би се отстраниле сите политички недоразбирања и конфликти.

Јас мислам дека треба да се поддржи овој амандман и веќе со тоа би се створиле стварни моменти за рамноправност на овие два народа во Македонија. Фала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 87 пратеника од кои 16 пратеника гласале за, 4 гласале воздржано и 67 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 на текстот на Предлогот на амандманот IV, поднесен од пратениците Рубенс Наумовски, Митко Тилевски, Илија Пранговски и Томислав Петровски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор претставникот на предлагачот.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Господин претседател, овој амандман го поднесуваме заради тоа што во охридско, струшко, кичевско живеат голем број на луѓе кои се осеќаат и се нарекуваат египјани. Исто така ние имаме бол спрема нивниот покоен претседател Рамазан Курто Уни, кој за цело време ги застапуваше идеите на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа молам овој амандман да биде изгласан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Илија Пранковски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Сосема кратко да се надоврзам на дискусијата како еден од предлагачите на овој амандман.

Би замолил колегите пратеници да го прифатат овој амандман од неколку причини, некои беа кажани.

Прво, воопшто не се работи за никаков партиски маркетинг или незнам што, туку се работи за една принципиелна работа.

Кога веќе во преамбулата на Република Македонија, која што е предмет на дискусија се внесени делови од народи по одреден редослед со оглед на историјата и движењето на египјаните во Македонија и на фактот дека се на некој начин признати од нивната матична држава и претставуваат посебен субјект политички регистрирани во неколку партиски здруженија и нивно здружение, сметам дека има место и простор после бошњачкиот народ да стои египјанскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитивани пратеници, почитувани гости.

Јас се приклучувам кон барањето, кон амандманот и мислам дека барањето за египјаните е во ред затоа што се знае дека египјаните и ромите не се исто. Египјаните се посебно, не се тие роми, тие си имаат свое од Египет, свое признавање, признати се на времето и мислам дека ова барање би требало да се прифати од сите пратеници за да заедно со другите националности што беа и египјаните да не ги отстраниме, затоа што и они си имаат свое. Нормално тие се египјани, не се роми, не треба да ги третирате како роми, тие се друг народ, од друга страна, од друга држава, од Египет се признати, и ова би требало да се прифати и они да влезат во преамбулата како египјани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојан Ковачев.

**САТОЈАН КОВАЧЕВ:**

Поддржувајќи го амандманот сакам да кажам дека во Струга навистина живее една компактна популација која што си има свое културно наследство кое што се разликува од другите национални припадности. Јас ќе гласам за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеника од кои за гласале 22 пратеника, воздржано гласале 19 пратеника и против гласале 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на...

(Господинот Амди Бајрам бара збор).

Готово е, констатирав, но се извинувам не го видов господинот Амди.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се сомневам во гласањето и барам од 10 пратеника поддршка за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бара поединечно гласање. (Некои пратеници креваат рака).

Еден, два, три, четири... нема десет. - Добро, одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 по текстот на Предлогот на амандманот IV, поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Молам, претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници, почитувани претставници. Образложението на двата поднесени амандмани ќе биде единствено и ќе го започнам малку невообичаено поттикната од дискусијата на еден наш колега пратеник кој со една мала брошура излегувајќи во делот на општата расправа на говорницата на Собранието проговори околу создавањето и постоењето на македонскиот народ и го негираше истото. Тоа го стори врз основа на некоја мала брошура, чиј што формат воопшто не беше ни доволен да ја собере историјата на македонскиот народ и неговото постоење.

Имено, историјата на македонскиот народ, му препорачувам на истиот колега и на сите оние кои што го прават тоа на истиот начин да го прочитаат во тритомната книга, Институт за национална историја го издал тоа издание и се вика "Историја на македонскиот народ". Тоа е од редакција на професори, доктори, академици кои сообразувајќи се со обемот на текстот и усвоената историска периодизација одлучиле како најприкладно да се усвои публикувањето на историјата во три одделни книги.

Имено, во првата книга е опфатен периодот од пред историското време па до крајот на XVIII век.

Во втората книга од почетокот на XIX век па до крајот на Првата светска војна и

Третата книга е периодот меѓу двете светски војни и Народната револуција 1918 до 1945 година.

Значи, најстарите траги од животот на луѓето во Македонија потекнуваат од периодот на постариот Неолит и епохата на примитивното земјоделство со почеток на сточарство со постојано населување и развиток на домашна преработка, особено грнчарството кое и ден денес опстојува особено во Велес.

Создавањето на историјата е опфатено и во еден дел на првата книга која што се нарекува Рана историја на Македонија и потоа за Македонија и за нејзиното брзо издигање говореле и античките автори и тие ја нарекле Господарка на светот во тоа време.

И уште едно дело кое што се нарекува "Создавање на македонската држава", кое што е од господинот Александар Христов, во кое исто така е опфатено опстојувањето на македонската држава и на македонскиот народ во неа. Тоа толку околу она што им беше нејасно, или што сакаа да го прикажат на еден поинаков начин и поинаков обем и од подруг аспект на колегите кои тоа го сторија и сосема е неадекватно необјективното излагање во однос на македонската историја и македонскиот народ.

Значи овие промени кои што се предлагаат со Рамковниот договор во делот на уставните промени опфаќаат промени на преамбулата со еден амандман кој што ни е предложен и промени на нормативниот текст.

(Реагирање на некои пратеници во салата).

Ве молам господине претседателе, за малку тишина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам тишина, молам потивко, збор има г-ѓа Марковиќ.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Со целокупноста на овие предложени промени, доколку бидат така како што се дадени и усвоени не само што не зајакнува граѓанскиот карактер на Македонската држава, туку доаѓа до негово разнебитување. Имено, категоријата Македонски народ која е единствено трајна категорија иако Уставите можат да се менуваат неколку пати во еден нивен дел или целосно, Македонскиот народ останува единствено трајна категорија.

Во овој случај, во овој момент, во преамбулата терминот Македонски народ постои, но тоа не значи дека тој ја допрел својата суштина заради тоа што во другиот дел, во нормативниот текст тоа е иземено.

Оттука сакам да кажам дека носечкиот столб на граѓанството во Македонија, на Македонската држава е Македонскиот народ и ставот на Нова Демократија е терминот односно категоријата Македонски народ, како што сега опстојува во оваа дадена преамбула која ни е

денес понудена, треба да опстојува и понатаму во нормативниот дел на Уставот на Република Македонија. Со тоа се постигнуваат три цели. Имено, самоопределувањето кое е признато со меѓународното право на Македонскиот народ би било деперсонализирано ако таа категорија не постои и во преамбулата и во нормативниот дел на Уставот.

Втората работа е дека Македонскиот народ се идентификува со своето уставно име, тоа е уште едната цел која се постигнува.

Третата цел која ќе се постигне со употребата на оваа категорија е терминот и достигнувањето на суштината која ја има и во преамбулата и понатаму во нормативниот текст на овие понудени промени е Македонскиот народ како малцинство во другите соседни држави и Македонскиот народ како иселеници кои со тоа го задржуваат правото да имаат своја матична држава.

Од тие причини Нова Демократија поднесе два амандмани кои се горе-долу истоветни, но едниот е во делумните промени на амандманот, а другиот дел е пречистениот текст кој го нудиме и образложението на овој амандман ќе го дадам откако ќе го кажам пречистениот текст кој го нуди пратеничкта група на Нова Демократија. Имено, во амандманот IV точката 1 се менува и гласи: Граѓаните на Република Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот, турскиот, влашкиот, спрскиот, ромскиот и од бошњачкиот народ и другите граѓани, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина - Република Македонија, свесни и благодарни на своите предци, на жртвите и посветеноста на нивните заложби и борба за создавање на самостојна, суверена и граѓанска држава Македонија и одговорни пред идните генерации за зачувување и развој на се што е вредно од богатото културно наследство и соживот во Македонија. Еднакви со своите прва и обврски кон заедничкото добро - Република Македонија, во согласност со традицијата на Крушевската Република и одлуките на АСНОМ и Референдумот од 8 септември 1991 година, одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна, суверена и граѓанска држава, со намера да се воспостави и зацврсти владеењето на правото, да се гарантираат основните слободи и права на човекот и граѓанинот, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот преку своите претставници во Собранието на Република Македонија, избрани на слободни и демократски избори ги донесува и прогласува изменувањата и дополнувањата на преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Со образложение дека овие понудени измени и дополнувања на преамбулата се сосема од јазична природа и тука не гледам причина претставникот на предлагачот да не го усвои овој текст на преамбула и тие ја отстрануваат, во исто време, двосмисленоста на зборовите на нивната татковина. Исто така со овие измени се усогласува текстот во делот на слободите и правата на човекот и граѓаните со уставна терминологија и се уточнув завршниот текст на преамбулата со уставната определба од член 129 и член 131 од Уставот на Република Македонија која практично значи дека измените на Уставот во случајот се вршат преку измени и дополнувања во форма на амандмани.

Не сакам да пропуштам дека за пратеничката група на Нова Демократија сосема соодветна е и преамбулата во актуелниот Устав, но кога веќе се понудени измени, ние предлагаме овие измени да бидат прифатени преку нашиот поднесен амандман кои се сосема од јазична природа.

Од друга страна пратеничката група на Нова Демократија поднесува свои амандмани и во нормативниот дел на промените на Уставот и истите ќе бидат образложени соодветно. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратеници, од кои за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 на текстот на Предлогот на амандманот IV поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор претставникот на предлагачот г. Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? - Госпоѓа Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Овој амандман е соодветен на амандманот што го прочитав, но во делот на пречистениот текст, јас само во делумните измени кои ги бараме и заради тоа за него следи односно е истото образложение како претходното. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратеници, од кои за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Својот амандман на кој му беше редот г. Јордан Бошков со писмо до мене, го повлече.

Пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандмани за бришење на точката 2 на текстот на Предлогот на амандманот IV и за бришење на зборовите " амандман IV и бројот 1 и на текстот на амандманот IV " и истите ги повлече.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминувама на гласање за утврдување на предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на амандманот IV го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 91 пратеник, за гласале 73 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман на точка 1 за менување на став 1 на точка 1 за менување на став 2, на точка 1 став 3, точка 1 за менување на ставот 4 со два нови ставови, точка 1 за бришење на став 5 и на точка 1 за менување на став 6 и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандмани на точка 1 за менување на став 1, на точка 1 за менување на став 2, на точка 1 став 3, точка 1 за менување на став 4 со два нови става, точка 1 за бришење на став 5 и на точка за менување на став 6, по кои предлагачот не се произнел.

Пратеникот Саво Климовски, поднесе амандман за менување на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Кирил Андоновски, Ѓулистана Марковска, Михајло Георгиевски и Данило Глигоровски поднесоа амандман за менување на точката 1 и истиот е повлечен.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа аманмани за менување на точка 1 и истите се повлечени.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на точка 1 на ставовите 2,4 и 6, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Фадил Бајрами и Кастриот Хаџиреџа поднесоа амандман на точката 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на ставот 2, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров, поднесе амандман за бришење на амандманот V , по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Горѓи Тодоров, поднесе амандман за менување на точката 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров, поднесоа амандман за менување на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот V, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор г. Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Господинот Ѓорѓи Тодоров бара збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Амандманот V кој е предложен од страна на претседателот на државата заради подобра информираност на јавноста ќе го прочитам како гласи. Амандманот V: на целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член.

Личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик се издаваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговото писмо во согласност со закон. Кој било граѓанин што не е практицирано од било кој македонски граѓанин, туку се вели "било кој граѓанин", значи кој било граѓанин кој живее во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во комуникацијата со подрачните единици на министерствата, може да

употреби кој било од службените јазици и неговото писмо.

Подрачните единици надлежни за тие единици на локалната самоуправа одговараат на македонски јазик и неговото кирилско писмо како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

Секој граѓанин во комуникација со министерствата може да употребува еден од службените јазици и неговото писмо, а министерствата одговараат на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

Во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик може да се користи во согласност со закон.

Во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо за употрба на јазиците и писмата на кои зборуваат најмалку 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа одлучуваат органите на единиците на локалната самоуправа.

Вака предложениот Амандман V мислам дека не е во духот на меѓународните правила и прописи во поглед на тоа што во светот во кој живееме знаеме дека живееме во светот на нации. Ние сакаме да членуваме во Советот за безбедност на ОН каде што Република Македонија во преамбулата нема јасно дефинирано дека ние граѓаните на Република Македонија треба да бидеме една нација каде суверенитетот или моќта на нацијата произлегува од македонскиот народ. Не можеме да бидеме примени како членка во Советот на ОН каде сеуште се немаме дефинирано како нација и од тој аспект сме примени под привремено име БЈРМ.

Нашиот Устав, како што рековме ние како пратеничка група, не сме против промени не на овој начин во овој момент кога Република Македонија се уште го нема повратено својот територијален суверенитет и интегритет, се уште раселените лица не се вратени во општините од каде што се протерани насилно, се уште се војува, се уште се пука, се уште гинат наши полицајци, а ние овде амандманската расправа ја приврשуваме кон крај.

Мислам дека е ова непримерно за едни граѓани, за една нација. Ова го нема никаде во светот и од тој аспект сакам да кажам дека според овој предлог практично јазиците на сите национални малцинства што живеат во Република Македонија можат да бидат прогласени за службени јазици во локалните заедници заедно со макодонскиот јазик. Последново решение ќе доведе до голема конфузија како и до нови проблеми од правен карактор, како што е на пример дискриминација на сите други граѓани на Република Македонија кои но се вклопуваат во наведените проценти кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението е исто така официјален јазик и неговото писмо. Ако предлогот стане уставна норма, во таков случај состојбата ќе се усложни и на државно ниво. Во секој случај Ропублика Македонија би се движела во правец на пословено и поскапо, во економска смисла, решение за употреба на јазиците на припадниците на малцинствата од сите постојни држави во Европа. Со други зборови доколку воопшто некому му падне на памет да прифати такво решение, Република Македонија би била држава со таков модел на употреба на јазиците на националните малцинства каков што не познава организацијата на Советот на Европа, т.е. надвор од прифатените модели што ги нудат нејзините државни членки.

Правото на комуникација на мајчин јазик на националните малцинства во државен орган треба да се третира како лично право на секој граѓанин, а не тоа право да се ограничува со процент од 20% на застапеност на националносто малцинство во локалната заедница.

Со постојниот текст на Уставот на Република Македонија се задоволуваат сите права на националните малцинства согласно Повелбата на ОН за малцински јазици поради тоа предлагам понудениот амандман да се брише и да не се прифати. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 77 пратеника, за гласале 10, пратеници, воздржано гласале 8, против гласале 59 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 1 на текстот на Предлогот на Амандманот V , поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го помал претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 од тие за гласале 16 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против гласале 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 2 на текстот на предлогот на Амандманот V , поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, за гласале 13 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Отворам претрес по амандманот на точка 1 став 3 на текстот на Предлогот на амандманот V поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86, за гласале 10 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници, против гласале 60 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амаднманот на точка 1 за заменување на ставот 4 со два нови ставови на текстот на Предлогот на амандманот V, поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82, за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 17 пратеници, против гласале 57 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за бришење на ставот 5 на текстот на Прелдогот на амандманот V, поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 6 на текстот на Амандманот V, поднесен од пратеникот Стојан Андов

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 85, за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 на текстот на Предлогот на амандманот V поднесен од пратеникот Саво Климовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 за гласале 9 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници, против гласале 61 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на Передлогот на амандманот V, поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Збор има госпога Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Со предлогот се прави дистинкција помеѓу термините службен јазик односно категориите службен јазик и јазик во службена употреба.

Имено, очигледно е во предлогот, со тоа што се предлага да отпадне оваа одредба што отвора можност за јазик во службена употреба да можат да имаат и припадниците на националните малцинства кои што се под 20% од вкупното население во општината. Но, со отпаѓањето на таа одредба исто така се надминува и можноста да се комплицираат односите на ниво на локална заедница со што ќе се внесат големи пречки во комуникацијата на граѓаните на локално ниво со централните власти, но и со голем степен на компликации во меѓусебната комуникација на граѓаните.

Бидејќи досега не доби голема транспарентност тоа што значат уставни измени и Рамковен договор воопшто и тоа што до граѓаните не стасаа текстовите на амаднманите што нам денеска ни се предложени, повторно ќе го прочитам целокупниот амандман во што ќе биде содржана и измената на категоријата службен јазик и јазик во службена употреба, што ја предлага Пратеничката група на Нова Демократија. Тоа би изгледало вака:

"Во Република Македонија и во меѓународните односи на Републиката службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Во меѓународните односи во службена употреба може да биде и странски јазик и негово писмо, во согласност со закон.

Во единиците на локалната самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат друг јазик како мајчин, во службена употреба (тука е употребена измената на терминот) покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и тој јазик и неговото писмо.

Во службена употреба можат да бидат и мајчиниот јазик и неговото писмо на граѓаните кои претставуваат помалку од 20% во единиците на локалната самоуправа во согласност со закон.

Личните документи на граѓаните од став 2 на овој член се издаваат покрај на македонскиот јазик и неговото писмо и на мајчиниот јазик и писмо на тие граѓани во согласност со закон.

По барање на граѓанин, чиј мајчин јазик и писмо го користа помалку од 20% од граѓаните во локалната самоуправа личните документи исто така се издаваат на јазикот и писмото на тој граѓанин.

Во органите на државната власт во Република Македонија покрај македонскиот јазик може да се користи и јазикот на граѓаните од став 2 на овој член во согласност со закон.

Значи, со овој амандман се нуди ново решение на предложениот амандман V. Се врши повторно, како и на преамбулата, терминолошко уточнување во текстот во смисла на тоа што наместо зборовите "на целата територија во Република Македонија", треба да стојат зборовите "во Република Македонија", бидејќи територијата во Република Македонија е содржана во терминот "во Република Македонија". И наместо зборовите "службен јазик" треба да стојат зборовите "во службена употреба".

Посебно значење во понудениот текст на амандманот е тоа што сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивната национална припадност и бројност, ги доведува во сосема рамноправна положба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 87, за гласале 9 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници, против гласале 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 ставовите 2, 4 и 6 на текстот на Предлогот на амандманот V, поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше. - Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амаднманот на точка 1, за додавање нов став 2, по ставот 1 и на став 2 на текстот на Предлогот на амандманот V, поднесен од пратениците Фадил Бајрами и Кастриот Хацирецa.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Има збор господинот Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Ние мислиме дека и со ова решение албанците се ставаат како народ од втор ред во Македонија. Затоа, нашиот предлог гласи:

"Во Република Македонија како и во нејзините меѓународни односи службен јазик ќе биде исто така и албанскиот јазик и неговото писмо".

Со една ваква преформулација што би се направила на овој амандман, уште еднаш би се покажало поставувањето на целосната рамноправност помеѓу граѓаните од македонска и албанска припадност. И, сигурно како таков ќе служи за понатамошно јакнење и стабилизиање на меѓуетничките односи. А, со тоа за стабилизација на Македонија како држава.

Факт е дека една од најтешките форми на дискриминација што им е направена на албанците со децении по ред и која за жал ќе продолжи да се прави и со овие најнови промени има врска со ограничувањата што им се прават ним околу користењето на мајчиниот јазик.

Мислиме дека елиминирањето на било какво ограничување на ова право би претставувало една од најдобрите инвестиции за една подобра и помирна иднина и обратното, не би претставувала ништо друго освен влегување во една иднина полна со прашања, двоумења и наизменичн недоверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 за гласале 15 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 61 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 на текстот на Предлогот на амандманот V, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Има збор господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани дами, колеги пратеници, со прифаќање на предложениот амандман од страна на претседателот на Република Македонија се разбива лингвистичката јазична целина на државната територија на Република Македонија и со тоа се руши можноста за формирање на една единствена нација на Република Македонија, македонската нација која што треба да ги интегрира сите граѓани во Република Македонија.

При обидот за формирање на македонската нација со усвојувањето на овој амандман тоа ќе се оневозможи и негира од страна на македонските албанци кои токму овој член од Уставот, ако го прифатите вако каков што е, ќе го користат и укажуваат дека во Македонија има неколку службени јазици и тогаш ќе укажуваат на тоа дека во Македонија ќе треба соодветно на лингвистичката покриеност на територијата на Република Македонија да се формираат повеќе нации. Дека не е можно ние да формираме македонска нација бидејќи, како што реков, живееме во светот на нациите, тоа се Обединетите Нации. Затоа и се вика Обединети Нации.

Затоа предлагам овој текст на амандманот од страна на претседателот да не се прифати. Како што знаеме тој не се прифати и затоа да не испаднеме од ВМРО-Вистинска дека само критикуваме и дека немаме свое видување во однос на овој амандман, затоа го предлагам овој амандман V во точката 1 се менува и гласи:

"На целата територија во Република Македонија, во нејзините меѓународни односи национален службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Изучувањето и користењето на националниот службен јазик е право и обврска на секој граѓанин на Република Македонија.

Личните документи на граѓаните од македонската нација кои се припадници на националните малцинства, покрај националниот

службен македонски јазик и неговото кирилско писмо се издаваат и на јазикот и писмото на граѓанинот, припадник на националното малцинство, под услови и начин утврдени со закон.

Во одделни единици на локалната самоуправа граѓаните од македонската нација кои се припадници на националните малцинства, покрај националниот службен македонски јазик и неговото кирилско писмо може во службена употреба да го користат и јазикот и писмото на националните малцинства под услов и начин утврдени со закон".

Образложение: Со ваквиот текст на амандманот се задоволуваат во уставни рамки основните права на националните малцинства, согласно Повелбата на ОН за употреба на национални малцински јазици во кој текс на една национална држава со граѓанска опција, како и во останатите членки на ОН, како и членките на Советот за европска безбедност и соработка на европската заедница.

Со ваквиот текст на амандман се прави јасна дикција помеѓу терминот службен јазик и јазик во службена употреба. Првиот термин е резервиран само за македонскиот јазик како државен, национален јазик што се употребува на целата територија на Република Македонија и во меѓународните односи. Вториот, јазиците на националните малцинства кои се употребуваат само на локално ниво.

Со ова не се нарушува унитарниот карактер на државата како и јазичната целина како еден од основните елементи на националната држава, а се задоволуваат малцинските права, согласно Повелбата на ОН за употреба на национален малцински јазик.

Доколку се прифати понудениот амандман од страна на господинот претседател, како што реков во Република Македонија се воведува втор службен јазик што ќе биде користен утре за формирање на две нации во РМ. А, со формирањето на две нации директно одиме во федерализирање на Република Македонија, со право на можност на секоја нација до сецесија, што значи отцепување.

Затоа велам, со овие амандмани или уставни амандмани што се нудат ние ја зачнуваме можноста во Република Македонија да се воведат две нации, а тоа е втора нација, како што реков албанската нација со право на сецесија и отцепување. Затоа ги молам пратениците од македонскиот политички блок да не го поддржат овој амандман и да гласаат против него ако сакаат да формираме сопствена нација согласно принципите и повелбите на ОН и на тој начин рамноправно да се вклучиме во Советот за безбедност во ОН.

На овој начин, незнам дали сме свесни за грешките што ќе ги направиме со усвојувањето, ние индиректно, со прифаќање на овие уставни амандмани воведуваме мултиетничка држава каде што ниту Советот на Европа ниту ОН познава такво нешто. Од тој аспект ние индиректно објавуваме војна на Советот на ОН со едно вакво прифаќање бидејќи нема држава во светот и Европа каде сите држави се етнички чисти. Во секоја држава има мнозински народ околу кој што се формира и прави нацијата, нацијата е значи лингвистичка фонојазично говорно подрачје на целата територија, каде што во меѓунродното право се прифатени термините нации и оние граѓани кои живеат надвор од сопствената државна територија, се нарекуваат национални малцинства доколку имаат сопствена држава надвор од рамките на државата во која што се третира. Останатите граѓани што се припадници на мнозинскиот народ што ја формираат нацијата, тоа се етнички групи и ги уживаат сите права соодветно со националните малцинства.

Затоа велам, прифаќањето на овој амандман како што е предложен од страна на претседателот, ние фактички овој состав на ова Собрание пресудува некролог. Значи и ние ја погребуваме Република Македонија. Едноставно станувате гробари на сопствената држава. Затоа ве замолувам уште еднаш да не гласате за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да го искажам моето мислење за амандман V и како ќе гласам.

Со овој амандман, преку вториот став се сака да се официјализира албанскиот јазик како втор службен јазик.

Вториот став гласи: " Службен јазик ќе се смета секој јазик и неговото писмо кои го зборуваат најмалку 20% , на територијата на Македонија.

Според овој предлог сите други малцински јазици на кои зборуваат помалку од 20%, ќе бидат нарамноправни. Се добива впечаток односно ќе биде сигурно дека сите други јазици ќе бидат дискриминирани.

Според меѓународните стандарди и норми ова право е спротивно. Што ќе биде до колку побараат да Зборуваат на свој јазик и малцинствата кои се застапени со 1 или 2%, како што се србите, бошњаците, власите и тн. На ова прашање тешко може да се даде одговор затоа што, без разлика на процентот, комуницирањето е право на секој граѓанин. Тоа е лично право и секој граѓанин има право да комуницира на својот мајчин јазик. Како пример ќе наведам и други земји како што е Естонија и Летонија каде што преку 30 односно 40% малцинствата се застапени во тие држави, а имаат многу помали права од правата што ги имаат албанците. Или на пример во САД каде што има 45 милиони граѓани кои зборуваат шпански, а немаат официјален јазик како што бараат албанците. Според тоа, сите барања на албанците, се косат со

меѓународните стандарди. Ова е многу наивно и провидно.

Со официјализирањето на албанскито јазик Македонија ќе постане двонационална држава, а потоа се друго ќе биде полесно, ќе има и територијално разграничување. Повеќе од сигурно е дека на тој начин Македонија ќе се конфедарализира и следствено на тоа следи и нејзино распарчување. Недвосмислено мора да се каже дека Македонија има само еден официјален јазик и дека во Македонија има само еден народ. Сите други се малцинства, како што се: власи, турци, роми, албанци, срби, бошњаци и т.н. Сите тие заедно можат да живеат само ако ги почитуваат меѓународните стандарди. Во спротивно ако сите тие бараат свои права, тогаш ќе нема крај и нема да има мир во државата Македонија.

Со право, сега ги повикувам сите малцинства кои се малубројни, да бараат официјализирање и на нивните јазици, затоа што бројот не носи права, туку правата се ограничени спрема малцинствата.

Поради горе наведеното сметам дека ова барање е неуставно и второ се коси со меѓународните стандарди и не би смееле да го поддржиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници. За гласале 9 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници и против гласале 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Збор има г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се јавив не по амандманот, туку во врска со резултатите од листингот на гласањето на амандманот IV , а тоа е за предлог на преамбулата и утврдување на текстот на преамбулата.

После излегувањето на листингот, каде што е моето име и презиме стои дека сум гласал воздржано по предлог на преамбулата.

Мојот став за гласањето по таа преамбула, која е изгласана и која не го менува резултатот ни сега, ни после тоа, е "за" ако испаднало дали од технички причини, што незнам дали и понатаму ќе покажува такви резултати на моето гласачко место или навистина јас сум го погрешил копчето, незнам. Сакам јавно да кажам, мојот став е "за".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално збор бара г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, исто така од листингот се гледа дека, или не сме стигнале да притиснеме, зборувам во името на г-динот Мерсел Биљали, Абдула Алиу и во мое име дека ние сме "за", а таму стои не. Целата пратеничка група на ПДП гласаше "за".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е добра корекција.

Инаку сакам да ви кажам дека 15 секунди трае тоа гласање и човек треба да е концентриран тогаш.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Да се констатира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа си влегло во стенограмот. Пратениците се изјаснија за што се. Инаку гласањето не се поправа. Нема што јас да констатирам. Тие пратеници сами си констатираа. Секој сам си кажа. Се кажа за кои се однесува.

Еве и координаторот на ВМРО-ДПМНЕ се јавува дека и таму се јавила грешка.

Значи сите сте "за", а не сте притиснале на време.

Добро. Резултатот е позитивен и е утврден тој предлог.

Процедурално за збор се јавува г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дино претседателе, имам една забелешка.

Бидејќи гласањото трае 15 секунди, кога има некои поважни амандмани, нека биде 30 секунди за да може и други да влезат, за да можат да стигнат да гласаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте ве молам. Сосома е доволно 15 секунди.

Продолжуваме со работа.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Проминуваме на гласањо за утврдување на продлогот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Текстот на предлогот на амандманот V го ставам на гласање.

Ве молам да гласамо. - Вкупно гласало 88 пратеници.

За гласале 77 пратеници, воздржано гласале 1 пратеник и против гласале 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на предлогот на амандманот VI на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амандманто VI на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за менување на точка 1 и на точка 2 и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за менување на точка 1 и на точка 2 по кои предлагачот не се произнел.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за менување на текстот на предлогот на амандманот VI и истиот е повлечен.

Пратениците Кирил Андоновски, Ѓулистана Марковска, Михајло Георгиевски и Данило Глигоровски поднесоа амандман за бришење на амандманот VI и истиот е повлечен.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандмани за менување на амандманот VI и истите се повлечени.

Пратеникот Никола Јованов поднесе амандман за менување на амандманот VI по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандмани за бришење на амандманот VI и за менување на амандманот VI по кои предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на амандманот VI по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на предлгот на амандманот VI поднесен од пратеникот Горѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ** :

Амандманто не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани дами и господа пратеници, со прифаќањето на амандманот VI, со постојниот текст од член 8 од Уставот на Република Македонија се задоволуваат сите права на националните малцинства, согласно Повелбата на ОН за изразување на малцинските права во државите со унитарно уредување. Затоа предлагам овој амандман да се брише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

За гласале 7 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници и против гласале 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на предлгоот на амандманто VI поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ - Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ** :

Амандманто не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

На самиот почеток на образложението на поднесениот амандман од страна на пратеничката група на Нова Демократија сакам да приговорам на терминот заедници кој е неправилно и непреецизно избран термин, кој провејува и натаму во другите амандмани поднесени од страна на предлагачот на наормативнито текст на Уставот на РМ. Имено во овој амандман и понатаму пратеничката група на Нова Демократија интервенира на тој термин и го заменува со терминот национална припадност што е сосема соодветен на терминот од актуелниот Устав, во член 8 став 1, алинеја 2.

Во делот на амандманот кој го поднесуваме, кој се однесува на соодветната и правична застапеност на граѓаните во РМ, во делот на вработувањата во јавната администрација, додавката која ние ја имаме со нашиот поднесен амандман, врз основа на стручност и компетентност утврдена врз основа на јавен оглас, значи дека со таа одредба треба да важи вработувањето на сите граѓани на РМ во државната администрација и во јавните институции, а не само на припадниците на националните малцинства. Но тука треба да се изврши интервенција и таа интервенција треба да се изврши и во Уставот, иако е тоа управна и законска материја и може да се спушти на едно пониско ниво. Но за да се поштеди идниот развој од некомпетентната администрација мора да се вградат и овие елементи кои ги предлагаме со поднесениот амандман.

Амандманот би гласел: - Соодветната и правична застапеност на граѓаните од различна национална припадност во органите на државната власт и локалната самоуправа и другите јавни служби

на сите нивоа, врз основа на стручност и компетентност, утврдени на јавен оглас.

Со овој амандман се додава и нова алинеја 2, а постојните алинеи се поместуваат за едно место подолу. Новина во овој амандман е тоа што соодветната и правичната застапеност се подигнати на ниво на засебна темелна вредност на уставниот поредок на РМ и во него е вградено уставноправна терминологија за органите на државната власт, локалната самоуправа и јавните служби. Со тоа ќе се овозможи правична и соодветна застапеност, но и стручност и компетентност во пополнувањето на работните места во јавната администрација и сето тоа врз основа на објавен јавен оглас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање. - Молам, да гласаме?

Гласале вкупно 88 пратеници. За гласале 7 пратеници, воздржано 18 и против гласале 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на предлогот на амандманот VI поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на галсање. - Молам да гласаме?

Гласаа вкупно 85 пратеници. За гласаа 5 пратеници, воздржано 16 и против гласаа 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 2 на текстот на предлогот на амандманот VI поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ** :

Амандманто не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Гласале вкупно 89 пратеници, за гласале 4, воздржано гласале 14 пратеници и против гласале 71 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на предлогот на амандманот VI поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ** :

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Преформулацијата на амандманот се однесува на исфрлање на терминот правична застапеност, бидејќи навистина е еден термин кој не може да ја отслика основната идеја на амандманот. Значи се отфрла терминот правична застапеност и се додава уште квалификациите и стручноста, како еден од условите за соодветна застапеност на граѓаните, припадници на националните малцинства во органите на државната управа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ: (Продолжение)**

Вкупно гласале 81 пратеник, "за" гласале 5 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на предлогот на Амандманот VI, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ѓорѓи Тодоров бара збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги, пратеници, со Амандманот VI, кој што е предложен од страна на претседателот на Република Македонија кој гласи: "Соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции за сите нивоа." Тоа е точка еден.

Во точка 2: "Со точка 1 на овој амандман се дополнува алинеја 2 на членот 8 на Уставот на Република Македонија". Алинеја 2 од Уставот на Република Македонија гласи: "Слободно изразување на националната

припадност", што значи дека ништо не е скратено на националните малцинства. Со овој амандман се сака да се промовира терминот "заедница", за кој термин рековме дека е нејасно дефиниран и формулиран, а зад кој се крие национална заедница, односно втората нација на Република Македонија, бидејќи утре албанците упорно ќе не убедуваат дека зад терминот "заедница" се мисли на втората нација на Република Македонија, каде што тоа е јасно дефинирано во амандманот член 9, каде што се зборува за комитет за меѓунационални односи, кој термин кажува нешто друго, но за тоа тогаш.

Мислам дека не е во духот на граѓанскиот концепт овој амандман и од тој аспект предлагаме нов амандман кој гласи:

"Соодветна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на националните малцинства на органите на локалната власт и другите јавни институции на локално ниво и во подрачните единици на државната власт, врз основа на стручност и компетентност, утврдена врз основа на јавен оглас, односно конкурс".

Значи, се нуди можност во подрачните единици на локалната самоуправа во државните органи да се воведе еднаква застапеност, но под еден услов, а тоа е стручност и компетентност утврдена врз основа на јавен оглас, каде што ќе се пропишат соодветни норми и прописи во врска со таа застапеност.

Со предложениот амандман се изоставува терминот "правична застапеност", кој има филозофско, а не правно значење и затоа соодветен термин кој што има правно значење е терминот "соодветна застапеност", додавката врз основа на стручноста и компетентноста, треба да овозможи квалитетно и ефикасно работење на локалната власт и во подрачните единици на државната власт, сместени во единиците на локалната самоуправа. Бидејќи овој амандман е во духот на концептот "граѓанска држава", што значи не ги загрозува ничии права, бидејќи со Уставот на Република Македонија или со било кој закон, ниеден граѓанин во Република Македонија не е дискриминиран. Како што реков, сите овие амандмани што се предлагаат се во една единствена насока и цел, а тоа е федерализирање на Република Македонија. Ако добро ги проанализирате ќе видите дека токму тоа се крие. Утре, бидејќи албанците во Република Македонија кажаа дека не се задоволни со овие измени на Уставот и дека овие измени на Уставот не ги задоволуваат нивните барања, ова е можност и отвора нова врата за нови барања, се до федерализирање на Република Македонија и до сецесија односно отцепување. Ако сакате тоа да се случи, тогаш гласајте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници, "за" гласале 7 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на Амандманот VI на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор: (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот, Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Минуваме на гласање за утврдување на предлогот на Амандманот VI на Уставот на Република Македонија.

Текстот на предлогот на Амандманот VI го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 94 пратеници, "за" гласале 80 пратеници, "воздржано" гласал 1 пратеник, "против" гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот VI на Уставот на Република Македонија.

Повеќе пратеници ми обрнаа внимание дека не се ручани и сакаат да ручаат. Ве молам, ако работиме, а некој руча, нема да го има во листингот на гласање и непотребно ќе констатираме дека вака или така се однесувал или незнам што.

Предлагам овде да ручаат сите и да продолжиме во 16,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,10 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мнозинството на пратеници е присутно во салата, можеме да работиме и Собранието може да одлучува.

Продолжување со утврдување на предлогот на Амандманот VII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Амандманот VII на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за бришење на Амандманот VII по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Насер Зибери, Абдула Алиу, Абдурахман Алити, Мерсел Билали, Азис Положани, Исмет Рамадани, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харуни, Аслан

Селмани, Абдуладж Вејсели, Фадил Бајрами и Кастриот Хаџиреџа поднесоа амандман за менување на точките 1 и 2, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на Амандманот VII по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за менување на Амандманот VII по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на предлогот на Амандманот VII, поднесен од пратеникот Саво Климовски и пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Ќе причекаме додека дојде претставникот на предлагачот.

(Пристигна претставникот на предлагачот господинот Љубомир Фрчковски).

Им забележувам на претставниците на предлагачот дека беа тука кога кажав дека во 16,30 часот ќе продолжиме со седницата.

Молам сега да продолжиме.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на предлогот на Амандманот VII, поднесен од пратеникот Саво Климовски и пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Амандманот VII, да потсетиме се однесува на црквата, Македонската православна црква и спроед нашето образложение, предлагаме овој амандман, значи, предлогот на амандманот да се брише, да остане постојното решение на членот 19 на Уставот, бидејќи сметаме дека ваквото решение соодветствува на местото и положбата на верските заедници и религиозните групи во Република Македонија и воопшто не прави никаква дискриминација меѓу нив. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, предложениот Амандманот VII, кој се однесува на МПЦ, каде покрај МПЦ, Исламската верска заедница во Макддонија, Католичката црква и другите верски заедници, се извинувам, го имам припремено Амандмант VII, кој што е предложен, но ќе кажам дека се однесува за измена, покрај МПЦ, со исто значење се воведуваат и Исламската верска заедница, се воведува и методистичко евангелистичка православна црква, на која што е и припадник и предлагачот. Мислам дека кога го биравме за претседател во неговата програма немаше предлог дека ќе го менува Уставот и во Уставот ќе прави измени односно ќе ја предлага неговата црква, која е една од сектите на христијанската вера, дека ќе биде вметната и рамноправна во Уставот на Република Македонија. Со предложениот текст, со постојниот текст на член 19 со кој што се загарантирани правата на вероисповед на сите граѓани на Република Македонија и не се загрозува правото на вероисповест, предлагам овој амандман да се брише, предложениот текст на Амандманот VII, со кој се предлагаат измени во постојниот член 19 од Уставот на Република Македонија, а кој се однесува на МПЦ се неиздржани, бидејќи во Република Македонија мнозински народ се етничките македонци, чија вероисповед е православна вера. Постојниот член 19 од Уставот не го загрозува правото на граѓаните од друга вероисповед. Македонскиот народ во верата е следбеник на Исусовото учење на Богот Исус, синот божји, уште пред 2.000 години, кое учење го имаат прифатено од Апостол Павле, кој пред 2.000 години ја посетил оваа македонска држава и ја проповедал Исусовата вера. Слободно може да се каже дека македонската православна вера за македонскиот народ има фундаментално значење и е мајка на сите мајки во православната вера и една од најстарите вери која не учи према Библијата. Сите други вери се секти на православната вера и затоа мислам дека не држи место во Уставот на Република Македонија да се впишуваат рамноправно со нив и други вери кој што се секти од македонската православна вера.

Затоа предлагам овој амандман да се брише, бидејќи со постојниот амандман не се загрозува вероисповеста на ниеден граѓанин во Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, пред половина час имавме пауза, излегов надвор и ме сретнаа неколку граѓани. Ме прашуваат, дали пратениците од СДСМ и ДПМНЕ се заинтересирани ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

За седмиот амандман дискутирај, остави надвор што било.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Сакам да кажам граѓаните што ми кажаа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувам за амандманот седум. Прикаскиte се за надвор и надвор ќе ги кажувате. Ве молам, за амандманот седум зборувајте.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Изненаден сум од посебниот однос на овие две политички партии. Македонското национално опстојување низ вековите било проткаено со црквата. Многу брзо го заборавивме сето она што го дава црквата за опстанок и она што сега ние го имаме.

Црквата била духовно огниште на се она што имаме. Благодарени на црквата денес ние успеавме да ја задржиме нашата писменост, нашиот јазик, нашата култура. Некои многу брзо се откажуваат од црквата. Јас незнам кои се причините што толку пасивно се однесуваме према црквата. Имавме можност во едноумието да ја отргнеме црквата од нас, односно да станеме понебожни или да се одвоиме од црквата.

Господо, црквата не е ништо друго, туку едно учење, кое учење не учи само на добро, да се сакаме и да се почитуваме. Црквата воопшто не не учи лошо. Навистина, не можам да сфатам зошто од црквата бегаме како ѓаволот што бега од оганот. Многу земји во светот и Преамбулата ја започнуваат токму со црквата. А, ние, упорно настојуваме да се одалечиме од црквата.

Македонија била под повеќе ропства. Благодарение на црквата ги издржа сите тие ропства, меѓу кои ќе го напомнам најдолгото ропство пет и пол века, турското, кое успеа да ги задржи своите цркви и манастири и да гради нови цркви. Да и сега ќе градиме, барем тие што ги срушивте, ако не други. (Ова е одговор на една провокација на еден пратеник од ПДП).

Благодарение на тие цркви, денес ние опстојуваме. Но, ќе завршам со тоа, жалосно што она што не може да ни го направи непријателот, да не сруши, се рушиме и се уништуваме самите себе. Крајно е време некој да се најде и да не обедини. Не можам да сфатам пак од лидерите на политичките партии зошто не успеаа да не свикаат да се договориме околу виталните интереси на македонската држава. Постојано вршиме отстапки. Се откажуваме од јазикот, се откажуваме од црквата, дозволуваме друг да владее со нас. До кога, прашувам, вака? Крајно е време еднаш да сфатиме дека државата е на македонскиот народ. Македонскиот народ е должен да одлучува за својата судбина. Никој не може да се меша во внатрешните работи на државата.

Господо пратеници, крајно е време да размислите дали ќе се откажете и од црквата, како и од претходните други амандмани. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Господин Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Навистина, немав намера да излегувам, но следејќи ја целата атмосфера, гледам дека сите се чувствуваме некако шашардисани во моментов, поточно од моментот, од кога почнавме да гласаме овде, затоа што мора јавно да признам дека ова што денес го правам како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, воопшто не ми се допаѓа и не ми се вклопува во она за што јас влегов во оваа политичка партија. Но, тоа во моментов можеби и не е битно ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да, за процедурата, нели, колку што другите говореа за процедурата, сакам да проговорам за моменталното мое разположение и она што го чувствуваат пратениците и на ВМРО, претпоставувам и на другите македонски пратеници, иако не си земам за право да говорам во името на СДСМ. Апсолутно, го немам тоа право. Морам да се каже отворено дека ова што денес го работиме е под максимален притисок на Запад, на безобразието на одредени западни пратеници, чест на ретки исклучоци, имиња нема да спомнувам. Пред два дена едно такво име во дневниот весник "Дневник" беше спомнато, од кои причини, претпоставувам дека прочитавте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, за исповеди немојте тука да зборувате.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ова е во функција на амандманот околу МПЦ. Како македонец, како православен и човек кој ја почитува оваа вера, ова е само вовед.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (продолжение)

Исто така мора да се каже дека притисокот не застанува само на она што значи вербален дуел, туку имавме и отворени претења од одредени претставници на НАТО дека до колку Македонската полиција не се повлече од Тетово после загинувањеот на тројцата полицајци, дека може да се случи и да не бомбардираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема да не бомбардираат.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас реков дека може да се случи, не реков дека ќе не бомбардираат, не дај боже?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, некој ќе поверува. Ние да не шириме такви алармантни работи.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас не ширам. Мора да ја кажеме вистината овде, дека најотворено, набезобразно претат и дека не ставаат пред свршен чин денеска против сопствената волја јас како Александар Флоровски, како верник, како хистијанин да притиснам нешто што е против сопствената волја. Тоа сакам да го кажам.

Уште една работа, г-да од ВМРО-ВМРО, поточно мојот почитуван колега Вангел Симев, ситуацијата во која се наоѓаме ја знаете премногу добро. Ве молам, немојте повеќе да не иритирате, да ни ставате сол на она што значи Македонска рана. Да не говорам дека кои блокади можат да настанат и финансиски и политички. Значи мојот апел се состои во тоа што лошо е да се гради политички маркетинг врз тажната судбина на Македонската држава, затоа што ниеден од нас како Македонец без разлика на политичката опција ја прижелкувал.

Очигледно е дека сме слаби играчи и како држава и како Македонци. А зошто говорам слаби играчи, се надевам дека во една друга прилика ќе имам шанса тоа да го образложам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се извинувам, возрасни сте и немој да пцуете.

Г-дине Флоровски точно е, има слаби играчи и добри играчи и многу добри и обични играчи. Слабите играчи ќе си седат резерва тие што не ги бидува, ќе бидат заменети со квалитетни играчи. И се бара квалитетна игра и постигнување на добри резултати. А бидејќи резултатите ваши се многу слаби крајно време е да си одите и да си дадете оставка ако не ве бидува и да бидете заменети со подобри. А дали вие ќе гласате или не, прво кажете ја вистината кој ве присилил еднаш кажете со име и презиме, кажете кој. Кој ви го напишал Рамковниот договор, време е да кажете. Зошто не кажувате, цело време молчите и никој неможе да ве присили да гласате. А немојте со игри, ние четири-пет пратеници ќе бидеме бучни, ќе го браниме Рамковниот договор или амандманите, а другите ќе молчат и ќе гласаат. Па целиот Македонски народ тоа го знае, што мислите дека се неписмени? Па не постои Македонец без средно образование, да не речам просек вишо образование. Сите знаат што се кува. Но, крајно време е отворено да проговорите за вистината.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Деловничкото право како треба, односно како ќе се декларира во однос на некој амандман пратеникот, јас го сваќам како право да се декларира како: ќе гласам, или нема да гласам. Затоа ова нека биде деловничка интервнеција или пак процедурално, како сакате, но ниту е времето, ниту има простор, ниту според мене е деловничко право со некои празни фрази некои колеги овде што веќе ние сме ги слушнале 100 пати, а и јавноста ги слушнала. Сега почнаа овде и со улични зборови, па ако се впуштиме во такви авантури и ако вие дозволите, еве, јас да ви доставам до знаење дека во одмор фрлале со камења некои на улица, а тие впрочем ако ги дозволите и вие, сега да не викам конкретно, но вие како претседател конкретно, но можете да превземете мерки да не лаат цел ден тука, бидејќи имаат свои пртставници и можат да укажат и да се изразат во нивно име. Затоа, нека биде и укажување во име, мислам дека сите пратеници ќе се сложат дека ги оставаме колите со кои доаѓаме овде во Собрание 500 до 1000 метри далеку од Собранието. Затоа барам од утре ако работиме утре да се обезбеди паркот пред Собранието. А јавно декларирам, пред Собранието ќе ја паркирам колата и никаде на друго место: Службите нека ја отстранат. Лично изјавувам дека нема на друго место да ја паркирам колата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако ги измешаме сите работи, далеку ќе одиме.

Ќе добиете писмен допис за паркирањето.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван Г. претседателе на Собранието, Г. Билал Љутвии јавно кажа дека некој пред Собранието лае. Мислам дека таква терминологија, револтиран сум од тоа. Македонските граѓани кои што не се задоволни од работата на овој Парламент не се кучиња да лаат пред Собранието, барам јавно да се извини на Македонските граѓани кои што јавно го манифестираат своето незадоволство пред Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За такви неугодности и лоши изрази кои често овде се присутни, јас се извинувам на граѓаните.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за амандманот на Ѓорѓи Тодоров и Саво Климовски.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратеници, за гласале 10 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против галсале 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точките 1 и 2 на Текстот на предлогот на амандманот 7 поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдула Алиу, Абдурахман Алити, Мерсел Биљали, Азис Положани, Исмет Рамадани, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харуни, Аслан Селмани, Абдулади Вејсели, Фадил Бајрами, Кастриот Хаџиреџа.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

(Пратеничката група на ПДП од место кажува дека амандманот се повлекува).

Дали од сите се повлекува амандманот? Не.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се повлекува, бидејќи Г. Фадил Бајрами не се повлекува, се јави за збор.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Ние не се повлекуваме од овој амандман и ми е жал зошто пратеничката група на ПДП се повлекува од овој амандман кога веке тоа е за рамноправност на сите верски заедници. Затоа ние остануваме на овој амандман и понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

И како пратеничка група и лично мислам дека и понатаму сме убедени до крај дека овој амандман треба да се прифати од колегите пратеници, затоа што верските заедници со овој амандман се ставаат во иста положба, а воедно и самиот редослед на верските заедници без градација придонесува на еден начин да се свати дека и врз верска основа граѓаните во РМ се рамноправи. Но, навистина ние и во времето кога беше како предлог амандман, односно амандманот од претседателот на државата неколку пати интервениравме, меѓутоа по се изгледа понекогаш сенсот, или чувството за тоа што значи рамноправност врз верска основа не се свати. Мислам дека е моментот кога имате конкретен амандман и се надевам дека ќе имаме поддршка и од другите колеги пратеници, така што ќе имаме доблест до крај барем и врз основа на тоа што значи рамноправност на верските заедници да гласаме за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го закклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гла.сале 92 пратеници, за гласале 21 пратеник, воздржано гласале двајца пратеници и против гласале 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на Предлогот на амандманот VII поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Бидејќи ние бевме против менување на член 19 кој што се однесува за МПЦ и да не испадне дека самокритикуваме, еве предлагаме и свое видување во врска со амандман 7 како треба да изгледа и гласи. "МПЦ, другите верски религии и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред Уставот и законот. МПЦ, другите верски религии и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со Закон" Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 3 на член 19, а со точката 2 се заменува ставот 4 на член 19 од Уставот на РМ. Овој текст на амандманот од постојниот член 19 на Уставот на РМ се исфрла зборот "заедници" од синтагмата "верски заедници", бидејќи под терминот верски заедници недоволно јасно се дефинира всушност за што станува збор, за какви верски заедници се работи. Дали се мисли на некакви верски религии. Ако е тоа, тогаш треба и така да се напише за да не се создава забуна, двосмисленост, а одтука и конфузија. Воден од таквата идеја го предлагам овој амандман заради прецизирање на одредени состојби во верските религии со надеж дека ќе бидам правилно разбран и барам поддршка од сите колеги пратеници да гласаат за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници, за гласале 5 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 72 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претерес по текстот на Предлогот на амандманот 7 на Уставот на РМ.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 7 на Уставот на РМ.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Текстот на Предлогот на амандманот 7 го ставам на гласање

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници и против гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот 7 на Уставот на РМ.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот 8 на Уставот на РМ.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 8 на Уставот на РМ.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандмани на точка 1 за додавање нов став по ставот 1 и на точка 1 став 1, 2, 3 и 4 по кои предлагачот не се произнел.

Пратениците Фадил Бајрами и Кастриот Хаџиреџа поднесоа амандман на точка 1 став 4 по кои предлагачот не се произнел.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандман за менување на точката 1 по кој предлагачот не се познел.

Пратениците Насер Зибери, Абдула Алиу, Абдурахман Алити, Мерсел Билали, Азис Положани, Исмет Рамадани, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харуни, Аслан Селмани и Абдулади Вејселни поднесоа амандман на точка 1 за додавање нов став 5 по ставот 4 по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амандман 8 по кој предлагачот не се произенл.

Пратеникто Ѓорѓи Тодоров, поднесе амандман за менување на точка 1 по кој предлагачот не се произенл.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на точка 1 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандман 8 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, амандманот 8 предложен од страна на претседателот гласи: Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и веркиот идентитет на сите заедници. Припадниците на заедниците имаат право да основаат културни, уметнички, образовни институции како и научни и други здруженија заради изразување, негување и развој на својот идентитет. Припадниците на заедниците имаа право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со Закон во училиштата во кои образованието се одвива на друг јазик се изучува и македонскиот јазик. Со овој амандман се заменува членот 48 на Уставот на РМ.

Овој предлог на амандман не е прифатлив за нашата пратеничка група. Со предложениот амандман 8 во кој се употребуваат несоодветни термини за една уставна категорија и со нивната примена се ствара забуна и конфузија која не нуди економски напредок и просперитет во сите сфери на животот на граѓаните и на ниво на државата Македонија. Сметам дека ваквиот предлог за сите пратеници би требало да биде неприфатлив. У затоа предлагаме негово бришење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале вкупно 89 пратеници. 7 пратеници гласале за, воздржано гласале 9 пратеници и против гласале 73 пратнеици.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за додавање нов став по ставот 1 на текстот на Предлогот на амандманот VIII поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 77 пратеника. За гласале 9 пратеника. Воздржано гласале 11 пратеника. Против гласале 55 пратнеика.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 став 1, 2, 3 и 4 на текстот на Предлогот на амандманот VIII поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОНМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Биидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 89 пратеника, од кои за гласале 8, воздржано гласале 10 и против гласале 71 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 став 4 на Текстот на Предлогот на амандманот VIII, поднесен од пратениците Фадил Бајрами и Кастриот Хаџиреџа.

Молам, претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Основното и средното образование се решени со Устав и затоа ние мислиме дека најдобро решение би било и високото образование на албански јазик да се реши со Устав. Ваквата преформулација на овој амандман би преставувала најрамноправен и дефинитивен начин за решавање на една толку чувствителна проблематика како што е правото на високо образование на мајчин јазик.

Ова право досега на арбитрарен начин им било негирано на албанците и како такво преставувало постојан извор на заострување на меѓуетничките односи во земјава.

На мислење сме дека со дефинирањето на ова право со новиот Устав би се избегнале целосно многубројните проблеми кои пак би можеле да произлезат доколку истата проблематика се остави да се регулира со посебен закон. Нецелосното решавање на ова чувствителна проблематика би придонело за повторно заострување на меѓуетничките односи во земјата а чии последици би можеле да бидат уште поголеми и потешки од сегашните.

Сведоци сме дека сите политички партии досега албански и сите ние пратениците ги добивме изборите кажувајќи дека ќе се залагаме тетовскиот универзитет да биде рамноправен универзитет со другите универзитети и да може да се финансира од државата. Очигледно дека досега и со овој амандман најтешките проблеми и најчувствителните проблеми на албнаците не сакаат да се решат. Тоа е преамбулата каде веќе остануваме малцински народ, тука е веќе несакањето да се реши и употребата на албанскиот јазик како рамноправен со македонскиот, се остава нерешен проблемот со универзитет, тетовскиот универзит кога веќе сега знаеме дека се во прашања 13 илјади студенти албанци што веќе бараат решение. Јас не можам инаку да го третирам ова прашање посебно кога се во прашања албанските пратеници освен издајништво на интересите на албанците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклчувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратнеици. За гласале 21 пеатеник, воздржано гласале 4 пратнеици и против гласале 64 пратнеииц.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1, на текстот на Предлогот на амандманот 8 поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 88. За гласале 6 пратнеика. Воздржано гласале 6 пратнеика. Против гласале 76 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точката 1 за додавање нов став 5 по ставот 4 на текстот на Пределогот на амандманот VIII поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдула Алиу, Абдурахман Алити, Мерсел Билали, Азис Положани, Исмет Рамадани, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харуни, Аслан Селмани и Абдуладi Вејсели.

Молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКВОСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресдот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 94 пратнеика. За гласале 20 пратнеика, воздржано гласале 7 пратеника, и против гласале 67 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот за менување на точката 1, на текстот на Предлогот на амандманот VIII поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Ѓорѓи Тодоров има збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, овој амандман исто така претставува или има фундаментална улога и значење во поглед на употребата на јазиците и другите симболи на националните малцинства. Од тој аспект, бидејќи имавме предлог за амандман VIII, да се брише, како предлог од страна на предлагачот, бидејќи не помина предлагаме свој амандман кој гласи:

"Припадниците на националните малцинства имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите национални малцинства.

Локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти и другите јавни места, разни манифестации непосредно до националните симболи на Република Македонија да го употребуваат симболот на своите национални малцинства во согласност со закон“.

Како новина се предлага за симбол на националното малцинство ќе се смета симболот кога во апликацијата на симболот на националното малцинство во горниот лев агол на површина од една четвртина се поставува националниот државен симбол на Република Македонија. Република Македонија има ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите национални малцинства.

Припадниците на националните малцинства имаат право да основаат културни, уметнички и образовни институции, како и научни и други здруженија заради изразување, негување и развивање на својот идентитет.

Припадниците на националните малцинства имаат право на настава на својот јазик во основното и средно образование на начин утврден со закон.

Во училиштата во кои образованието се одвива на друг ја-зик задолжително се изучува македонскиот јазик.

Во овој амандман провејува терминологијата "национални малцинства" и "македонска нација" соодветно на меѓународните норми правила и прописи.

Со овој текст на амандманот од понудениот амандман VIII на предлагачот на амандманот на Уставот, на Република Македонија се исфрла зборот "заедница", бидејќи тој збор како што е даден преставува недефиниран поим и остава можност секој да го сваќа или толкува на свој начин за свои цели и од свое гледиште.

Овој поим е надвор од уставна категорија и е недопуштиво за еден сериозен устав на една сериозна држава, како што е Република Македонија со недефинираноста на поимот "заедница" не е јасно дали се однесува на македонска заедница, или пак на заедниците како синоним на сегашните националности односно национални малцинства како меѓународна категорија.

Терминот што го предлагам "национални малцинства" е термин на меѓународно право. Овој термин е далеку попрецизен од терминот "заедници" во светот на нациите.

Конфузијата што произлегува од повеќезначноста и несоодветноста при примената на поимот заедници само може да донесе недоразбирања и проблеми на односите помеѓу македонската нација и националните малцинства и како таква категорија не треба да се применува и употребува, туку во употреба и примена треба да бидат меѓународните поими и норми во уставна категорија, како што е дадено во овој Предлог амандман.

Со овој предлог амандман што го даваме имаме јасно дефини-рани поими и ситуации усогласени со меѓународната законска легислатива за категоријата Устав. Од тој аспект сметам дека вашето разбирање и поддршка за овој Предлог амандман ќе ја добијам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувнаи дами и господа пратеници ако од нешто не сум задоволен покрај стручноста на Рамковниот договор исто така забележувам што терминолошки има многу отстапки. Посебно, го гледам овде еден од советниците, г-динот Фрчковски, кој е интелектуалец, а, не обрна доволно внимание на терминологијата. Сметам дека има недоволно изградени национални чувства. Се однесува, поточен да бидам, во заедниците. Целиот свет за зборот заедници употребува збор малцинства. Ако постои терминологија светска зошто таа терминологија ние не ја прифативме. Зошто измислуваме постојано некои хибридни решенија, со терминологијата си поигруваме. Може двосмислено да се свати дека заедниците може да биде македонска заедница, албанска заедница и заедница на другите малцинства. И, да се свати како заедница на малцинствата и тој збор е неприфатлив терминолошки. Многу подобро би било, како што има целата меѓународна јавност прифатено терминот малцинства. Јас незнам зошто се бега од вистината. Еднаш засекогаш тој проблем ќе беше решен, а вака останува проблем и дилема постојано да се расправаме што значи терминот заедница.

Исто така, беше спомнато и високото образование.

Господа пратеници македонци со албансмко потекло. Најпрво баравте основно образование и бевте пресреќни кога ви дадовме основно образование. Оној момент кога добивте основно образование бевте незадоволни, веднаш побаравте средно образование. Кога го добивте и средното образование пак незадоволни и високо образование. Треба да знаете дека и финансирањето во западните земји ако сака

некој на мајчиниот јазк да се образува и надградува тој ќе си го спроведе со свои финансиски средства, или државата под која што припаѓа како малцинство. Сега барате високообразование. Македонија доволно е сиромашна да неможе да обезбеди ни високо образование за своите студенти, а не да обезбедува и за малцинствата. Замислете што би било кога и другите малцинства би барале високообразование на свој мајчин јазик. Тогаш би требало Македонија да има 6-7 универзитети за сите малцинства. Господо тоа е неизводливо и во ниедна земја го нема. Треба еднаш да прекратиме со барања кои навистина се неиздржани и кои навистина носат немир.

Исто така, сакам да кажам околу националните симболи дали треба да се истакнуваат или не треба да се истакнуваат и како треба да бидат дефинирани.

Јас сметам дека симболите не се доволно дефинирани. Мора да биде јасно и прецизно кажано дали симболот треба да биде идентичен на некоја од соседните земји или на некоја туѓа држава, бидејќи знаеме ние албанското постојано истакнува симболи на туѓа држава на Албанија. Тоа е недозволиво. Мора точно и прецизно да се каже дека симболи на туѓа држава не смеат да се истакнуваат и да бидат прифатени.

Исто така треба да биде кажано прецизно покрај симболот што го истакнува малцинството треба да биде истакнато, тоа се подразбира некој ќе рече и македонското знаме. За жал тоа не е сторено.

Или во истиот симбол да биде вметнато и македонското знаме и симбол на малцинствата. Сметам дека тој закон би бил многу попрецизен и не би создавал проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеника. За гласале 6 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници и против гласале 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за изменување на точката 1, на Текстот на Предлогот на амандманот VIII поднесен од пратениците, Ристо Спанаќов, Наталија Марковиќ - Димова, Павле Тодоров и Чедо Петров.

Молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Наталија Марковиќ Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Суштината на поднесениот амандман на амандманот VII е за употребата на терминот заедници. Имено, терминот заедници доминира во сите 15 амандмани кои што се однесуваат на нормативниот дел од Уставот на Република Македонија. Тука се поставуваат две прашања.

Дали суштината на употребата на терминот "заедници", со кој што завршува дека Македонија е држава на релевантни заедници, дали може да постојат и ирелевантни заедници и дали е тоа правилно, прецизно избран правен термин кој што е соодветен на овие измени што ни се нудат.

Предлогот на пратеничката група на Нова Демократија, кој што го дава овој амандман е овој термин да се замени со категоријата "национална припадност", која што е апсолутно соодветна на постоечкиот Устав и на член 8 став 1, алинеја 2, од Постоечкиот Устав.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ ДИМОВА:**

Тоа би значело дека амандманот VIII точка 1 се менува и гласи:

Граѓаните со национална припадност различна од националната припадност на другите граѓани во Република Македонија имаат право слободно да го изразуваат својот национален идентитет и другите особености. Републиката ја гарантира заштитата на националниот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите нејзини граѓани.

Граѓаните со национална припадност различна од националната припадност на другите граѓани во Република Македонија имаат право да основаат културни, уметнички и образовни институции, како и научни и други здруженија поради изразување, негување и развивање на својот национален идентитет и другите особености.

Граѓаните со национална припадност различна од националната припадност на другите граѓани во Република Македонија имаат право на настава на својот мајчин јазик во основното и средното образование на начин и под услови утврдени со закон.

Во училиштата во кои образованието се одвива на друг јазик различен од македонскиот се изучува и македонскиот јазик, со тоа што, завршува амандманот, а образложението е дека со овој амандман во основа се врши сообразување на неговата содржина со содржината на Рамковниот договор и образложението на Нацрт амандманите на предлагачот.

Имено, во него категоријата заедница, повторувам, е заменета со категоријата граѓани со национална припадност различна од националната припадност на другите граѓани. На тој начин се потврдува и се потенцира граѓанскиот карактер на Уставот на

Република Македонија, во спротивно тој би бил разнебитен. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 85 пратеници, за гласале 9 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија,

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија.

Ве молам пратениците да влезат во салата.

Текстот на амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Молам да седнат пратениците. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 93 пратеници, за гласале 80 пратеници, воздржано гласале 1 пратеник, против гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предллогот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Радомир Карангелевски поднесе амандман за менување на точката 1, по кој предлогот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амандманот IX и за менување на точката 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман на точка 1 за менување на став 1, по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот IX, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господинот Ѓорѓи Тодоров има збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, амандманот IX, кој се однесува и гласи: Република Македонија гарантира заштита и унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на Македонија и на сите заедници во Македонија, како и на добрата кои ги сочинуваат, без оглед на нивниот правен режим.

Со точка 1 од овој амандман се заменува ставот 2 на членот 56 од Уставот на Република Македонија. Како во сите амандмани предложени од страна на предлагачот, така и во овој преовладува терминот заедници, кој рековме дека е недефиниран термин. Со прифаќањето на овој амандман се заменува ставот 2 од членот 56 од Уставот на Република Македонија, а ставот 2 од членот 56 на Уставот на Република Македонија гласи: Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и на националностите, како и на добрата кои го сочинуваат, без оглед на нивниот правен режим.

Сакам да ве потсетам и во овој момент дека со прифаќањето на овој амандман вие господа пратеници од Уставот на Република Македонија и во овој амандман го бришете македонскиот народ, запаметете го бришете со овој член од Уставот македонскиот народ. Поради тоа предлагам овој амандман да се брише, со предложениот амандман IX се употребува употреба на несоодветна терминологија за една уставна категорија која прави забуна и конфузија, а оттука и економска блокада на Република Македонија.

Затоа предлагам пратениците да не гласаат за вакво решение кое не уназадува сите нас како нација поради што барам бришење на овој амандман и барам поддршка. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сакам да го поддржам пратеникот на мојата политичка партија господинот Тодоров Ѓорѓи за изнесеното. Што се крие во овие заедници. Јас сум убеден дека на македонската јавност и е јасно што се крие и на политичките партии поточно на пратениците, но мора да ја кажеме вистината.

Пратениците македонци со албанско потекло не сакаат да бидат малцинство. Тоа јавно го кажуваат и не го кријат, тоа е нормално од нив што бараат, но проблемот е во македонските пратеници што многу лесно го прифаќаат и сакаат да ја делат државата. Тоа ми е несватливо. Светот за малцинствата има еден збор и тој збор терминолошки е прифатен. Тоа е малцинство. Зошто бегаме? Дека бегаме од вистината не денес, туку бегаме од минатото уште во едноумието малцинствата беа именувани како националности. Дали зборот националност значеше малцинство? Не. Пак баравме некое хибридно решение и тоа хибридно решение не доведе до денес повторно да бараме некое хибридно решение сега да бидат заедници. Дали со заедници го решаваме проблемот? Убеден сум не, како што не го решивме со националности. Единственото решение за мене е малцинство. Со малцинство се е кажано дека малцинствата не можат да бидат народ, а во моите претходни излагања кажав кое малцинство и дали има право да бара да биде народ. Да не се повторувам.

Исто така терминот македонски народ е заменет со терминот мнозински народ во Македонија. Постојано некои отстапки. Повеќе од очигледно е дека не се сака соживот, туку се сака да се искорени македонскиот народ. Со овие постојани барања и со постојаните отстапки еднаш за секогаш треба да ги решиме проблемите со малцинствата, а проблемите со малцинствата нема што ние да ги решаваме, постојат меѓународни закони кои се прифатени и кои треба да ги почитуваме. Проблемот е што не ги почитуваме, што постојано бараме отстапки и што постојано некој се договара да врши отстапки. Проблемот е во нас не е проблемот во барањата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратеник, за гласале 9 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 на текстот на Предлогот на амандманот IX поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 87 пратеници, за гласале 6 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против гласале 72 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 на текстот на Предлогот на амандманот IX поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господинот Ѓорѓи Тородов.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, бидејќи укажавме дека не треба да се гласа за амандманот поднесен од страна на претседателот и од принципиелни причини предлагаме свое видување и за овој амандман.

Амандманот IX точка 1 се менува и гласи: Република Македонија гарантира заштита и унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и националните малцинства како припадници на македонската нација, како и на добрата кои го сочинуваат, без оглед на нивниот правен режим.

И во овој амандман е задржана терминологијата македонски народ, македонска нација и национални малцинства согласно Повелбата на ОН.

Со амандманот што го предлагам јасно и недвосмислено се дефинираат уставните категории со кои се отстрануваат сите недоразбирања и се потврдуваат историското и уметничкото богатство на македонската нација и во контекст на тоа се применуваат термини и терминологии кои се прифатливи за меѓународното право. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 87 пратеници, за гласале 6 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точката 1 за менување на став 1 на текстот на Предлогот на амандманот IX, поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУПЧО АРНАУДОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Госпоѓа Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Благодарам. Уште една потврда дека она што го кажав како образложение за преамбулата очигледно треба да го повторам од причина што колегите пратеници или не можат да ме сослушаат или не сакаат да го сослушаат образложениeто, па врз основа на образложението ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие за овој амандман кажете, а тоа што сте го кажале за друг амандман не е нужно сега.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Претседателе, во врска со амандманот е истата суштина за која што беше говорено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие слушале штом сте зборувале.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Да, но Вие не создавате услови во Собранието да се слушаме, па од таа причина треба да се надвикуваме.

Повторно ќе повторам дека македонскиот народ е носечкиот столб на граѓанството на македонската држава. Од таа причина и претходно кажав во врска со образложението за преамбулата дека терминот македонски народ треба да се најде во преамбулата како што се најде неговото место, но за да ја достигне својата суштина тој треба да постои и во сите 15 амандмани кои се однесуваат на нормативниот текст од Уставот на Република Македонија.

Од таа причина образложението на поднесениот амандман 9 дека со овој амандман во основа се врши сообразување на неговата содржина, на содржината на предложениот амандман IV кој се однесува на преамбулата на Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 87 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 73 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Текстот на Предлогот на амандманот IX го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 93 пратеници, за гласале 83 пратеници, воздржано не гласал никој, 10 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за менување на текстот на Предлогот на амандманот X и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за менување на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за менување на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Кирил Андоновски, Ѓулистана Марковски, Михајло Георгиевски и Данило Глигоровски поднесоа амандман за менување на точката 1 и истиот е повлечен.

Пратениците Филип Петровски, Данило Глигоровски поднесоа амандман на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандмани за менување на амандманот X и истите се повлечени.

Пратениците Ѓулистана Марковска и Данило Глигоровски поднесоа амандман за

менување на амандманот X, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандмани за бришење на амандманот X и за менување на точката 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на амандманот X, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за додавање нова точка 1 пред точката 1 и за менување на точка 2 и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за додавање нова точка 1 пред точката 1 и за менување на точка 2, по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот X, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господинот Ѓорѓи Тодоров бара збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници и овој пат предлагаме бришење на амандманот X, затоа што со новиот Предлог амандман од страна на предлагачот кој гласи: за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, лични документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Рапублика Македонија.

Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Сметам дека постојниот член 69 е подобар и во контекст на тоа не загрозува никакви малцински права и е подобар и предлагам да остане, со што предлагаме овој амандман да се брише. Со предложениот текст на амандманот X се промовира консензуална демократија која не постои во ниедна демократска држава во светот ваквата квази демократија може да го блокира односно парализира работењето на Собранието на Рапублика Македонија, поради што предлагаме бришење на овој амандман.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:** (продолжение)

Вакво парализирање на работата имавме и деновиве кога пратениците од ПДП се молеа да бидат присутни и да гласаат денеска за овие амандмани. Во иднина ќе имаме секојдневно блокирање на Собранието од албанските претставници во парламентарниот дом.

Од тој аспект мислам дека овој начин на работа каде што со овој амандман, воведување на консензуална демократија, каде што не нуди интегрирање на сите граѓани во Република Македонија под единственото име македонска нација што соодветствува на меѓународната терминологија, и овој пат сакам да потсетам дека не не води кон добро и дека води кон разнебитување на македонската држава, дробење, делење, парализирање на овој парламентарен дом, со воведување на една ваква консензуална демократија. Од тој аспект не го поддржуваме овој амандман и со сета одговорност бараме како припадници на македонската нација, колку сте македонци и се чувствувате такви, да не гласате за овој амандман. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 60 пратеници.

Коснтатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на предлогот на амандманот X, поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас би ве замолил, би го замолил предлагачот да го прочита амандманот, бидејќи има еден, два, да не се збуниме околу овој за кој е постигната согласност кај пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

"Законите кои директно се однесуваат на културата, симболите и употребата на јазиците на заедниците што не се во мнозинство, како и на образованието и личните документи на граѓаните кои припаѓаат на овие заедници, Собранието ги донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници што припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Споровите во врска со примената на оваа одредба ги решава Уставниот суд на Република Македонија". Тоа е мојот амандман.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, за гласале 4 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 68 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 по текстот на предлогот на амандманот X, поднесен од пратеникот Саво Климовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 3 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 65 пратеници.

Коснтатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 на текстот на предлогот на амандманот X, поднесен од пратениците Филип Петровски и Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за гласале 3 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 67 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на предлогот на амандманот X, поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Наталија Марковиќ-Димовска.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВСКА:**

Иако ми е невообичаено и не практикувам да се повторувам, очигледно е неминовно да се повторам заради тоа што во понудениот амандман X, сакајќи повторно да се избегне категоријата или терминот македонски народ е избран сосема погрешен, непрецизен термин кој не соодветствува на правната терминологија, а тоа е "мнозинското население". Незнам со кое право авторот македонскиот народ во овој амандман го нарекува мнозинско население.

И уште една работа. Мнозинството со кое што се гласаат суштинските закони во Собранието на Република Македонија, според амандманот што ние го предлагаме за измена на амандманот X е 4/5 од мнозинството на гласови на вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија. Таквото решение по сите анализи, прилега на уставно решение и води сметка за вистинска рамноправност. Со 4/5 мнозинство од пратениците во Собранието на Република Македонија е мнозинство што задолжително ќе ги вклучи сите партиципиенти од националната припадност во Собранието на Република Македонија. Тоа е квалификувано мнозинство и со таквото мнозинство еден пратеник ќе може да стави вето, а тоа решение ќе биде сосема демократсно и граѓанско решение за изгласување на суштинските закони предвидени со амандманот X што ни е понуден.

Имено, амандманот X гласи, со измените ние ги предлагаме: "за закони со кои системски се уредува културата, употребата на јазиците во Република Македонија, формалното образование, личните документи, употребата на симболите во локалната самоуправа, Собранието одлучува со 4/5-ско мнозиснтво гласови од вкупниот број пратеници".

До образложение на претходното, дека со овој амандман се заменува предложеното решение во предлог-амандманот X што е понуден на Уставот на Република Македонија, а со тоа се врши уточнување на законите што се носат со сложено мнозинство на гласови. Тоа се така наречените системски закони за кои проговорив претходно и ги набројав таксативно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 62 пратеници.

Коснтатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на предлогот на амандманот X, поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска и ДанилоГлигоровски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 67 пратеници.

Коснтатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 на текстот на предлогот на амандманот X, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, и овој пат од принципиелни причини, бидејќи нашиот предлог за бришење на амандманот X не се прифати. Да не испаднеме само критизери и за овој амандман кој точката 1 од овој амандман го дополнува членот 69 на Уставот на Република Македонија, во поглед на начинот на гласањето и одлучувањето предлагаме во амандман X точката 1 да се промени и да гласи:

"1. За закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите Собранието одлучува со 2/3 мнозинство гласови".

Со овој амандман со кој се бара 2/3-ско мнозинство за прашања какви што се културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употребата на симболите, се зголемува потребата од поголемо учество на гласови при одлучувањето т.е. гласањето на пратениците. Од тука можноста за поголемо учество и на припадниците на националните малцинства кога се во прашање измени и дополнувања на суптилни одредби од Уставот на Република Македонија. Не е потребно посебно да се нагласува дека е потребно гласање на припадниците кои се, како што гласи "кои припаѓаат, кои не се мнозинство во Република Македонија". Мислам дека на еден ваков начин и овде се пренесува елемент на консензуална демократија и со овој амандман се придонесува за блокада на идната работа на Собранието. Од тој аспект го предлагам овој амандман што е усогласен терминолошти со меѓународната легислатива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сакам да го поддржам пратеникот Ѓорѓи Тодоров од пратеничката група ВМРО-Вистинска, бидејќи амандманот X не произлегува за подобрување на меѓунационалните односи. Напротив, тој амандман само ќе овозможи влошување на меѓунационалните односи.

Новиот став гласи: "закони што директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието донесува одлука со мнозинство на гласови". Во тие рамки мора да има мнозинство на гласови и од пратениците кои припаѓаат на малцинските групи".' Со овој амандман мнозинството на пратеници ќе биде надгласан или со други зборови ќе биде понижен, затоа што доколку не гласаат повеќе од половината присутни пратеници кои припаѓаат на малцинствата, законот нема да се усвои. Со овој амандман крајно се понижени македонските пратеници и македонската држава. Јас не знам како можат да молчат македонските пратеници кога им се дава можност до тој степен да бидат омаловажени со овој амандман.

Би направил една математичка споредба што нема логика со математиката. 25 пратеници, македонци од албанско потекло би претставувале поголема бројка од 95 македонци. Значи, 25, не знам само по која математика би било поголемо од 95. Или со други зборови ако дојде еден албански пратеник, ако биде присутен, ако не гласа, законот нема да биде усвоен. Сето тоа се остварува со вето на албанските пратеници со македонско, односно македонските пратеници со албанско потекло.

Господо потписничари, јас не знам кога потпишувавте, каде гледавте?! И, што гледавте?! И, зарем не гледавте што потпишувате?!

Кажете во која унитарна држава постои консенсуално одлучување и на овој начин пратениците од владеачките партии, од мнозинството население да бидат надгласувани. Во која правна држава, господо пратеници македонци со албанско потекло, постојано се залагате за правна држава. Дајте, сега залагајте се да бидеме рамноправни. Сега не сме рамноправни. Вашиот глас вреди повеќе. Која е

таа привелегија на малцинските пратеници да поставуваат вето над мнозинството гласови?

Предложениот амандман ќе создава можности за злоупотреба и нелојалност. И така знаеме дека не можеме да ги пофалиме, барем албанските пратеници до сега со некоја голема лојалност. А, убеден сум дека и понатаму нема да бидат лојални...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за амандманот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, за амднамнот. Се добива впечаток, не само што се добива впечаток, туку повеќе од сигурен сум дека мнозинството население ќе биде репресирано од малцинството на пратеници и население со овој амандман. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 87 пратеници, за гласале 9 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 66 пратеници.

Косnтатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 1, пред точката 1 и за менување на точката 2 на текстот на предлогот на амандманот X, поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Уште еднаш, заради прецизност би го замолил предлагачот да го прочита амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

"Во амандманот X, пред точката 1 се додава нова точка 1 која гласи:

1. Собранието може да одлучува ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број пратеници.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со 1/3 од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

Точката 1 станува точка 2.

Точката 2 која станува точка 3, се менува и гласи:

Со овој амандман се замнува членот 69 од Уставот на Република Македонија".

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Две реченици појаснување. Иако овој амандман не е дел од пакетот на Анексот Ц на Рамковниот договор, бидејќи сме известени дека има согласност меѓу пратениците околу, а се однесува на зголемување на ефикасноста на работата на Собранието воопшто, а сме известени дека постои согласност меѓу пратениците да се усвои, во таков случај предлагачот е подготвен да го прифати амандманот, односно го прифаќа амандманот. (Реакции во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, го прифаќа или не го прифаќа амандманот.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, го прифаќа амандманот. Тогаш не расправаме по него. Ако го прифаќа, нема гласање, тогаш е составен дел. (Реакции во салата).

Добро, амандманот е прифатен. Одиме понатаму.

Тој е составен дел на предлогот на предлагачот. Одиме натаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Минуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот X на Уставот на РМ.

Ги молам пратениците да влезат во салата да гласаат.

Текстот на Предлогот на амандманот X го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратеници, за гласале 82, воздржани нема, противгласале 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот XI на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот XI на Уставот на РМ.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за менување на точка 2 со два нови става и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за менување на точка 2 со два нови ставови по кој прадлагачот не се произнел.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за менување на точка 1 и точка 3 и за

додавање нов амандман XI-а по амандманот амандманот XI и истите се повлечени.

Пратеникот Никола Јованов поднесе амандман за менување на точка 1, за додавање нова точка 3 со пет става и за менување на точка 3 по кој предлагачот не се произнесе.

Пратениците Кирил Андоновски, Ѓулитана Марковска, Михајло Георгиевски, Данило Глигоровски поднесоа амандман на точка, 1 и 2 и истиот е повлечен.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров, поднесоа амандмани за менување на амандманот XI и истите се повлечени.

Пратениците Фадил Бајрами, Кастриот Хаџиреџа и Аслан Селмани, поднесоа амандман за менување на точка 1 и точка 2 по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Љупчо Анушев и Саво Климовски поднесоа амандман за менување на точката 2, за додавање на две нови точки 3 и 4 по точката 2 и за менување на точката 3 по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров, поднесоа амандман за менување на амандманот XI по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров, поднесе амандман за бришење на амандманот XI и за менување на точките 1 и 2 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот XI поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Амандманот XI се однесува за избор на народен правобранител и предложениот амандман XI од страна на предлагачот гласи "Собранието избира народен правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што треба да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ".

Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што им се повредени од органите на државната упрва и од други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Народниот правобранител посветува особено внимание за заштитата на начелата на недискриминација, соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Со точка 1 на овој амандман се заменува ставот 1 на членот 77, а со точка 2 се дополнува ставот 2 на член 77 на Уставот на РМ.

Овој амандман вака како што е конципиран, за пратеничката група на ВМРО-Вистинска не е прифатлив и предлагаме бришење на амандманот XI, бидејќи со постојниот амандман I XXVII се задоволени сите малцински права во поглед на заштитата на националните малцинства, како граѓани на РМ, преку институцијата Народен правобранител, согласно Повелбата на ОН. Овие измени на Уставот се штетни за формирање и градење на македонска нација и градења на меѓусебна граѓанска доверба и соживот.

Од тој аспект предлагаме нагово бришање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг на бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 82 пратеници, за гласале 7, воздржано гласале 8 и против гласале 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за замена на точка 2 со два нови става од текстот на Предлогот на амандманот XI поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на прадлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале 79 пратеници. За гласале 2 пратеника, воздржано 2 и против гласале 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1, за додавање нова точка 3 со пет става и за менување на точката 3 на текстот на Предлогот на амандманот XI поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 82 пратеници, за гласале 8 пратеници, воздржани 11 и против гласале 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на Предлогот на амандманот XI поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА**:

Амандманот XI кој ни е предложен од предлгачот се однесува на изборот на народен правобранител и на мнозинството кое е потребно за избор на истиот.

Повторно во понудениот амандман, сакајќи предлгачот односно авторот на амандманот, да го избегне терминот Македонски народ, повторно го употребува несреќно избраниот термин мнозинско население. Тој го нема тоа право македонскиот народ да го заменува со мнозинското население. Исто така мнозинството кое е предложено за избор на народен правобранител, предлагаме да е вклопено во уставното решение, што би значело 4/5 мнозинство од пратениците во Собранието на РМ, би било сосема уставно решение за избор на народен правобранител, како што тоа впрочем беше и за суштинските закони кои ги донесува Собранието. Со тоа се води сметка за рамноправност, демократичност. Со тоа се овозможува еден пратеник да стави вето на изборот на народниот правобранител. Тоа ќе биде квалификувано мнозинство. Решението е сосема демократско и граѓанско и го потврдува граѓанскиот карактер на државата и на Уставот на РМ.

Со овој амандман од мнозинството што се нуди при изборот на народен правобранител, се изоставува и врзување на тоа гласање со одредена национална припадност на пратениците, што се прави исто така поради граѓанскиот карактер на Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г. Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Имам едно појаснување. И во претходниот и со сегашниот амандман г-ѓата пратеничка користи термин македонско население што наводно бил користен во амандманот. Таков термин воопшто не постои во амандманите кои се дадени од предлагачите. Не постои термин мнозинско население.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Господине претседателе апелирав јас и предходно за тишина во Собранието. Очигледно претставникот не ме разбрал. Не кажав македонско население, туку мнозинско население, кој термин е употребен во предложените амандмани. Очигледно, од ова што се случува во Собранието не бев добро слушнат.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Не постои ниту терминот мнозинско население.

Таков термин воопшто не се користи.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Амандманот кој ни е предложен, точка 1 вели: "Собранието избира народен правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија". Тоа се однесува на населението и очигледно е дека заедниците се врзани со мнозинството во РМ, кое е соодветно на тоа што го говорев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбравме за термините.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 5 пратеници, воздржано 11 и против гласале 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 и на точката 2 на текстот на Предлогот на амандманот XI, поднесен од пратениците Фадил Бајрами, Кастриот Хаџиреџа и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Би сакал накратко да им кажам на некои господа пратеници македонци што велат

не можете да добивате, многу права имате, имате основно образование, сега барате високо образование.

Правата, господа не се даваат туку се добиваат.

За амандманот конкретно би сакал да кажам нешто.

Овој амандман треба да се менува, конкретно точката 1 и да гласи - Собранието избира народен правобранител и негов заменик со мнозинство гласови од вкупниот број на претеници, каде треба да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на главните заедници, претставници во Собранието.

Доколку народниот правобранител припаѓа на една заедница, тогаш неговиот заменик треба да припаѓа на другата заедница која претставува мнозинство во Собранието. Ваквата преформулација би претставувала најправедно решение за една толку чувствителна проблематика како што е оваа која се однесува на народниот правобранител. Многу добро се знае значајната улога која ја игра оваа институција во секое напредно демократско општество. Тоа би требало да биде и во нашето, ако имаме намера да изградиме општество базирано врз консензуална демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 15 пратеници, воздржан 1 и против гласале 60 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 2, за додавање две нови точки 3 и 4 по точката 2 и за менување на точката 3 на текстот на Предлогот на амандманот XI, поднесен од пратениците Љупчо Анушев и Саво Климовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Овој амандман кој се однесува на народниот правобранител повеќе е од техничка и терминолошка природа, ни дава попрецизна и појасна слика за надлежноста на народниот правобранител и се разбира ќе биде основа за нивно допрецизирање во Законот за народниот правобранител кој согласно договорот треба да се донесе до крајот на 2002 година. Од друга страна предложениот амандман оди во прилог на сите нас кој се залагаме за проширување, прецизирање и зајакнување на функцијата, надлежностите и дејствувањата на Народниот правобранител како институција од контролен карактер и медијатор меѓу администрацијата и граѓаните. Имено, внесувањето на слободите, покрај правата кои ги штити Народниот правобранител е само појаснување и прецизирање кое и досега беше во надлежност на народниот правобранител. Меѓутоа, со оглед на концептот за слободите и правата како две истородни категории кои не се двојат, нема причина ние тоа да го правиме.

Во истиот амандмн е и предлогот Народниот правобранител да ужива имунитет, бидејќи нема земја во светот во која функционира оваа институција, носителот на оваа функција да не ужива имунитет. Според Уставот Народниот правобранител е единствн носител на функција кој го избира Собранието а кој не ужива имунитет. Носителот на овластувањата, што според Уставот ги штити интересите на граѓаните, самиот без имунитет, останува "незаштитен" од разни злоупотреби и евентуални политички интриги. Со правото на имунитет ќе се потврдат и заложбите за зајакнување и самостојно, независно и ефикасно остварување на функцијата Народен правобранител. Од тие причини апелирам овој амандман да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точките 1 и 2 на текстот на Предлогот на амандманот XI, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, овој амандман XI кој што се однесува за избор на народен правобранител, кој што пред малку го прочитав предлогот од страна на предлагачот и каде што кажав зошто нема да го поддржиме односно зошто бараме бришење, од принципиелни причини, да не испадне дека ете само критикуваме, а не даваме свое видување и овој пат од принципелни причини го предлагаме амандман.

Во амандманот XI, точка 1 и 2 се менуваат и гласат.

Точка 1: "Собранието избира народен правобранител со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посветува особено внимание за начелата на недискриминација и соодветна застапеност на припадниците на националните малцинства во органите на единиците во локалната самоуправа и во нивните јавни установи и служби". Со ваквиот текст на амаднманот XI во точка 1 при избор на народен правобранител нудиме зголемување на прагот на потребниот број на гласови за негов избор и оттука се дава поголема можност за вклучување и на пратениците од националните малцинства, така што не е потребно посебно, да не речам, уцена од страна на припадниците односно воведување на консензуална демократија. Со тоа се зголемува прагот на демократското одлучување. Значи, со подигање и изгласување на народниот правобранител, се зголемува и прагот на демократијата, бидејќи за здобивање на функцијата народен правобранител, повеќе не е привилегија само на простото мнозинство, значи овој пат е потребно двотретинско мнозинство.

Сакав да кажам дека со предлогот даден од страна на претседателот и овој пат се нуди консензуална демократија, можност за вето по етничка основа, можност за вето на национално малцинство врз македонскиот народ т.е. нација, диктат на малцинството врз македонскиот мнозински народ односно врз македонската нација. Значи со овој амандман се избегнува таквата можност за вето односно отпаѓа можноста за консензуална демократија. И овој амаднман е еден од амандманите каде што се протнува концензуалната демократикја. Затоа, за да се избегне ваквиот начин на одлучување, ние даваме за право за народен правобранител да се гласа со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници. Мислам дека ќе наидам на разбирање, барем овој пат и очекувам да се гласа за овој мој предлог на амандманот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, очигледно е дека не се сака подобрување на Рамковниот договор. Барем еден амандман да се прифати. Претходниот амаднман, иако не беше од нашата партија, го прифаќам и сметам дека е умесен, поточно амаднманот од професорот, д-р професор Саво Климовски. Тој предлага: "Народен правобранител, еден за мнозинството пратеници или кој ќе биде избран од пратениците за населението и еден нека биде за малцинствата народен правобранител. Зошто тоа е неприфателиво? Едно решение, за кое сметам дека е умесно.

Амандманот XI не го прифаќаме како пратеничка група и сметаме дека членот 77 треба да си остане, бидејќи нашиот став е јасен и дециден. Значи несакаме никакви промени во Уставот во воени услови, во мирновременски услови и без притисок на сила и закани, потребно е и може да се разговара за промени на Уставот. Но, во вакви услови не.

Овој Амандман XI кој се предлага треба да се измени членот 77 од Уставот, каде што изборот на народен правобранител и неговите надлежности треба да бидат бирани со консензуално одлучување, поточно со одлучување на мнозинството присутни пратеници и мнозинството на пратеници кои припаѓаат на малцинствата. Незнам колку е јасно, но во овој момент се присетив да прашам, бидејќи тука е господинот советник, советувач, дали сега албанците, македонските пратеници со албанско потекло не гласаат двапати. Еднаш ќе гласаат како присутни во Собранието како мнозинство и повторно ќе гласаат како малцинство. Значи, испаѓа дека ќе гласаат двапати. Нешто не е во ред. Не се гледа причината зошто изборот народен правобранител бил условуван од малцинските пратеници во Собранието кога знаеме дека народен правобранител е институција надлежна за заштита на слободите и правата на сите граѓани во Македонија. Ако е така, а така е, тогаш зошто нема критериуми за избор на народен правобранител. Со ова се дава можност да се злоупотреби, поточно да има уцени и од пратениците македонци со албанско потекло и од мнозинството пратеници, поточно пратениците кои припаѓаат на партијата која е на власт. На тој начин ќе се добие послушен народен правобранител, а послушноста знаеме до каде не доведе, до овој степен до кој сега западнавме.

Од сето ова може да се констатира дека македонските пратеници со албанско потекло сакаат секаде да одлучуваат. Точно и при изборот на народен правобранител. На овој начин му се одзема можноста на народниот правобранител непристрасно да ја извршува својата функција или со други зборови да можат пратениците македонци со албанско потекл да одлучуваат во сите ингеренции што ги има народниот правобранител. На овој начин, јас сметам дека стручноста нема да дојде до израз од тие причини, затоа што пратениците, малцинските пратеници ќе одлучуваат и ќе вршат притисок за одлуките на народниот правобранител. Затоа нема да гласаме за измена на членот 77. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласаа вкупно 72 пратеници, за гласаа 7 пратеници, воздржа но гласаа 7 пратеници, против гласаа 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Амандманот XI на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на Амаднманот XI на Уставот на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Ги молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата. Текстот на предлогот на Амандманот XI го ставам на гласање Ве молам да гласаме.

Вкупнот гласале 94 пратеници, за гласале 79 пратеници, никој не гласал воздржано, против гласале 15 пратеници.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амаднманот XII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот XII на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов, поднесе амандман на точка 1 став 1, точка 1 за менување на став 2, точка 1 за додавање нов став по став 2, точка 1 став 4 и на точка 1 за бришење на став 6 по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Кирил Андоновски, Ѓулистана Марковска, Михајло Георгиевски и Данило Глигоровски поднесоа амандман за бришење на амандманот XII и истиот е повлечен.

Пратеникот Саво Климовски, поднесе амандман за менување на точката 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Филип Петровски и Данило Глигоровски, поднесоа амандмани на точка 1 за бришење на ставот 6, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на точката и истиот е повлечен.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на точка 1 став 2 по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров, поднесоа амандман за менување на точка 1 по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандмани за бришење на амандманот XII и за менување на точката 1 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот XII, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господин Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, уште на првата работна седница кога се формираа работните тела односно комисиите на Собранието на Република Македонија, кога стана збор за Комисијата за меѓунационални односи, јас уште тогаш станав и мислам дека кажав неколку збора. Ако се сеќавате реков дека терминот меѓунационални односи не конвенира согласно состојбата и ситуацијата во Република Македонија. Употребата на терминот меѓунационални односи асоцира дека во оваа држава најмалку живеат две нации, па односот меѓу нациите е ваков или таков и согласно на тоа, треба да се решаваат. Сметам дека е неправилно употребено и тука би требало да стои: "Односот меѓу македонскиот народ и националните малцинства" или "Односот меѓу македонската нација и националните малцинства" кога ќе кажете така добивате една сосема друга слика. Значи, во оваа држава има една нација и национални малцинства и тој однос е на ваков или онаков начин незадоволителен и треба да се решава.

Од тој аспект уште тогаш реагирав и како што реков не е ВМРО-Вистинска против промена на Уставот на Република Македонија, но не со насилни средства и со воени средства. На воени средства, треба да се одговори со воени средства. Војната завршува со војна и никако поинаку и треба доследно да се држиме до тоа.

Од тој аспект предложениот амандман XII од страна на претседателот на Република Македонија, го девалвира македонскиот народ и македонската нација и за нас е неприфатливо и јас ќе го прочитам поради јавноста. Амандманот XII гласи: "Точка 1, Собранието основа комитет за односи меѓу заедниците. Комитетот го сочинуваат 12 членови од кои по 7 члена од редот на пратениците во Собранието, македонци и албанци и по еден член од редот на пратениците турци, власи, роми, срби и бошњаци. Доколку некои од заедниците немаат пратеници, народниот правобранител, по консултации со редовните претставници на тие заедници ќе ги предложат останатите членови на комитетот. Собранието ги избира членовите на комитетот и комитетот разгледува прашања од

односите меѓу заедниците во Републиката и дава мислења и предлози за нивно решавање. Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на комитетот и да донесе одлука во врска со нив. Во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката за гласање во Собранието, утврдено во членот 69 став 2, комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите за тоа, дали ќе се спроведе постапка. Со точката 1 на овој амандман се заменува членот 78 на Уставот на Република Македонија и се брише алинеја 7 на членот 84 од Уставот на Република Македонија".

Мислам дека овој амандман е непринципиелен, како и во поглед на другите амандмани понудени во овој амандман и од тој аспект како прво називот на овој орган е некомпатибилен со институционалниот модел и структура на македонското политички систем, македонското Собрание има и работи преку комисии. Од каде сега комитет и зошто? Која е целта, дали е тоа зачнување на дводомен дом, кога постојниот устав предвидува два совети, оној за безбедност и оној за меѓунационални односи, при што овој вториот е недозволена терминолошка кардинална грешка. Тој би требало да се нарече совет за односите помеѓу македонскиот народ и националните малцинства".

Уште почуден е предложениот состав. Компаративниот преглег на слични тела говори за следново. Или се применува начелото на паритетна застапеност на сите релевантни етноси, или се почитува начелото на пропорционална застапеност. Очигледно, предлагачот нуди трето решение, заборавајќи дека се работи за единствениот орган и нуди воведуван на неформален втор дом, во кој заедниците би требало да не бидат надгласани со методот на мајоризација.

Сите друг, освен македонците и албанците стануваат обичен институционален декор. Народниот правобранител, кој и самиот е избран од Собранието, со оглед на карактерот на функциите што ги има, не може да предлага членови на Советот, комитетот или комисијата што ги има освен ако ваквата негова надлежност е дефинирана во членот 77 од Уставот на Република Македонија.

Согласно на тоа, мислам дека овој амаднман не треба да се прифати предлогот од страна на предлагачот и овој амаднман со кој предлагаме бришење, да се прифати. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратениик, за гласале 5 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 55 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на точка 1, став 1, на текстот на Предлогот на амандманот XII, поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 5 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници и против гласале 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 2 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 5 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за додавање нов став по ставот 2 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, по малку е непријатно со оваа брзина што одат работите, бидејки ние немаме ни добиено материјал кој на систематизиран начин би ни ги прикажал поднесените амандмани на овие предлози. Јас не умеам најдобро ни да се снајдам во толкавото мноштво на документи и листови. Но, би

сакал навистина да чујам што тоа е предложено во вашиот амандман. Бидејќи претходните два веќе ги подржав без да знам на што се однесуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во овој амандман, претседателот на Собранието на Република Македонија е претседател на комитетот. Тоа е предлогот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, дами и господа, поднесениот амандман на овој амандман 12 е на место. Ние потребно е да отстраниме секаква сомнеж дека можно е да се воспостави и втор дом. Ако се обидуваме да не биде нарушен унитарниот карактер на државата, на ова место можеме тоа да го дефинираме со тоа што претседателот на Собранието, утре нормално можат да бидат и други лица, во тоа множество себе не се вклучувам, бидејќи претседател и на овој комитет чиј наслов исто така е малку спорен, негира секаков вид на дводомност. Јас мислам дека е драгоцено и многу важно да го подржиме ваквиот амандман.

Инаку по однос на процедурата г-дине претседател, сакам да го изразам моето чудење. Извинете, дали може или не може да се чуеме? Ценети колеги за тоа дали се слушаме надлежни сме самите. Не е секојпат само техниката виновна. Не е техниката, вие сте доволно гласни и чујни и намерно пуштате закачки за да не може да се продолжи. Јас морам да ве потсетам дека според Уставот граѓаните се еднакви. Според Деловникот пратениците тука се еднакви. Е сега, имаме пратеници и со хендикеп, па макар и со говорна мана. Ако вие се обидувате преку гестикулации, преку протести да ја нарушите можноста за настап, тоа можете да го чините. Но исто така ќе чуете и негодувања. Јас не разбирам зошто е потребно да не биде чујно. Оваа техника за која се платени тешки пари е сепак од солиден квалитет. И ако нешто тука не е чујно, работата е таа што постојано вие негодувате. Ако веќе сакаме да сме првокласни, повелете нека биде тоа со однесувањето, со личноста своја, а не со зависен вид на дигање галама. Нема потреба од тоа.

Мојата деловничка забелешка г-дине претседател се однесува на тоа, веројатно за вас веќе е тоа прашање апсолвирано. Но штом веќе имаме предлози од претседателот на Републиката и на тие предлози пратениците се овластени да дадат свои предлози, или амандмани, како тоа се случува негов претставник да може тука да добие збор. Јас како што памтам на Уставната комисија г-динот Фрчковски сосема децидно ни појасни дека тој е таму само за да даде појаснување, но никако да се согласи со нешто, или да одбива. За тоа си останува оригинерно надлежноста кај самиот предлагач.

Јас сметам дека на поднесените амандмани на пратениците потребно е да имаме писмено известување од предлагачот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го решивме со одлука на Собранието кога се произнесе по тоа прашање.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за мојот амандман на амандманот.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласаа 8 пратеници, воздржано гласаа 14 пратеници, против гласаа 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 став 4 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да нема некоја забуна, ако тешко се снаоѓате, овој амандман зборовите "односите меѓу заедниците" ги заменува со зборовите "меѓуетничките односи".

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 4 пратеници, воздржано гласаа 11 пратеници, против гласаа 60 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за бришење на став 6 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратениците Стојан Андов, Филип Петровски и Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, за гласаа 11 пратеници, воздржано гласаа 11 пратеници и против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратеникот Саво Климовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, за гласаа 6 пратеници, воздржано гласаа 12 пратеници, против гласаа 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Повторно и во овој амандман се сретнува терминот "заедници" со кој уште на самиот почеток во образлагањето на преамбулата и на другите амандмани кажав дека не се согласувам и ги кажав причините од кои не се согласувам со терминот "заедници". Исто така во исто време кажав и која е замената со термините кои ние ги употребуваме во поднесените амандмани. Впрочем и тоа се случи пред малку при образлагањето на претходниот амандман, едно недоразбирање кое и во суштина не беше недоразбирање, несакајки да го споменам терминот "заедници", се повикав повеќе на мнозинското население кое исто значеше, но врзано со заедниците во мнозинството во истиот амандман предложен. Значи од таа причина предлагаме овој комитет за односи меѓу заедниците да се нарекува комисија за меѓунационални односи.

И образложението на предложените промени во амандманот 12 се дека со овој амандман се заменува предлог амандманот 12 на Уставот на РМ и комитетот за односи меѓу заедниците се заменува со комисија за меѓунационални односи и се предлага составот на комисијата да биде паритетен се со цел да дојде до израз еднаквоста и рамноправноста на сите граѓани без оглед на нивната национална припадност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмнаот на точка 1 став 2 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 6 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници и против гласале 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 на текстот на предлогот на амандманот 12 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, од принципиелни причини, а и за исправање на грешките направени со Уставот од 1991 година и сега со сегашниот предлог кој што го образложивме пред малку зошто за нас е неприфатлив. Со овој амандман во амандманот 12 точка 1 предлагаме да гласи. Точка 1, Собранието на Република Македонија основа комисија за односи помеѓу макеоднскиот народ и националните малцинства. Комисијата ја сочинуваат претседателот на Собранието и 14 пратеници со соодветна пропорционална застапеност согласно парламентарните изборни резултати. Доколку националните малцинства кои немаат пратеници, а кои на последните парламентарни избори освоија 1% од вкупното гласачко тело, членовите на комисијата по консултација со релевантните претставници на тие национални малцинства на Собранието ќе му предложат по еден член за во Комисијата. Собранието ги избира членовите на комисијата за односи помеѓу македонскиот народ и националните малцинства. Комисијата разгледува праања од односите помеѓу македонскиот народ и националните малцинства во Република Македонија и до Собранието на Република Македонија доставува мислења и предлози за нивно решавање. Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на комисијата за односи помеѓу македонскиот народ и националните малцинства и да донесе одлука во врска со нив.

Образложението следува. Со овој предлог текст на амандманот се прави интервенција преку Уставот на РМ со што се корегира грешката направена во Уставот од 1991 година во член 78 каде

во првиот став се вели: Собранието. основа совет за меѓунационални односи. Што според мене претставува недозволена кардинална грешка, затоа што како прво, Собранието работи со комисии, а не со совети. Второ, терминот меѓунационални односи не конвенционира со унитарниот карактер на државата за кој што сите овде се залагате, бидејќи во РМ егзистира една нација и неколку национални малцинства. Со употребата на терминот меѓунационални односи се асоцира дека во РМ егзистира повеќе од една нација, што не одговара на стварноста и унитарниот карактер на државата, што е недопустлива таква терминолошка формулација која не само што не ја отсликува стварноста, стварната состојба во РМ, туку создава и забуни при читањето и толкувањето на Уставот. Затоа што било кој читател на таквиот текст не може да претпоставува на што мислел и што сакал текстописецот да ни каже со употребата на еден несоодветен термин како што е меѓунационални односи, односно терминот меѓунационални односи се употребува за држави својствени на уредувањето во поглед на федерација или конфедерација каде што во државата имаме најмалку две нации. Само тогаш се употребува терминот меѓунационални односи. Во овој контекст кога имаме во Република Макеоднија една нација, односно народ, нација, мнозинство, не е допустлива ваква терминологија, бидејќи ваквата терминологија му дава за право на националното малцинство кое брои 20% да бара права кои што не му следуваат по ниедна меѓународна конвенција согласно Повелбата на Обединетите Нации. Во контекс на тоа кога имаме унитарен карактер на државата како што е Република Македонија, овој мој амандман треба да се подржи. Соодветен термин кој што ќе даде правилна асоцијација на името на комисијата со вистинската состојба е комисија за односи помеѓу македонскиот народ и националните малцинства, се разбира во рамките на македонската нација. Денес се соочуваме со еден невиден сарказам од страна на Меѓународната заедница која што од РМ прави лабораторија за експерименти на планот човечка издржливост, малтретирање, понижување. Никаде во светот не постои ваков притисок како што е во моментот во РМ и во овој парламентарен дом. И затоа предлагам овој амандман да се прифати, бидејќи е усогласен, како што реков со меѓународна терминологија на меѓународното право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници. За гласале 5 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот 12 на Уставот на РМ.

Молам кој бара збор? - Има збор Г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Имам забелешка на следното. Сакам да кажам зошто не е прифатлив овој амандман. Најмногу буни, не ми пречи играта на зборови, дали е Комитет, дали ќе биде Совет, туку бројката 19 исто не ми пречи, дали ќе биде 19 зголемена или намалена, туку ми пречи бројката од каде дојдоа, и прашувам конкретно советниците како дојдоа до бројката 7+7. Секоја бројка нешто значи. Знаеме дека бројот 7 на лото значи добивка. Бројот 7 за студентите значи добра оцена, го положиле, го владеат испитот. А бројот 7 на Македонските пратениците кои ќе членуваат во Комитетот и бројот 7 на пратениците Македонци со албанско потекло да се изедначи малку му изгледа нелогично. Додека бројката 5 од другите заедници зошто е помала. Другите заедници, има логика заедниците или малцинствата да бидат исти бројки, но да се поистоветуваат Македонските пратеници со пратениците македонски пратеници од албанско потекло многу е нелогично. Се добива впечаток како да се сака да се створи бинационална држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Јас ги молам пратениците да влезат во салата.

Ние работиме многу одговорна работа, а незнам каде се. Од некои пратенички групи има само двајца - тројца, а повеќе од 10 се.

Сигурно покомотно е човек да е на некое друго место отколку овде, ама мораме сега да работиме.

Ќе почекаме да влезат пратениците. (Пратениците влегуваат во салата).

Преминување на гласање по текстот на Предлогот на амандманот XII на Уставот на РМ.

Текстот на Предлогот на амандмано XII го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратеници, за гласале 78 пратеници, воздржано не гласал никој и против гласале 11 пратнеици.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот XII на Уставот на РМ.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот XIII на Уставот на РМ.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на амандманот XIII на Уставот на РМ.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман на точка 1 став 1 по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Кирил Андоновски, Ѓулистана Марковска, Михајло Георгиевски и Данило Глигоровски поднесоа амандман за додавање нов амандман XIII-а и истиот е повлечен.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за менување на амандман XIII по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Домова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на точката 1 и истиот е повлечен.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Маркова - Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на точка 1 по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникoг Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амандманот XIII и за менување на текстот на Предлогот на амандманот XIII по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот XIII поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам предлагачот, претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор Г. Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Г. Тодоров има збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Со амандманот VIII кој се предлага од страна на претседателот со точка 1 од овој амандман се дополнува ставот 2 на членот 86 на Уставот на РМ, кој гласи: "При именување на тројца членови претседателот ќе обезбеди составот на советот како целина соодветно да го одразува составот на населението во РМ". Недоволно јасно е дефинирано кој состав и каков состав на населението во поглед на тоа.

Затоа за нашата пратеничка група овој амандман е неприфатлив и предлагаме амандман за амандманот XIII да се брише.

Со ваквиот текст на амандманот кој оди врз етничка припадност, а не се води грижа за стручноста, компетентноста и лојалноста према Македонската држава, што е на штета на сите граѓани на РМ за мене и за мојата пратеничка група, односон мојата партија е неприфатлив и затоа ќе гласаме за бришење на овој предлог амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници. За гласале 5 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против гласале бб пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Овде јас имам амадман на точка 1 став 1 на текстот на Предлогот на амандманот XIII, но тој е од техничка природа и го повлекувам.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на Предлогот на амандманот XIII поднесен од пратеникот Саво Климовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амамандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници. За гласале 5 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале бб пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на предлогот на амандманот XIII поднесе од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Со овој амандман се заменува предлог амандманот XIII точката 1 на Уставот на РМ. Со овој амандман неодредената категорија, составот на населението се заменува со уставната категорија "Национална припадност", а тоа е во согласност со член 8 став 1 алинеја 2 од Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници. За гласале 5 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на Предлогот на амандманот XIII поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници со предлогот на амандманот XIII кој се однесува на Советот за безбедност на РМ покрај тоа што го сочинуваат претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата и министрите кои раководат со органите на државната управа во областа на безбедноста и одбраната и надворешните работи и тројца членови кои се именуваат од претседателот на Републиката, тоа е стариот текст на амандманот или постојниот, бидејќи кажавме дека новиот што се предлага не е во содејство на меѓународната терминологија и право и од тој аспект да не испадне само дека критикуваме овој пат даваме свој предлог за амандманот XIII да се менува и да гласи: "при именувањето на тројца членови претседателот на државата ќе обезбеди во составот на Советот да се вклучат и тројца членови врз основа на стурчност, компетентност и лојалност од областа на безбедноста и одбраната". Значи не е битна етничката припадност во Советот за безбедност туку битно е да се учествува врз стручност, компетентност и лојалност кон Македонската држава и нација, а не по етничка припадност.

Со точката 1 на овој амандман се дополнува ставот 2 на членот 86 на Уставот на РМ.

Со овој текст на амандманот всушност треба покрај политичкото автоматско влегување во Советот врз основа на вршење на одредени функции на државата да се обезбеди вклучување во Советот за безбедност и на тројца луѓе врз основа на стручност и компетентност од областа на безбедноста и одбраната, што е во интерес на зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на државата, што е интерес на сите граѓани на Македонската држава без разлика на етничката припадност. Мислам дека барем овој пат ќе најдам на разбирање од страна на колегите пратеници и гласот ќе го дадам за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани колеги пратеници, и овој амандман XIII е неприфатлив не заради бројката 13, туку поради други причини и ќе ги наведам кои се тие.

Сакам да го цитирам членот 13 - Во именувањето на тројца членови претседателот ќе го обезбеди составот на Советот за безбедност како целина правично зборот "соодветно" многу ми пречи, да го изразува составот на населението во РМ. Зборот "соодветно" толку е нејасен и се добива впечаток дека е тој критериум. Не само што се добива впечаток, туку тој е и критериум, Г. Фрчковски многу ќе ми биде мило да ми објасните, затоа што според мене критериум е компетентност, критериум е стручност и критериум е лојалност спрема одбрамбените сили.

Советот има за цел да ги разгледува прашањата сврзани за безбедноста и одбраната на Македонија. Дали треба и во која мера треба да се вклучи албанското малцинство во одбранбените системи е прашање на кое треба добро да се размисли. Ова го велам од следните причини.

Имаме еден пратеник, за жал да констатираме, одметнат. Имаме одметнати и од одбранбените сили, од полицијата исто така. Вклучени се во беснеењето и во тероризирањето на населението и голем број македонци со албанско потекло. Прашувам - од кого Македонија побрзо да се чува? Дали од надворешните непријатели, кои ги имаме, комшиите, Албанија, Бугарија, Грција и др. или да се чува Македонија од домашните непријатели кои зедоа оружје со цел да створат чисти етнички територии во западна Македонија палејќи и ограбувајќи куќи исклучиво на македонци. Затоа треба добро да се размисли кој ќе го сочинува овој Совет, да не се плашиме едни од други. Во Советот мора отворено да се дискутира како да ги разрешува проблемите во државата одбранбени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ги молам пратениците да внимаваат многу. Сигурно не одговараат за тоа што ќе го кажат од овде, меѓутоа треба да се знае дека ова е парламентарна говорница и овој Парламент има утврдено политика на добрососедство со сите наши соседи. Тоа и во Уставот го напишал и тоа треба да се почитува. Лесно е некого да го прогласите за непријател, ама ве молам така нема опстанок на никого. Никој не сака непријатели. Сам не ги произведува.

Има збор Г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Откако веќе ќе се префрлиме во салата број 1 во Собранието, а ќе ги напуштиме двориштата и селските сенки јас би сакал малку да се произнесам во врска со амандманот на колегата Ѓорѓи Тодоров.

Ви благодарам Г. претседател што ми давате збор и ми овозможувате да кажам некои мои размисли, бидејќи очигледно е тука дека не постои можност да се дискутира, нема

начин да се разменат мислења уште помалку има начин да се влијае на лошиот пат по кој кинисало нашето Собрание. Мојот кус коментар во врска со овој Предлог од колегата Ѓорѓи Тодоров е дека тој се обидува да ја врати функционалноста на Советот за безбедност при претседателот на Републиката. Доколку не се интервенира на таков начин во амандманот XIII постои реална можност, да не кажам опасност тој Совет воопшто да не функционира, односно во периоди на криза да се повторат сцени веќе видени во 90-те години кај некакви сојузни органи од бившата СФРЈ.

Нашата задача е да бдееме над мирот на граѓаните. Професионална задача и ангажман е тоа на безбедносните структури. Советот за безбедност е местото каде што се ситентизираат пристапите, се разработуваат методи, се уточнува стратегија како безбедносните структури да обезбедат вистински мир и дење и ноќе на нашите граѓани. Вака како што е зацртано во овој амандман тој Совет ќе биде без функција односно ќе биде дисфункционален. Јас затоа ценети колеги и колешки апелирам до вас да најдеме храброст во себе и да се определиме за функционалното, а не за она кое е наративно, или кое се обидува да раскажува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван Г. претседателе, почитувани дами Г. пратеници, многу трпев досега и несакав да земам збор, меѓутоа на оваа говорница се појавуваат истите луѓе критикувајќи други. Јас ќе ги разберам сите оние пратеници кои се залагаат во ова Собрание за поголеми права за сопствениот народ, за сопствените граѓани, за сопствените гласачи, меѓутоа никако неможам да подразберам одредени пратеници кои излегуваат на говорницата на ова Собрание злоупотребувајќи ја таа говорница и барајќи на другите да им се ускратат правата. Тоа е веќе некоја нова идеја на некои нови пратеници кои несакаат да има рамноправност во Македонија, меѓутоа се понатаму одат и промовираат некои тези кои не се тези, кои се реалност во РМ. Кога ќе излеземе на оваа говорница, кога ќе кажеме нешто претходно сите треба да имаме на знаење да ја кажеме реалната слика на РМ. Воопшто нема да ги..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ајде за амандманот на амандманот.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Воопшто нема да ги прифатам тезите или дискусиите на одредени пратеници кои сакаат во РМ и понатаму да формираат еднонационални совети за безбедност. Ние Г. пратеници во овој поминат период, и сега имаме Совет за безбедност кој функционира. Таму има членови од функција претседателот на државата. претседателот на Собранието, меѓутоа имаме и член албанец кој не е повикан од страна на Советот за безбедност. Затоа кому му пречи во Советот за безбедност освен членовите кои се таму членови по функциите што ги вршат во државата припадниците кои живеат во Република Македонија да мислат дали другите заедници ќе носат луѓе кои не се соодветни и компетентни за таа работа, или мене ме загрижува тезата дека сакаат, без да учествуваат другите заедници, да има Совет за безбедност и после ќе зборуваме за други работи, за лојалност, кооперативност итн.

Затоа ве молам ваквите дискусии треба да престанат, јас ќе ги поздравам сите дискусии кои ќе имаат добра намера да ги бранат сопствените интереси, меѓутоа, да имаш дискусија во ова Собрание, да ги скратуваш и одземаш права на другиот, тоа е веќе неприфатлива работа за мене како пратеник во ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господинот Таки Фити. (Грешка).

Господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е грешка, реплика. Мислам г-дине претседателе дека на дискусии од типот на г-динс Вејсели, како што почна, треба да реагирате. За сите 120 пратеници групно и поединечно треба да се научи еднаш засекогаш дека не постојат сопствени гласачи, не постојат сопствени права, не постојат сопствени присвојни граѓани во Република Македонија, пратениците се претставници согласно Уставот на Република Македонија на граѓаните во Република Македонија.

Мојата реплика се однесува во смисла дека неговата интервенција рече дека е принципиелна, напротив, е длабоко непринципиелна, но тоа треба вие да му го кажете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега господине Стојановски баш ќе му го кажам. Овде кога зборува некој, ве молам, чекајте да кажам една напомена. Тишина. Некој пак сака да запали атмосфера да не работиме. Ве молам, тишина, ќе ви кажам сега.

Господинот Абдулади Вејсели, ама и сите други треба да знаат дека ако некој стане овде да зборува како Вангел Симев не мора Вангел Симев или Стојан Андов или Флоровски, или незнам кој да зборува по ќеиф на Абдулади Вејсели или обратно. Тие не мора да се согласуваат меѓу себе. Собранието ги донесува одлуките со гласање, а тоа некој некому да му кажува што смее што не смее да каже како политичко гледање, не е во ред. Вие ќе си го кажете вашето гледање. Ве молам, треба да сватите кога пратениците добиваат збор и излегуваат на говорница се еднакви, тоа е едно и друго сите се претставници на сите граѓани.

Одиме понатаму. Г.Симев, но само по амандманот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине Вејсели би било добро да се реплицира, како што рековте вие, а слушнав пред малку дека сте имале две бензински пумпи. Да ви кажам, јас не можам да ја наполнам колата со бензин и се прашувам како да ја наполнам, а вие имате две бензински пумпи и други бизниси, но тоа не е битно.

Сакам да ви одговорам директно на прашањето. Вие кажавте дека имате претставник во Советот за безбедност и е исклучен. Вие треба да се запрашате зошто е исклучен. Значи, се нема доверба. Значи ни оди во прилог она што го зборував дека во Советот прашање е дали треба да има нелојални граѓани. Токму тоа вие само потврдите она што јас го зборував. Исто така напомнавте дека треба да се штитат сопствените интереси, дека треба да ги штитиме интересите на македонскиот народ а не да бидеме против пратениците или против граѓаните македонци со албанско потекло. Вие господине Вејсели воопшто не сте. Вие, земете било која соседна земја кои права ги има. Зошто еднаш, кога сте толку големи демократи, не се залагате во Албанија, македонците да уживаат и тоа македонци кои се на своја територија, а таа територија е окупирана од Албанија. Вие да се залагате за правата на македонците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте такви работи, тоа е државна граница не може да биде окупирана.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Би ви поставил едно прашање вие кога би биле во Советот дали вие би застанале на страната на одбранбените сили или би застанале во одбрана на терористите? Тоа е прашањето. Еве директно ви поставувам прашање. Одговорете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде не може да се разговара, вие ќе си седнете надвор во фоајето и да се договорите.

Г-дин Зибери има збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека г-дине претседателе ниту вашата интервенција ниту на г-динот Стојановски не е умесна, бидејќи г-динот Вејсели само изнесе мислење во однос на тоа што го изнесе г-динот Симев. Таквото право му го дава Деловникот без оглед дали е во право според проценката ваша или на г-динот Стојановски или не е. Тоа како пратеник Уставот и Деловникот му го овозможуваат. Тоа како прво.

Второ, г-динот Стојановски и вие денеска имавте прилика на десетина пати слушајќи ги предавањата на г-динот Вангел Симев и некои негови сопартијци кога цело време не прозиваат дека вие пратениците македонци од албанско етничко потекло имавте толку права, немате толку права, а ќе ви даваме толку, не ви даваме толку, можете ова, не можете она, овде треба да се знае кој е газда, кој е потчинет, итн., и вие сето тоа лежерно си го слушавте убаво ниту ви трепна око ниту се загриживте. Сега кога Вејсели се спротивстави на едни вакви би рекол фашистички идеи, вие веднаш се вознемиривте и кажувате дека не може пратеник да бара права за овие или за оние. Во истовреме не се грижите кога тој другиот пратеник се залага да нема права исто така некој граѓанин кој случајно има некое друго етничко или национално потекло. Затоа, задржете ги коментарите и вие г-дине Стојановски за себе, а дозволете г-динот Вејсели и било кој друг пратеник кој не се согласува со било кое мислење тоа да го изнесе. Впрочем, тоа им го должиме на граѓаните кои ги претставуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, јас мислев дека треба да почнеме да работиме и да си продолжиме оти добро си работевме, изгледа ова на некого му дојде згодно за да предизвика пауза па да не можеме да работиме. Сакам да ви го кажам следното. Ако гледате во суштината на дискусијата никогаш не сум интервенирал освен ако не посега по некои основни уставни вредности и по некои односи со странство. И што сме должни да ги почитуваме.

Јас нему и на другите од кај вас кога зборуваат дека сме дојдени овде и дека не сме автохтони македонците не ви упаѓам, јас мислам дека секој овде што ќе дојде и ќе зборува и ќе си каже сам како изгледа, што сфаќа и какви му се погледите и ви оставам тоа да зборувате. Не интервенирам. Јас интервенирам кога еден пратеник му забранува на друг пратеник да зборува. Тоа беше пречката за што се умешав.

Господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги. Јас се јавив прво да им олеснам на моите колеги од мојата пратеничка група во овој случај затоа што бев поборник и другите денови да не му реплицираат на г-динот Симев затоа што неговите настапи и содржината од неговите говори навистина беа тешки, навредливи и со елементи, како што рече г-динот Зибери, фашизам, меѓутоа, едно знам од искуство од овие три мандати дека колку и да се труди г.Симев, да добие уште еден мандат со вакви настапи нека ги праша колегите пред тоа дека само еднаш можеле да поминат во ова Собрание таквите кои настапиле без одговорност и со такви тешки навреди односно со такви настапи. Нека ги праша, ги има, не сакам да ги именувам уште еднаш, но добро ги паметам еднаш и никогаш повеќе во Собранието. Џабе се труди, јас најсовесно и најколегијално му кажувам дека нема да му успее ништо да добие од тоа како настапува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас се залагам за тоа вие еден на друг да не си го берете гајлето. Ќе му пресуди и Вам, и нему и на мене и на секого на изборите е

електоратот. Оставете ги сега другите какви се. Ајде сега да работиме. Ве молам да работиме.

Кој има за амандманот да каже, г-динот Ѓорѓи Тодоров е предлагач на амандманот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине Зибери, многу тешки зборови употребивте. Јас ги бирам демократските средства. Ова е начин на Собранието да ги искажем мислите што ги имаме во интерес на граѓаните и граѓаните ќе проценат колку нашите се објективни, необјективни и демократски, а не на сила, и со оружје. Вие не ги осудивте ни во еден момент терористите, а ме осудувате мене затоа што бирам најдемократски средства да размениме мислења и да дојдеме до правата вистина. Што не е вистина што кажувам дека вие сте малцинство. Вие не сакате да прифатите дека сте малцинство. Што има лошо во тоа? Зошто до скоро нашиот Устав беше прифатен како најдемократски постојано насочуван за пример, прифатен од сите малцинства, сите малцинства се лојални само вие не сте лојални. Замислете си ако од 100 граѓани еден е незадоволен 99 или 100 се задоволни тогаш заклучокот е јасен само вие сте незадоволни. Јас сум задоволен, но не употребив такви зборови фашистички методи. Јас не реков ни за терористите иако е полош и од фашистички. Вие употребувате тешки зборови. Јас зборувам за малцинства и малцински прашања. Ако не сакате да ве иманувам како македонци, ако ви пречи, вие сте македонци со албанско потекло, ако тоа ви пречи, кажете, нема проблем, нема да ве именувам и тоа е тоа. Незнам што пречи, кажете. Кажете што кажав невистина, барем една. Ред е еднаш и вие да ги осудите терористите, тогаш навистина ќе имате добри намери и ќе сакате соживот. Вие не најдовте засходно да ги осудите ниеднаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш повторувам овде нема никогаш сите да се согласиме, не можеме да се согласиме, ќе гласаме по некои прашања и готово. Инаку, сега еден на друг можете се да си кажете. - Господинот Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас се јавив за реплика, но нема да му дадам шанса да ми реплицира дотичниот господин што излезе на говорница. Се јавив само но се двоумев дали да се јавам или не, меѓутоа, такви работи не се допуштиви. Тоа беше предупредување од моја страна дека вие требаше да реагирате на време и г-динот Наќе Стојановски на време да реагира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш ви велам секогаш кога секој сам ќе го земе правото во раце прави грешка и прекршок. Оставете јас да си ја терам работата, а вие само седете и земете збор кога ќе треба. Не може поинаку.

Господинот Ѓорѓи Тодоров ќе кажува за амандманот.

Доста веќе со тие реплики.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Господине претседателе, протестирам против ваквото излагаее од страна на поедини пратеници од националните малцинства. Нивното излагање е класичен пример на терор од страна на еден припадник на национално малцинство врз мнозинството во оваа македонска држава.

Овде беше спомнато фашизам, јас мислам дека деновиве во Република Македонија имаме демонстрирање на фашизам од страна на национално малцинство во името на барање на малцински права се бори и се залага да освојува територии во Република Македонија.

Се прашувам кој применува овде фашизам, кој е овде фашист кој терорист? Кој е тероризиран? Мислам дека вакви излагања не се допуштливи и дозволени од ваша страна и не се дозволува овде во парламентот да имаме демонстрирање на фашизам од страна на поединци.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само да изразам жалење дека на погрешен начин бев прочитан. Јас сакав само да спречам една лавина, но за жал не успеав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа може ако и другите сакаат.

Господинот Билали се јавува на тој нема право на реплика ниту господинот Харуни не беа спомнати.

Дали уште некој бара збор за амандманот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 85 пратеници, за гласале четворица, воздржано гласале 11, против гласале 70 пратеници.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот на Предлогот на амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 91 пратеник, за гласале 81 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман на точка 1 по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Кирил Андоновски, ЃулИстана Марковска, Михајло Георгиевски и Данило Глигоровски поднесоа амандман на точка 1 и истиот е повлечен.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за менување на амадманот XIV по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандмани за менување на амандманот XIV и истите се повлечени.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на амандманот XIV по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Горѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амандманот XIV и за менување на текстот на Предлогот на амандманот XIV по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот XIV поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Има збор господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Амандманот XIV кој се однесува на Републичкиот судски совет, со предлогот амандманот XIV од страна на предлагачот кој што гласи "тројца членови се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедницата што не се мнозинско население во Република Македонија. Со овој амандман се дополнува ставот 2 на членот 104 на Уставот на Република Македонија".

Сакам да кажам дека ова е надвор од демократијата што ја практикуваме и што се практикува во западниот демократски свет.

Со овој амандман, исто така, се начнува воведувањето на консензуална демократија, што во практична смисла значи блокирање на работата на Собрание на Република Македонија и по кој знае кој пат ќе работи непродуктивно. А во ова Собрание, наместо да се носат закони за интегрирање на граѓаните на Република Македонија, каде треба да се работи на економски план, некој ни наметнува, а ние прифаќаме дробење и и парализа на работата на Собрание на Република Македонија на економски план.

Од тој аспект, ваквниот текст на амандманот што се нуди од страна на предлагачот на амандманот може да води кон парализа на изборот заради ефектот на скриено вето врз етничка основа. Вакviот модел на амандман е надвор од многу фалената западна демократија на која некој пратеници многу често се повикуваат.

Заради тоа, за мене и за мојата партија овој предлог е неприфатлив и ќе гласаме за бришење на овој предлаг амандман од страна на предлагачот, амандманот XIV, па затоа го поднесуваме овој амадман амандманот XIV да се брише. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 6 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 57 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Имам јас амандман на точка 1 на текстот на Предлогот на амандманот XIV, кој исто така е од техничка природа, сака нешто да појасни, го повлекувам.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на Предлогот на амандманот XIV поднесен од пратеникот Саво Климовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 2 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 52 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на Предлогот на амандманот XIV поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Има збор госпоѓа Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Амандманот се однесува за избор на членови и за потребното мнозинство на гласови во Собрание на Република Македонија. Тука повторно се спомнуваат заедниците и повторно се спомнува мнозинството во Република Македонија. Значи повторно приговор на избегнување на терминот македонски народ, повторно забелешка на употребата на терминот заедници, за што претходно говоревме за релевантноста на заедниците кои што ја сочинуваат Република Македонија и уште еднаш се повторува мнозинството на гласови потребно е за избор на членови што воопшто со понудениот амандман не е прецизирано.

Во амандманот што го предлагаме на амадманот XIV, мнозинството на избор на членови е 4/5 мнозинство на гласови на Република Македонија. Тоа ќе овозможи сосема демократски и рамноправно избор на членовите предложени во амадманот XIV. Со овој амандман се заменува амандманот XIV и предложеното мнозинство кои што ние го предлагаме е многу повисоко, со што се внесува голем степен на демократичност и се изоставува категоријата заедници. На тој начин само зајакнува демократскиот карактер на Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале е пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на предлогот на амандманот XIV поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор г. Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

И во овој случај предлагаме амадман XIV кој треба да гласи:

"Тројца од членовите се избираат со 2/3 мнозинство од гласовите од вкупниот број пратеници."

Со овој амандман се дополнува ставот 2 на членот 104 на Уставот на Република Македонија.

Сакам да кажам дека се избегнува воведување на консензуална демократија, каде што во предлогот од страна на предлагачот на претседателот каде се нагласува и се спомнува што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заендиците кои не се мнозинско населени во Република Македонија. Повторно имаме терминологија на заедници кои не се мнозинско население во Република Македонија. Се поставува прашањето кое е тоа мнозинско население во Република Македонија? Зошто не се спомнува? Зошто не се употребува меѓународната терминологија што е во употреба? Како можеме да влеземо во Советот на ОН, во Европската заедница со една ваква недефинирана терминологија, со една ваква двосмислена терминологија. Затоа го предлагаме овој амандман со кој што се воведува 2/3 мнозинство на гласовите од вкупниот број пратеници при избор на членови на Судскиот совет. Со ваквиот текст на амандманот при изборот на тројца членови и на Судскиот совет, како што реков, со зголемување на бројот на потребен број за изгласување на нивното членување во Судскиот совет, со што се подига степенот на демократијата при одлучувањето, имаме можност за вклучување и на националните малцинства при гласањето на ваквиот избор на членовите во Судскиот совет.

Од тоа барам поддршка за изгласување на овој амандман. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Има збор господин Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани пратеници, накратко ќе кажам зошто сум против амандманот XIV.

Ако нешто ми пречи, ми пречи консензуалното однесување. Бројките

воопшто не ми пречат, дали ќе биде 6 или 3 и начинот на бирање, на неконсензуално. Да не ги делиме луѓето. Се деклариравме дека сме граѓанска држава и дека правата произлегуваат од граѓаните. На граѓанинот му припаѓаат тие права.

Ваков впечаток, не впечаток, туку тоа е вистината, едни граѓани ќе имаат поголеми права да одлучуваат а другите ќе имаат помали права да одлучуваат. Републичкиот судски совет, вака како што е предложен нема критериум. Не може да се запазат критериумите. Ќе се добие негативна спрега на критериумите.

Што тоа значи? Тоа значи дека нема да дојдат истакнати правници, а нам ни е целта да дојдат истакнати и проверени правници. Потоа, да бидат тие компетентни и што е најважно, да бидат чесни правници. Нечесната работа и непочитувањето на правото и законот видовме до каде ја доведоа државата.

На овој начин им се овозможува на правниците да дојдат, на кои им е туѓ или кои не сакаат да спроведат ред и закон. А, оние кои не сакаат ред и закон, тогаш ќе создадат само неред и непочитување на законот, а се залагаме за правна држава.

Од наведените причини сметам дека овој амандман не треба да се прифати и се коси со сите меѓународни стандарди и критериуми. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандаманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за амандманот на г. Тодоров.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор? - Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, ние сега се занимаваме со амандман кој се однесува на завршниот дел. Поточно, со изборот на членови на Републичкиот судски совет.

За десет години пракса гледаме дека судската власт на несоодветен начин се воспостави. Гледаме дека ниту статусот на судиите е адекватен. Дали се мисли тука на нивниот буџет односно на независноста, автономноста на таа судска гранка, ниту пак нивниот избор е во рацете на таа гранка. Ние гледаме дека на два пати биран Републички судски совет е оспоруван токму во Собранието и секогаш од опозицијата. Исто така имаме веќе емпириски показатели од тој Судски совет дека предлози било за судии, било за претседатели на судови, а овие последниве се посебно важни, Собранието ги одбива. На тој начин таа гранка од власта се дезавуира поточно се оневозможува да ја врши работата. Упатно беше при реконструкцијата на Уставот да се стореа напори вакви нешта понатаму да не се случуваат.

Со ваквиот амандман не гледам дека тоа е интенција. Напротив имам стравување дека поддржувајќи го членството или изборот за член на Републички судски совет, со етничкото потекло на некој начин ќе се парализира работата на тој совет. Веќе имавме, за жал, негативна емпирија од работата на тој орган, а сега дополнително тоа ќе биде усложнето.

Оттука мислам дека ваквниот амандман не треба да биде поддржан. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот. Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Ги молам пратениците да влезат во салата.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата. Текстот на Предлогот на амандманот XIV го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 91 пратеник. За гласале 82 пратеници, воздржано не гласал никој, против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амадманот XV на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман на точка 1 за менување на втората и третата реченица со ставови 2 и 3 и за додавање нов став 4 по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандман за внесување нова точка 1, за точката 1 и за менување на точката 2 по кои предлагачот не се признел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амадманот XV по кои предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандманот XV поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Ѓорѓи Тодоров бара збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Амандманот XV поднесен од страна на предлагачот кој што гласи "Собранието ги избира судиите на Уставниот суд".

Собранието избира 6 судии на Уставниот суд со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Собранието избира тројца судии со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија.

Мандатот на судиите трае 9 години, без право на повторен избор.

Со овој амандман се заменува ставот 2 на член 109 на Уставот на Република Македонија."

Сакам да кажам дека со овој амандман како и со претходниот амандман XIII исто така се воведува консензуална демократија, каде што се препознава во текстот, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население. Мислам дека ваква една децидна, да не речам реченица што нуди уцена на некој начин, дека мора да се прифати, мислам дека таквата терминологија не кореспондира со уставната терминологија и не личи да биде составен дел на текст на член на амандман на Уставот на Република Македонија и од тој аспект предлагаме да се брише.

Со овој текст на амандманот исто така се крие опасноста од парализа на работата на законодавниот дом преку можноста за вето врз етничка основа. Гледано од аспект на стручноста и начинот на кој што функционира Уставниот суд, вака предложеното е надвор од здравиот разум што го познава западната демократија.

Поради тоа сметам дека постојниот член ги задоволува сите демократски принципи и нема потреба од негово менување. Затоа предлагам овој предлог на амандман да се брише. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Има збор господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Би сакал да му обрнам внимание на предлагачот на овој амандман дека Уставниот суд е категорија што постои веќе со децении наназад и дека секако и понатаму ќе си го има своето место во Уставот. За мене, би сакал да кажам дека е проблематично задржувањето на тој Уставен суд од следната причина:

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (продолжение)

Ние се наоѓаме пред длабоко расчистување со уставните определби. Токму Уставниот суд не најде засходно да поведе ниедна постапка во врска со тоа што се одигрува тука во Република Македонија.

Исто така сакам да ви укажам, ценети колеги и колешки дека постојат и држави кои немаат уставен суд. Во таквите држави, материјата за оценување на уставноста е пренесена во Врховниот суд. Можеби во наредниот период и тоа ќе биде согледано, па и во Македонија размисли за местото на Уставниот суд. За жал, во оваа наша пракса гледаме дека тој суд не си го заслужи местото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратеници. 5 пратеници гласале за, воздржано гласале 13 пратеници и против гласале 57 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1, за менување на втората и третата реченица, за ставовите 2 и 3 и за додавање нов став 4 на текстот на Предлогот на амандманот XV, поднесен од пратеникот Стојан Андов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници. За гласале 12 пратеници, воздржано 9 и против гласале 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нова точка 1 пред точката 1, за менување на точката 2 на текстот на предлогот

на амандманот XV, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници. За гласале 4 пратеници, воздржани 11 и против гласале 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија.

Збор бара пратеникот Вангел Симев.

Ве молам, да знаете што значи сега кога некој зема збор по текстот на предлогот на амандманот. Тоа значи дали има некоја конкретна забелешка, некој пропуст во текстот. Не да зборува за амандманот. Тоа го минавме во општиот претрес. Сега само дали е направена некоја редакциска грешка или некоја грешка во текстот. Ништо друго.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не е толку битна формата колку што е битна содржината на амандманот. Јас се задржувам на содржината на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За содржината разговаравме кога беше општ претрес.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Добро. Се повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Текстот на предлогот на амандманот XV го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 96 пратеници. За гласале 85 пратеници, воздржани нема и против гласале 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на предлогот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за бришење на амандман XVI и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за бришење на текстот на предлогот на амандманот XVI, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за бришење на текстот на предлогот на амандманот XVI по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Кирил Андоновски, Ѓулистана Марковска, Михајло Горѓиевски и Данило Глигоровски поднесоа амандман за бришење на амандманот XVI и истиот е повлечен.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандман за бришење на амандманот XVI и истиот е повлечен.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на амандманот XVI и истите се повлечени.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за бришење на амандман XVI по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амандманот XVI по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на предлогот на амандманот XVI, поднесен од пратениците Стојан Андов, Саво Климовски, Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски, Чедо Петров и Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Со амандманот XVI предложен од страна на предлагачот каде со овој амандман се заменува ставот 5 на член 114 на Уставот на Република Македонија а тој гласи:

Точка 1 - Локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население на Република Македонија.

Законите за локално финансирање, локални избори, општинските граници и за градот Скопје, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има

мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија.

Мислам дека и овој текст е неиздржан, од аспект на меѓународната терминологија и уставните права, затоа што и во овој текст се употребува терминологијата, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на недефинирани заедници кои не се мнозинско население во Република Македонија. Мислам дека ваквиот текст е несериозен текст за еден уставен текст.

Со ваквиот текст на амандманот се форсираат елементи на мултиетничка држава и тоа: етнички заедници како основа за изградба на државната власт, право на вето врз етничка основа, конституирање на сите нивоа на системот од локално до централно ниво, повторно врз етничка основа, издигнување на јазикот на националното малцинство на ниво на службен јазик. Во функција на тоа етничките заедници стануваат темелна вредност и основа за структуирање на целокупниот уставен поредок. Всушност се нарушува унитарниот карактер на државата.

Не е точно тврдењето дека со ова се заокружува еден либерален однос кон демократски систем за индивидуални човекови слободи и права.

Уставниот суд и Републичкиот судски совет, како и законот кој има врска со Законот за локално финансирање, општинските граници за локални избори, се внесува консензуална демократија на македонски начин и елементи на корпоративизам на македонскиот политички систем.

Со се ова ќе се овозможи блокада во одлучувањето и дисфункционалност на системот на Република Македонија. Заради тоа предлагаме овој амандман кој внесува како новитет, јавните служби и рурално планирање, заштита на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, а се брише од постојниот предлог односно од постојниот член 114 став 5 од Уставот каде прецизно е кажано, предучилишното воспитание, овде се брише предучилишното воспитание, се брише основното образование. Се искажува само образованието, без јасно да се стави до знаење за кој степен на образование станува збор. Исто така се брише основната здравствена заштита. Се воведува здравствена заштита каде се дава можност за злоупотреби и толкување во незнам чија корист.

Затоа предлагаме овој амандман да се брише, да биде неприфатлив или непринципиелен во однос на уставното право и меѓународната терминологија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници. За гласале четворица пратеници, воздржано гласале 11 пратеници и против гласале 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Господинот Вангел Симев сака да каже како ќе гласа по овој амандман.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сакам да кажам зошто нема да гласам за овој предлог амандман, тоа го правам од следните причини:

Главна причина сепак е консензуалното одлучување. Повторно се понижува македонскиот народ и македонската држава затоа што со овој предлог-амандман албанското малцинство ќе има право општинските граници да ги ревидира, а ревидирањето, според настапите што ги има ќе одат на штета на македонскиот народ и македонската држава. Границите ќе бидат обележувани според етничкиот состав на населението кое е опасност исто така за Македонија. Со овој амандман се сака брза кантонизација на Македонија, а потоа етноизација и гетоизација, се до федерализација на Македонија. Сепак најболно е тоа што ревизијата ќе биде извршена со меѓународно учество. Ова го нагласувам. Ревизијата ќе биде извршена со меѓународно учество. Ќе стои во Уставот. Ова порака треба сите нас многу да не загрижи, бидејќи мешањето во внатрешните работи ќе значи протекторат за Македонија. Значи ќе дозволиме мешање во Македонија, а тоа некој свесно и го посакува.

Поради горе наведеното, нашата партија нема да гласа за овој амандман, а јас верувам и пратениците кои добро размислиле и го проучиле овој амандман нема да гласаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот на предлогот на амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 96 пратеници. За гласале 80 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник и против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на предлогот на амандманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амдманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман на точка 1 и за ме-нуваше на точка 2 и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман на точка 1 и за менување на точка 2 и истиот го повлече.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за додавање нов амандман XVII-а по амандманот XVII и истиот го повлече.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за додавање нова точка 2 по точката 1 и за менување на точката 2 со кој се согласил предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на амандманот XVII.

Пратеникот Никола Јованов поднесе амандман за додавање нова точка 2 по точката 1 и за менување на точката 2, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за додавање нов амандман XVII-а и истиот е повлечен.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за додавање нов амандман XVII-а, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амандман XVII, по кој предлагачот не се произнел.

Овде се јавиле Јордан Бошков и Трајко Гешовски.

Дали се тоа некои интервенции или грешка.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не е грешка. Јас барав збор уште пред да го гласаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е грешка во ред е.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не е грешка, оти грешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако не е грешка, тогаш земете збор. Ви давам збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Добро, благодарам. Дали може сега да зборувам?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, но не за тоа што било.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не за тоа што било, туку за тоа што ќе биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тогаш подоцна.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на предлогот на Амандманот XVII, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот, да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами, колеги пратеници, и овој амандман, исто така, од непринципиелност односно со овој амандман се заменува ставот 1 на членот 115 од Уставот на Република Македонија и тој гласи: "Во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштита на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и други области утврдени со овој закон".

Моето образложение е исто како и при Амандманот XVI или бидејќи не сакам да се повторувам, предлагам Амандманот XVII да се брише, а образложението останува исто. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, јас само сакам да најавам дека кога ќе гласаме за овој амандман, ќе ја искористам можноста да се обратам во рамките на пет минути. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Вангел Симев бара збор.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го поддржувам мојот колега од ВМРО-вистинска дека овој амандман XVII треба да се брише. Членот 115 е редуциран од три члена само на еден член. Избришан е ставот со кој се утврдува дека "општините во вршењето на своите надлежности ќе имаат надзор врз законитоста на нивната работа во Републиката". Исто така, избришана е одредбата за делегирање надлежности на општината. Со новата преформулација на овој член им се дава можност на општините да бидат држава во држава и постои опасност сето ова да биде злоупотребено, знаејќи ја средината во која живееме и посебно менталитетот балкански.

Покрај наведените надлежности, исто така, во текстот е извршена крајно недолична измена и тоа "предучилишното и основното образование од постојниот текст се

заменува со перфидниот термин самообразование". Тоа ќе значи дека граѓаните од локалната самоуправа, имаат можност во иднина да одлучуваат и за високото образование. Можеби немаше толку недоверба да имаме во албанското малцинство ако тоа не посегнеше по оружје и ако се залагаше само за образованието. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Тоа е амандманот на господин Ѓорѓи Тодоров.

Вкупно гласале 77 пратеници. "За"гласале 6 пратеници. "Воздржано" гласале 12 пратеници."Против" гласале 59 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 2, потточка 1 и за менување на точката 2 на текстот на предлогот на Амандманот XVII поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Тоа е амандманот на господин Ѓорѓи Тодоров.

Вкупно гласале 83 пратеници.

"За" гласале 9 пратеници. "Воздржано" гласале 13 пратеници. "Против" гласале 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот за додавање нов амандман XVII -а, поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Благодарам. Потребата од поднесениот амандман за додавање на нов амандман XVII-а произлегува од посебната уставно-правна позиција на градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Поточно, со амандманот XVII-а, кој го додаваме како нов, после амандманот XVII гласи: "Во градот Скопје граѓаните непосредно и преку претставници во органите на градот и од општините во градот учествуваат во одлучување за прашања од значење за градот како посебно подрачје, во кое влегуваат и подрачјата односно делови од подрачјата на повеќе општини со седиште во градот, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштита на околината, локалниот економски развој во градот и општините, локалното финансирање и кофинансирање со општините, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и од други области утврдени со овој закон".

Впрочем и во постојниот Устав, значи во актуелниот Устав во членот 117 во став 1 се вели дека "Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа, чија организација се уредува со закон". Значи, со овој амандман се интервенира членот 117 од Уставот на Република Македонија на ставот 2". Се надевам дека по овој амандман ќе има разбирање од колегите пратеници и заради тоа што е и одржан и аргументиран и дека на крајот пред завршување на амандманската расправа, ќе имаат разбирање и совест да гласаат вон партиските ставови и за она што значи аргумент и потреба. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, да немаше ваков амандман, добро ќе беше ние да го измислиме, а и да не го измислиме, добро ќе беше да чуеме како мислат другите структури во државата. Јасни се укажувањата и на градската власт и на општините во град Скопје. Јасен е дигнатиот глас во насока на аларм.

Според мое видување, доколку не успееме да вткаеме ваква измена, инаку буквално идентична со таа што нам ни е тука предложена во извештајот од Комисијата за уставни прашања на страница 61, а инаку тој предлог тука на таа страница е од Правниот факултет и го поднела професор д-р Гордана Силјановска - Давкова. Ние го трасираме развојот на градот Скопје во неврат. Скопје е, сепак, мојот роден град и не можам да останам индиферентен и да не побарам разбирање, барем во овој дом да се поведе сметка иднината Скопје да не биде минатото на Бејрут.

Јас давам силна поддршка на амандманот од колегите од Нова демократија и се надевам дека разбирањето ќе биде и кај другите колеги во таа насока.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Едно појаснување. Претседателот на Собранието објасни дека еден амандман, кој е прифатен од Уставната комисија и станува составен дел на текстот, токму се бави со поправање на грешката, вклучување на градот Скопје во консеквенците на амандманот, консеквенците кој ги предвидува амандманот. Со тоа е решен тој проблем за кој се зборува овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. (Реакција од пратениците).

Ве молам, внимавајте, нели госпоѓата Наталија Марковиќ-Димова сега дискутираше. Тоа беше нејзин амандман и на група пратеници. Значи, гласаме за амандманот XVII-а.

Сега ве молам разјаснивме што е, тоа е амандман на амандман.

Тоа се вика Амандман XVII-а. - Да минеме на гласање.

Вкупно гласале 83 пратеници. "За" гласале 9 пратеници. "Воздржано" гласале 13 пратеници. "Против" гласале 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на Амандманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека предлогот на Амандманот, Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на предлогот на Амандманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам, седнете на своите места.

Текстот на предлогот на Амандманот XVII го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 101 пратеник. "За"гласале 89 пратеници. "Воздржано" гласал 1 пратеник. "Против" гласале 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на предлогот на Амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандман за бришење на Амандманот XVIII по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Филип Петровски и Данило Глигоровски поднесоа амандман за бришење на Амандманот XVIII, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за менување на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандман за менување на Амандман XVIII, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандмани за бришење на Амандманот XVIII и за додавање нова точка 2 по точката 1, по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по Амандманот за бришење на текстот на предлогот. на Амандманот XVIII, поднесен од пратениците Стојан Андов, Филип Петровски, Данило Глигоровски и Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Да, амандманот не се прифаќа, работата е во тоа што одбивајќи прифаќање на овој амандман, државата Република Македонија дефинитивно не е веќе од АСНОМ-ски карактер. Веќе не ќе можат да се вршат измени во Уставот за било која наредна генерација и со било кое мнозинство. Ние сме тука како претставници на народот и сме тука, бидејќи е одржано заседанието на АСНОМ во манастирот Свети Отец Прохор Пчински. Ние не сме тука за да воведеме ваква регулатива, со која што историскиот пат на македонската државност ќе биде прекинат, а за возврат ќе се понудат магловити перспективи.

Јас, ценети колеги и колешки, не мислам повторно да барам збор, ниту во рамките на тие пет минути, бидејќи еве има таков амандман на постојниот амандман кој го изразува целосно и моето гледиште.

Гласајќи овој пат, потребно е да ни биде јасно дека ние АСНОМ-ската држава ја закопуваме, доколку амандманот XVIII остане во таков облик. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги, почитувани дами и господа пратеници, со Амандманот XVIII, всушност, се цементира или бетонира понатамошните измени и дополни во Уставот на Република Македонија, согласно демократските принципи. Амандманот XVIII гласи: "Одлука за измена на Преамбулата, членовите од глава 2, основни слободи и права на човекот и граѓанинот, особено членовите 7, 8, 9, 19, 48 и 56, членовите 69, 77, 78, 86, 104, 109, 114, 115, 116, 117 и 131 се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинско население во Република Македонија".

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:** (продолжение)

Со овој амандман се дополнува членот 131 на Уставот на Република Македонија. Сакам да кажам дека со ваквиот текст на Предлог на амандманот XVIII како што реков се забетонува понатамошната измена согласно една нормална демократска процедура. Со ваквиот текст на амандманот се форсираат елементи на мултиетничка држава и тоа етнички заедници кои како основа за изградба на државната власт, право на вето врз етничка основа, воведување на консензуална демократија, конституирање на сите нивоа на системот од локално до централно ниво повторно врз етничка основа, издигнување на јазикот на национално малцинство на ниво на службен јазик. Во функција на тоа етничките заедници стануваат темелна вредност и основа за структуирање на целокупниот уставен поредок. Всушност се нарушува унитарниот карактер на државата. Не е точно тврдењето дека со ова се заокружува еден либерален однос, односно демократски систем за индивидуални човекови слободи и права. Бидејќи еднаш испробаниот и успешен рецепт како што го имаме во РМ, со воен притисок и политички притисок се вршат измени во Уставот на РМ, во пракса значи повторно повторување. Ова го велам од причина што од оваа говорница многу пратеници од националните малцинства кажаа дека се незадоволни со ваквите промени на Уставот на РМ, што значи дека утре повторно врз база на тероризам, воен притисок, политички притисок и други притисоци можни се нови измени на Уставот на РМ се до крајната цел, а тоа е федерализирање на РМ, а потоа со право на сецесија, односно делење на Република Македонија.

Затоа колеги пратеници, мислам дека овој амандман не треба да се прифати вака како што е даден и затоа предлагам да се брише.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Сакам да ве замолам, од дијаспората, од американската дијаспора сум замолен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде нема дијаспори. Не може. Вие овде ќе си кажете само по амандманот кој е сега на дневен ред.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас ве замолив и ве прашав, бидејќи не дозволувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се што ни праќаат, ние делиме. Така што за ставот на дијаспората известени се пратениците.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се повлекувам. Сакам да зборувам за амандманот XVIII зошто нема да го прифатиме како партија. Пред да кажам сакам да дадам еден мал вовед. Историчарите ќе забележат од 1945 година до денес Македонија не била во потешка состојба. Кога му е тешко, ќе кажам една поговорка: мачката и кучето заедно спијат, кога е ладно. Кога ни е тешко на македонскиот народ требаше да најдеме заеднички нешто што ќе не зближи и да се договориме околу Рамковниот договор. Мое убедување и размислување е дека и сега се делиме кога ни е најтешко. Сакам да им забележам на сите претседатели на политичките партии, посебно на партиите кои се најголеми.

Пред појавата на терористите Македонија важеше за една од земјите ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зборувајте за амандманот кој е овде поднесен.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

За Уставот сакам да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не за Уставот, туку за амандманот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе зборувам за амандманот. Амандманот XVIII или член 131 можам да кажам дека овој член се преформулира на штета на македонскиот народ и на штета на македонската држава. Со овој предлог амандман од авион е видлива штетата која ќе и се нанесе на македонскиот народ и на македонската држава.

Господо потписничари, од оваа говорница за последен пат ве прашувам, со новиот предлог-амандман за измена и дополна на Уставот на РМ, македонскиот народ го поставивте во подредена улога каде што тој ќе служи само како декор. Додека албанското малцинство ќе одлучува за некои витални промени во Уставот на РМ, кои ќе бидат на штета на македонските државни интереси. Поголема штета не можевте да ни нанесете ниту на сон а камоли на јаве. Со овој амандман се воведува уставно вето што верувам во ниедна унитарна држава ваква измена во Уставот и вакво консензуално одлучување не ужива некое малцинство. Со овој амандман им се дава можност на македонските пратеници од албанско

потекло Уставот да си го кројат по свој терк. Со наведените предлог-амандмани создадени се услови за разградување на Македонија и предизвикување на немири. Затоа овој Рамковен договор имав можност и да прочитам, не е мое ова размислување, тој е Тројански коњ, вметнат во Уставот.. И сметам дака ќа и штети на македонските државни интереси. Сето ова ќе треба што побрзо да му го објасните на македонскиот народ што губи, а што добива. Јас сметам дека ништо не доби, освен што изгуби. Војната и понатаму продолжува и понатаму се гине и понатаму се пука. Ваков Устав нема ниту во Тунгузија. Што ќе се добие со хибридниот Устав? Ќе се створи невиден хаос од непочитување и злоупотреба на законитостите во сите дејности на животот. Потписничарите и нивните двајца советници сакаат да направат од Македонија хибридна држава која ќе биде единствена од ваков тип во светот. Или битолчани знаат да кажат: јампорос држава.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, бидејќи и јас сум еден од тие што го поднел амандманот за бришење на амандманот XVIII, сакам да кажам само неколку збора. Нема да дискутирам опширно од проста причина што моите дискусии веќе ги испорачав пред Собранието и македонската јавност. Очигледно а дека договорот си врви, а читаме дека уставните промени ќе бидат усвоени и многу а јасно дека не се прифаќаат амандмани. Меѓутоа, морам да кажам дека за овој амандман мислам дака не му е место во овој договор од проста причина што се воведува можност да се стави вето на уставни промени. Ние направивме проширување на поле на правата на малцинствата во многу уставни категории, меѓутоа вака мислам дека се цемантира промената на Уставот. И согласно тоа ќе поднесам амандманот да се брише. И би сакал да има поддршка овој амандман доколку е тоа можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од истите причини и јас го поднесов амандманот.

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Амандманот за бришење на текстот на амандманот XVIII што го поднесовме Стојан Андов, Филип Петровски, Данило Глигоровски и Ѓорѓи Тодоров.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 98 пратеници, за гласале 22 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на предлогот на амандманот XVIII поднесен од пратеникот Саво Климовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратеници, за гласале 5 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале 72 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на предлогот на амандманот XVIII поднесен од пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претересот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 91 пратеник, за гласале 5 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 2 по точката 1 на текстот на Предлогот на амандманот XVIII поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, со овој амандман во амандманот XVIII по точка 1 се додава нова точка 2 која гласи: Уставот на Република Македонија не може да се менува за време на воена или вонредна состојба. Уставот не може да се менува ни во време на делумна или целосна окупација на територијата на Република Македонија. Точката 2 станува точка 3. Всушност со ова решение се попречуваат идните измени на Уставот на РМ, во услови на воена, или вонредна состојба како и во услови на окупација на Република Македонија, како што го имаме денеска. Денес имаме еден дел од територијата на РМ е окупиран од страна на терористи, нарушен е територијалниот суверенитет и интегритет на РМ, нашата војска и полиција нема пристап во тие места, а ние менуваме Устав под воен притисок и политички притисок. Токму затоа го предлагаме овој амандман, бидејќи еднаш испробан и успешен

рецепт од страна на националното малцинство за промена на Уставот под воен притисок, под притисок на оружјето, денеска ако биде успешен со изгласувањето на овие амандмани, верувајте дека утре пак ќе се соочиме со нова војна за нови измени се до федерализирање на РМ во услови на сецесија, односно одделување и распарчување на РМ. Доколку сакате да не ни се случи ова, да не се повтори оваа воена состојба во РМ, ве молам да гласате за овој амандман.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, сосема накратко сакам да го кажам моето лично мислење во врска со предложениот амандман од колегата Ѓорѓи Тодоров, а во врска со амандманот XVIII. Сакам да кажам дека ќе го поддржам овој амандман од повеќе причини. Една од основните причини е, би го поддржал и ќе го поддржам со надеж дека ова што сега се случува со нашиот Устав и со нашата држава дека не ќе се случува понатаму. И покрај тоа што во образложението стои дека се извршени со овие уставни измени, амандмански само 12% од промената на Уставот. Се работи за длабоки уставни зафаќања, би рекол премногу длабоки и премногу интензивни за еден ваков период. И сето тоа се прави под силен притисок од Меѓународната заедница, но и од отворено да кажеме од терористите и од војната во Македонија.

Мислам дека Францускиот Устав има таква одредба каде што стои дека никој не може да промени Устав на Франција во состојба на воена состојба, во состојба на окупиран дел или поголем дел или цела територија, или цела држава.

Но од друга страна се прашувам дали, ако ова го усвоиме дали можеби како што одат работите и понатаму не ќе дојдеме во ситуација самите да си ја дозабетонираме состојбата, бидејќи амднданот XVIII е таков каков што е, за што зборуваа многу колеги. Да не должам, сметам дека амандманот е на место, ќе го поддржам. Не сакам да апелирам до колегите, тоа е мое лично мислење, мој личен став, сметам дека има основа и дека има место во овој политички момент, во овој момент партиски, во овој момент на тешка криза во Македонија да се најде во Уставот на РМ, и дека можеби на некој начин ќе остави една резерва кај граѓаните на Македонија дека ќе биде подобро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Се работи за додавање нова точка 2 по точката 1 на текстот на предлогот на амандманот XVIII поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласала 91 пратеник, за гласале 14 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по такстот на предлогот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдување на предлогот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Текстот на предлогот на амандманот XVIII го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Гласале вкупно 101 пратеник, за гласале 81 пратеник, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амаднманот XVIII од Уставот на Република Македонија.

Давам пауза за да може да се подготви и подели Предлогот на амаднманите на Уставот на Република Македонија, а потоа ќе означам продолжување на седницата со знакот на звоното, вечевра ќе ги усвоиме амаднманите.

- (Седницата имаше прекин од 21,40 до 22,30 часот). (По паузата)

Молам пратениците да влезат и да си седнат на своите места а службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

101 пратениик се присутни во салата, според тоа констатирам дека можеме да работиме.

Продолжуваме со усвојување на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија Ви е поделен.

Според член 131, став 3 од Уставот на Република Македонија одлука за измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Преминуваме на усвојување на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Амандманот IV на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Пред тоа господинот Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа, на почетокот на целиот процес би рекол да го изнесам ставот на Пратеничката група како не би се повторувале при усвојувањето на секој амандман поединечно.

Во историјата на сите народи постојат времиња кога тие носат судбински одлуки за сопствените работи. Ние како претставници на народот денеска се наоѓаме во улога на своевидни гласници на народот во врска со историските одлуки кои во негово име треба да ги донесеме.

Изјаснувајќи се за амандманите предложени од господинот Борис Трајковски како никогаш до сега ние всушност се изјаснуваме за иднината на нашиот народ и на Република Македонија. Притоа Демократска алтернатива не може да се отргне од впечатокот дека усвојувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија ни од далеку не достига до нивото на потребата да се надмине длабоката политичка, безбедносна и системска криза во која се наоѓа земјата. Напротив, како своевиден историски анахронизам на почетокот на новата ера која со себе ја носи XXI-иот век игнорирајки ги развојните и општествените трендови кои на епохален начин го менуваат нашиот континент по наша проценка, усвојувајќи ги вака предложените уставни амандмани ќе придонесеме да се продлабочи општата криза во земјата.

Република Македонија веќе десет години тоне во економска и социјална криза. Решавачките политички фактори наместо на креативен, а пред се на одговорен начин да се пуштат во изнаоѓањето на решенија за подобрување на квалитетот на животот на сите наши граѓани произведоа нови видови на деградација на политичките и безбедносните состојби на земјата.

Оттаму ДА на историски значајниот денешен ден укажува заради историјата, но и заради чуството на сопствена одговорност пред граѓаните на тешките последици за иднината на Република Македонија. Општествено-историскиот развој на земјата произвел неодминливи реалности. Тие недвосмислено детерминираат дека македонското општество е етнички конфесионално и културно комплексна заедница. За ДА ваквата состојба носи крупни потенцијали за динамичен развој на земјата меѓу останатото и низ постојано меѓусебно влијание на различностите кои ја красат нашата заедница.

Секој обратен процес е антиисториски, ги отфрла заедничкиот живот и на крајот реално ќе понуди дезинтеграција на земјата заради наводните потреби на мирот и посебните интереси на националните заедници, како што се дефинирани во понудените уставни амандмани.

Почитувани колеги, ДА е целосно свесна дека на Република Македонија и одговара конституирање на граѓанско општество. Развој низ динамичен економски раст и демократизација во сите сфери на животот. Обратно од тоа предложените уставни амандмани ги отфрлаат и ги затвораат таквите перспективи на земјата. Имено, како груба негација на глобалната европска идеа за граѓанско општество ние денеска ќе донесеме одлуки за промовирање на двонационален концепт на организирање во скоро сите сфери на живеење.

Тука сакаме јасно и недвосмислено да укажеме дека не нуди перспективи за стабилен општ развој на земјата. Напротив, тој потценувајќи ги токму историските реалности и карактеристики на нашата заедница ќе произведе односи на национална изолација, национално затворање, постојана радикализација на меѓуетничките односи, безперспективност на заедничкиот живот и натамошната крајно опасна релативизација на државотворните интереси на Република Македонија. За жал, мораме да подвлечеме дека Република Македонија нема перспективи како демократска земја. Во таа смисла за нас е сосема јасно дека уредувајќи ја земјата по логиката на вештачката, но нагласена двонационална конструкција одговорните политички фактори всушност ја конституираат како иманентно недемократска земја. Со тоа свесно или несвесно тие ја запечатуваат судбината на земјата.

Почитувани колеги, ДА не може да ги поддржи ваквите уставни промени. Нашата партија притоа не го прифаќа диктатот на одговорните политички фактори ниту нивната лажна дилема ваков мир по секоја цена или војна. Ние ќе се залагаме за вистинските преспективи на Република Македонија како заедница на граѓанско општество, нагласен демократски развој, економска и социјална стабилност во контекст на нејзините пошироки европски интереси. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господин Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Сакам да го кажам ставот на НДП. Почитувани пратеници, бидејќи безкрупулозно се погази политичкиот договор од Охрид со кој се направи тежок преседан, а со што неодговорно се прегази она што беше потпишано и се наруши принципот како пратеник намам никакво морално право да присуствувам на чинот на понатамошно градење на Македонија како национална држава само на македонскиот народ при што со игра на зборови албанскиот народ во Македонија се остава и понатаму да се третира како малцинство.

Несакајќи да бидеме инструментализирани и да служиме само како декор, принудени сме да ја напуштиме оваа седница поднесувајќи ја оваа Декларација со која на целата прогресивна јавност ќе им биде објаснето поради кои причини сме прунудени кон донесување на ваква одлука. Од мноштвото историски, социолошки, психолошки и политички моменти ќе издвојам само неколку.

Прво, во Крушевското востание албанците учествуваа заедно со македонците затоа што биле договорени заеднички да ја градат и раководат новонастанатата република.

Второ, во Втората светска војна над 20 илјади албанци од Македонија не се бореле за да имаат повеќе јавни куќи, чајџилници, бурекџилници и пиљарници, туку да бидат конститутивен елемент и паритетно застапени во институциите на системот и да почнат да градат свои културни вредности исто како и македонците.

Бидејќи до ова не дојде илјадници албанци со драконски казни беа измачувани и тортурирани по мизерните затвори само затоа што не можеа никако да се согласат да бидат дискриминирани односно затоа што бараат да бидат рамноправно третирани како и македонците. За разлика од многу бивши комунистички земји од Источна Европа кои при промена на системот како најприоритетна постапка прогласија политичка рехабилитација за сите политички затвореници ова во таканаречената демократска Македонија сеуште не се случило, а знаете зошто? Затоа што над 95% на тие бивши политички затвореници биле албанци.

Конечно, албанците пак се кренаа на востание само со една цел да имаат рамноправен уставно-правен статус со македонците затоа што тие во Македонија ниту се сметале ниту ќе се помират со наметнатиот статус на малцинство.

Договорот од Охрид направи извесни корекции на корпусот на правата за албанците кои неправедно им беа замислете апсурдно одземени со Уставот од 1991 година иако имавме многу забелешки кон овој договор ние решивме како партија да го поддржиме затоа што беше донесен и гарантиран од меѓународната заедница со која никако не сакаме да се конфронтираме, напротив, високо ја цениме и почитуваме. Меѓутоа, на бескрупулозен начин тој се променува токму во најчуствителниот дел за нас, а тоа е Преамбулата.

Сакајќи да бидеме крајно конструктивни и продуктивни не сакајќи во иднина да имаме политичка и безбедноста нестабилност како партија предложивме идниот нов устав на Македонија за одредено време да остане без преамбула, како што е случај со многу устави во светот и да се изгласаат другите предложени измени онака како што беа договорени и потпишани во Охрид.

Длабоко сме уверени дека ова за моментот е најрационалниот предлог за излегување од кризата, за затворање на конфликтните прашања и за создавање предуслови за враќање на меѓусебната доверба.

За жал овој предлог јавно изнесен не наиде на прифаќање од другите политички субјекти во земјата, за македонските тоа не ме чуди затоа што знам дека уште многу не ќе можат да се демократизираат и запад но европски да се ориентираат, но не ми е јасно што се случува со албанските политичари и пратеници кои по се изгледа го изгубиле патот во својот двор. Зарем толку длабоко запливале во мафијашкото мочуриште што барем зад овој многу конструктивен предлог не можат да застанат. Морам да признам дека сум живеел во длабоки илузии мислејќи дека фигури како Есад Паша Топтани или Рахман Морина се само темни сенки во колективното сеќавање на мојот народ и ќе се споменуваат само како школски пример као не треба да се однесува еден совесен албанец.

Ни на крај памет не ми паѓало дека тие се реинкарнирани во духот на некои сегашни квази политичари албанци.

Јас можам само на крајот да кажам опрости им господе не знаат што прават. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, го користам моето право да се изјаснам зошто ќе гласам против амаднманите. Би сакал да го направам ова сега за да не се јавувам на секој амандман.

Ќе гласам против амандманите не заради тоа што сум против заедничкиот живот со албанците во Република Македонија на кои неколку пати јавно им честитав за стратегијата што ја има во овој период поготово за потегот што го направи ПДП сега во на последните седници вчера и денеска, туку напротив заради тоа што сакам да живеам со нив во заедничка држава.

Во изминатиот период не создадовме клима меѓу граѓаните на Република Македонија македонците да го познаваат албанскиот јазик а албанците да го познаваат македонскиот јазик. Мора да сме свесни дека само генерациите албанци кои учеа во социјализмот го познаваат добро македонскиот јазик, а македонците не го познаваат воопшто и тука сме многу хендикепирани. Не створивме клима да си ги познаваме обичаите, културата, а створивме клима младите генерации да учат во различни згради, да одат во различни кафулиња, а сега со овие измени да бидат и во различни територии.

Создадовме законски услови со овие амандмани некои генерации албанци ги искористат законските можности правењето на замислената административна граница со инсистирање на народ и член во Рамковниот договор каде стои дека границите на општините ќе се формираат после пописот и ќе им овозможиме на некои крила како што е сега АНА, или како што се некои колеги пратеници или идни пратеници кои бараат повеќе од ова да се створи федерација, а понатаму и отцепување.

Мене никој во овој период додека се убедувавме овде за целисходноста на

потпишување на Рамковниот договор не ме убеди дека тоа нема да биде така и покрај тоа што јас неколку пати повикував, прашував освен тоа дека ќе има војна никој не ме разубеди дека ќе имаме заедничка држава и дека ќе створиме услови за такво нешто. Ние не сме економски јаки, не сме евреи - Израел, па да плаќаме на македонците, ние и сега гледаме дека стратегијата ни е за да македонците од тие краишта се селат, законски се селат. Дозволуваме продажба на станови, дозволуваме продажба на земја значи оставен е еден временски простор, јас не сакам да гласам за такви измени и за створање на таква клима во оваа држава. Не сакам да се дели Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Што знам дали ова е процедурално или може да се даде секаква форма. Битно е она што сакам овде да го кажам дека се чувствувам страшно бедно, понижен максимално, како крпа за бришење. Едноставно не можам да се препознаам самиот себе си, оној Флоровски од 1990-1991 и она што денеска ни се случува. Говорам лично за себе. Претпоставувам дека многу од нас така се чувствуваат.

Воопшто не е патетично. Презентирам она што во моментов како порив излегува од мене, доведени сме во една ситуација од која нема враќање. Македонија е притисната, буквално на врат. Уште малку нема да ни остават ни воздух да дишеме. За жал, се наоѓаме во една таква состојба. Вистината е таа. Мора отворено да се каже пред овој макеоднски народ. Не е маркетинг. Тоа се лични чувства што овде ги изнесувам.

Измените што се нудат се повеќе од фатаморгана. Целта е многу подлабока. Таа реализација може ќе доцни 5 до 10 години, но ако веќе зацртал, мислам дека тоа ќе го реализира доколку, повторно ќе кажам и апелирам дека денеска ни е повеќе од потребно македонско национално единство.

Но, ме зачудува една работа. Исто така тешко ми паѓа што еден од кројачите на Уставот денеска не е присутен тука. Мислам на Борис Трајковски. Требаше да најде храброст и доблест да застане овде пред нас, во краен случај да го слуша она што го говореше претходниот дискутант, г-динот Кастриот Хаџиреџа. Да види во кој правец ние се движиме и што ќе се случи утре ако тој истиот господин, како претседател на партија влезе со 15 пратеници и овој договор Рамковен, што денеска го третираме и најверојатно ќе го гласаме затоа што сме притиснати, рече дека е невалиден и не го признава. Што во таква дадена ситуација?

Господине претседателе Андов требаше претседателот Трајковски да го обезбедите овде и она што значат наши лични чувства да ги почувствува и тој. Веројатно 50 скали да се спушти надоле не му се тешки. Апелирам на вас како чесен македонец и патриот, а и овие тука луѓе кои претставуваат одредено гласачко тело сакаат да го видат г-динот претседател Борис Трајковски овде на клупава, да не повторувам тоа што многу пати го говорам дијагонално десно од мене.

Ако јас се чувствувам бедно, редно е и тој да се чувствува бедно за она што и го прави на Македонија, притиснати од надворешните западни фактори. Тука ќе завршам, сметам дека сето она што сакам да го кажам ќе биде излишно, а верувам дека ќе доведе до вжештување на атмосферата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Сакам да ги искористам своите пет минути и да објаснам како ќе гласам. Мислам дека полека се приближуваме кон крајот на патот на срамот. Конечно доаѓаме до неизбежниот смисол на бесмисленоста. А тоа е велепредавството и синдромот на самоуништување кај македонскиот народ. Зборуваме за новиот амандман на претседателот, првиот со неспомнувањето и бришењето на македонскиот народ беше тотално обезличување и губењето на сопствениот идентитет. А новиот амандман е пример на тотална глупост. Глупост што овој пат се сака да се претстави како памет, мудрост и победа. Се работи за губење на државнотворноста и конститутивноста на македонскиот народ со набројување на многу делови на народи, а не малцинства кои живеат во Република Македонија и во нов контекст на апсурдна логика се доделува конститутивност. По таа логика можеше да се набројат сите делови на народи кој живеат во Македонија, а ги има многу за глупоста да биде егземблар за Гинисовата книга.

Со новата дефиниција сите тие стануваат државнотворни конститутивни народи кои со текот на времето можат во склад со меѓународното право да ја пројават својата желба и право за самоопределување и отцепување, па би можеле да дојдеме до една, навистина, жалосна, комична ситуација каде што ќе имаме такви делови или републики или кантони или незнам како да ги наречам, од типот на Шутка, Илирида, Крушево, Велика Кладуша и т.н.

Очигледно успеа идејата за Македонија, како експериментално заморче на дел од светската политика, затоа што светските моќници, во остварувањето на своите политички и стратешки интереси открија дека постои на Балканот и една мала земја која, заради длабоката корумпираност и криминигеност на власта и властољубието на политичарите кои, доведувајки ја својата земја под третман и статус на Земја Будалија решија да го

обезличат, предадат и продадат дури и сопствениот народ.

Со механичкото формално спомнување на македонскиот народ во преамбулата се изгуби историското значење на фактот и чинот на вековниот стремеж и борба за создавање национална држава на македонскито народ која и беше конституирана на заседанието на АСНОМ 1944 година и која го продолжи својот континуитет во 1991 година како Република Македонија, независна, суверена, самостојна демократска држава на рамноправни граѓани. Само би сакал дел од цитатот во амандманот за преамбулата да цитирам, сега "македонскиот народ и делови од албанскиот народ, турскиот, влашкиот, српскиот, ромскиот, бошњачкиот и другите, одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна суверена држава". Мислам дека континуитетот се прекинува и само се народите, значи само матичните народи, не малцинствата, имаат право да конституираат своја држава и тоа го направија низ историскиот вековен стремеж. Тоа што малцинствата, во знак на солидарност учествувале во мал број и т.н, по малцинства не може да ги прави конститутивни елементи. Тоа тие го остваруваат во своите матични држави и го оствариле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Попов, ви помина времето.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Нема да ги користам другите, инаку на секој амандман би се јавувал. Би сакал да завршам и нема повеќе да се јавувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви помина времето.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Молам, готово е времето?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите имаат право на пет минути.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Нема да се јавувам, еве да ги спојам, на две да ги спојам и нема да сејавувам. (Реакции во салата).

Македонското политичко раководство во зенитот на својот велепредавнички и капитулански чин мудро одлучи, манипулирајќи ги своите граѓани да спроведе апсолутно декструктивен механизам за дефинитивно разнебитување и уништување на сопствената држава под привид дека постигнува голема историска победа и демек го враќа македонскиот народ во преамбулата и Уставот на Република Македонија.

Во својата глупост и предавничка мисија, предлагачот на амандмани, претседателот на Република Македонија, измислувајки го "спасоносниот предлог" како врвна глупост, ја стави Република Македонија и македонскиот народ во безизлезна стапица. Својата интелектуална и политичка недокваканост ја налепи на целиот македонски народ и го стави во безизлезна ситуација. Се разбира во тоа му помогнаа и големите политички партии...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навистина времето помина.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

... македонски што ја прифатија таквата понуда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе замолам да ве исклучат. Завршувајте.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Може да ме исклучите ако сакате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловникот важи за секого.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Еве, ќе завршам. При крај сум, ќе прескокнам. Некој постави прашање овде, дали со овој чин на промена на Уставот почнува да се пишува новата историја на Република Макеоднија? Јас би отишол понатаму и би рекол не. Со ова почнува да се пишува крајот на Република Македонија како самостојна, суверена, унитарна, граѓанска и демократска држава. И, сето тоа само заради глупоста или корумпираноста на македонските политичари кои од својата татковина сакаат на направат зомби држава. А зомби по Вуду толкувањата значи мртовец што оди. Значи одземени му се сите витални функции, а оставени му се само елементарните. Оние кои на мртвиот, кому комплетно му е уништен и одземен идентитетот, вештачки го одржуваат на нозе.

Јас не пристанувам лично на таков концепт, на таква идеја на македонската држава. Затоа ќе гласам против. Жал ми е што не можев да имам пошироко излагање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Звонко Мирчевски.

Ве молам да се придржувате на времето што следува.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, во оваа последна фаза кога Собранието на Република Македонија пристапи кон усвојување на измените на Уставот односно со усвојување на амандманите на предлагачот г-динот Трајковски, морам од името на пратеничката група на ВМРО-Вистинска уште еднаш да го изразам нашето негодување заради неудостојувањето од страна на предлагачот на овие уставни амандмани на нас овде, повеќе од 100 пратеници избрани на фер и демократски избори.

Ние, уште од првиот момент се противиме на сменување на Уставот. Не ја прифативме иницијативата за пристапување кон

измени на Уставот. Зошто? Ако се сеќавате, кажавме дека нашиот Устав не е Библија, дека нашиот Устав не е нешто што нема мани и дека во оваа држава, ако се направат услови на еден цивилизациски начин, како што доликува на прагот на третиот милениум да се разговара за сите прашања што не оптоваруваат ние можевме да најдеме и решение.

Меѓутоа, политиката, за жал заврши и се премина со средства други, се премина на насилства, се премина на терор, убиства за да се издејствуваат овие уставни промени.

Ние не можеме да прифатиме и денеска во оваа трата фаза да ги подржиме предложените амандмани. Исто така ќа кажам дака ни а многу жал што не бевме вклучани цело време за да можеме да дадеме наш придонес уште во времето кога се разговараше, кога се праговараше, кога сета таа вонинституционална пародија која се одвиваша во Република Македонија на крајот се озакони овде со прифаќањето на тие уставни промени од вас, повеќето, почитувани колеги пратеници.

Меѓутоа, така поминаа двета фази. Јас морам да кажам дека сме разочарани од тоа што не беа инкорпорирани забелешките од јавната расправа во прадлог амандманите од страна на предлагачот. Значи, јавното мислење не е инкорпорирано во текстот иако се водеше една широка кампања да се слушне гласот на народот.

Исто така, не се испочитувани еден дел одредби од преамбулата на Рамковниот договор каде беша кажано дека не прифаќаме во вакви услови, кога има окупирани територии, раселени граѓани, кога се пука во тариторијата на Република Македонија, кога не се воспоставени институциита на системто на цела тариторија на РМ да се пристапува кон менување на Уставот како навјисок акт на Република Македонија.

Исто така, убиствата што се случија претходните 2-3 двна на припадници на нашите безбедносни сили зборуваат дака разоружувањето не е завршено. Дека некој сеуште располага со софисцитирано оружје и го користи и понатаму за убивање во Рапублика Македонија. Затоа, ги повикувам ушта една потпишувачите на Рамковниот договор, како и олеснувачите со кои што соработуваат уште еднаш да се заангажираат да се врати мирот во Република Македонија.

Уставните промени за нас се и суштински неприфатливи заради преамбулата...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Мирчевски и вам ви помина времето.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодрам, уште малку само.

... заради преамбулата со која што никакви човекови права ама на ниту еден граѓанин во Република Македонија нема да се подобрат. Исто така, заради Црквата што сега, со овие измени се доведува во полоша состојба отколку што беше регулирано со Уставот на СФРЈ. Заради амандманот XVIII со кој што се воведува консензуалната демократија. Ние не веруваме дека со овој чин ќе придонесете, почитувани колеги пратеници да се врати мирот во РМ, да се воспостави функционирањето на институциите на системот на цела територија на Република Македонија.

Сметаме дека во тоа се состои дилемата на поголем број на граѓани во Република Македонија. Од овие соображенија нема да ги подржиме предложените амандмани за сменување на Уставот на Република Македонија. Благодара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, ќе ги искористам и јас моите пет минути. Се надевам дека нема да бидат ни толку за да кажам што се случи со мене да го сменам мислењето по однос на тоа што го истакнувавме јас и повеќе пратеници овде по однос на преамбулата и зошто ќе гласам за преамбулата и за другите амандмани на Уставот. Истовремено ќе сакам да одговорам, односно да коментирам некои искажувања што беа изнесени овде тука, за некои чувства...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа сега не може. Сега само за себе.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Според мене, неважни се некои негирања на Охридскиот договор и на легитимноста, затоа што од двете страни има одреден степен на незадоволство со постигнатото и како такви, мислам дека се безначајни.

Како второ, мислам дека треба да се обидеме да го отргнеме тоа чувство на поразеност што постои во одреден дел и кај албанците, а претпоставувам и кај македонците и да се обидеме да го сфатиме ова како една неминовност за да излеземе од ќор сокакот во кој што се најдовме.

Мислам дека ова што се случува сега долги години секој можеше да го насети дека има потреба од вакво нешто, дека мора да се случи нешто за да се обидеме да го нормализираме текот на животот во Република Македонија.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Продолжение)

Се надевам, тоа што денес го правиме дека ќе биде доволно да се вратиме во нормалниот колосек. Апсолутно не сум убеден дека сите проблеми ќе ги решиме, но се надевам дека ова ќе биде добар поттик, за да можеме мирно да ги решаваме проблемите кои и така ги имаме на претек. Ако е грешка во ред е.

Ќе гласам за амандманите и ќе гласам за целиот пакет на уставните измени, како прво од тоа што беше основен поттик за сите нас овде да му дадеме шанса на мирот, да се обидеме да го вратиме мирот во секој дел на државата и да надвладее разумот. Ќе гласам "за" за да се обидеме да му кажеме не на неперспективноста која ги зафати сите во Република Македонија, без исклучок. Ќе гласам "за" за да се отргне тој воен жагор кој постои во Република Македонија. Ќе гласам "за" и за тоа да се обидеме да го отргнеме тој ментален склоп во кој некој мора да добие за некој да загуби. Да се обидеме, ова што сега го правиме, да го претвориме во нешто што ќе биде заедничка победа за сите нас, но тоа ќе зависи од сите нас. Ако продолжиме вака да кукаме и жалиме, како што тоа го направи еден од претходните говорници. Се разбира дека нема да има перспектива, кој знае колку измени и амандмани да направиме, ако такво чувство надвладее кај нас и таквото нешто го прошириме меѓу граѓаните.

И на крај, ќе гласам "за", за да се обидеме да ги уредиме односите на демократски начин, со договарање, не со надвладување на тие негаторски пориви кај нас, а кој што, се разбира дека постојат, но, ова ќе биде шанса да се обидеме на подруг начин да ги решаваме проблемите. Верувајте, сите ние што сме овде, верувам дека не се чувствуваме многу пријатно од тоа што го правиме. И ние не сме задоволни во целост со тоа што ни е понудено. Претпоставувам дека и кај вас е истото чувство, но, ќе треба тоа да го сфатиме како неминовно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, оваа вечер тешко дека ќе го одбраниме Уставот, многу малку застанаа да се брани Уставот, иако тоа се врши под притисок, кој ќе бидат победници, кој губитници. Сигурно дека оваа вечер влегуваме во историјата. Сигурно дека и едните и другите ќе мислат дека губат и едните и другите ќе мислат дека ќе добијат.

Она што посебно ме провоцираше да излезам на оваа говорница беше тоа што еден пратеник, со својата пратеничка група напушти. Во овој момент е срамно да бидеш македонец. Она што го изигра ДПА како партија мислам дека доби многу направија преку политички дијалог, добија многу. Но, она што мене ме плаши е тоа што никој не гарантира и никој не даде гаранција дека на овие простори ќе има мир. Тоа што ни се случува, и денес слушаме дека се пука и она што ни се наметна за тоа што сме мали како држава, или мали како луѓе, посебно зборувам за нас македонците кои бевме скршени затоа што немавме алтернатива. Мене ми е срам оваа вечер што сум македонец. Можеби е уште пожално и за моите колеги, некои дофрлува дека е тоа така или не е така, затоа што секогаш велат, дел од нас колегите, немаме друга алтернатива, дајте го излезот ако кажете нешто подобро и ние ќе прифатиме.

Она што ни доаѓаат од страна, белосветски еквилибристи, со тоа што ни наметнуваат една филозофија, во еден период кога доаѓаат и заминуваат како десперадовци, а тоа прашање останува ние да го решаваме во Македонија.

Би завршил, јас сум еден од првите кои формиравме група да го браниме Уставот, но бевме многу малку во Собранието. Не можевме да го одбраниме. Уставот мора да падне, а се кастрира, да се погребе оваа вечер. Но, еве верувам дека и ова ако се изгласа, и оваа Преамбула која јас, еве, нема да ја гласам, но се добива квалитат во тоа што за прв пат влегуваат и Србите и Бошњаците. Верувам дека тоа *ќе* биде еден предуслов да има мир на овие простори. Но, ме плаши тоа што никој не дава гаранција. И цената, и она што некој најавуваша дека ќе дојдат многу долари, од таа работа нема ништо. Цената пак ќе ја платиме ние, граѓанита на Република Макадонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на кратко ќе кажам неколку зборови пред да гласам и како ќе гласам.

Денес на дневен ред имаме предлози за измена на Уставот на Република Македонија кој се составен дел на чудовиштето Рамковен договор кој има единствена задача да не стави во заблуда сами да си извршиме самоубиство, како народ, нација, самоубиство што во историјата на човештвото на оваа земјина топка не го познава ниту една нација или ниеден народ во светот.

Денес во услови на воено сценарио, конструирано однадвор, од нашите смртни непријатели на Балканот, кој преку своите лоби групи во Америка и Европа, поврзани со качашко албанското лоби во Америка и Европа, со парите од криминалното црно подземје, дебело ги платија таканаречените европски претставници на североатланските структури кои, божње се залагаа за човекови права, потпомогнати од качашките банди од Република Македонија, логистички поддржани од албанските структури од Владата и Парламентот и со оружје во раце се втурнаа во улога на егзекутори на македонскиот народ, македонската нација и држава. Но, тие во тоа немаше да успеат доколку помеѓу македонците не се појавија јуди и предавници, од типот што едно зборуваат а друго работат и едногласно

зборуваат. Тоа дека врз нив се врши притисок, а тие дека морале да го прифатат, не ги ослободува од одговорноста, бидејќи ако некој врши притисок врз нив, тие треба тоа јавно и гласно да го кажат пред македонскиот народ и да си дадат оставка, бидејќи не се способни да го поведат овој македонски народ во народот на нациите.

Апелирам до сите мирољубиви и совесни македонци, независно од етничкото потекло, да се обединиме и по секоја цена да го спречиме усвојувањето и применувањето на сите предложени уставни амандмани. Тоа е наша должност, не спрема оние кои веќе се жртвувале за слободна независна и суверена држава Македонија, туку спрема нашите деца и внуци кои допрва ќе бидат жртви на етничко чистење и други злосторства, ако ние не го спречиме денешното предавство.

Со целокупноста на предложените промени, доколку бидат усвоени, не само што не зајакнува граѓанскиот карактер на македонската држава, туку ќе се отвори простор за разнебитување на опстанокот и на развојот на Република Македонија како граѓанска и демократска национална држава. Последново решение ќе доведе до голема конфузија, како и до нови проблеми од правен карактер, како шо е на пример дискриминација на сите граѓани на Реублика Македонија кои не се вклопуваат во наведените проценти.

Со појавата на таканаречената АНА која значи албанска национална армија практично во пракса имаме објава на војна од страна на Република Албанија, бидејќи таа до денес се нема оградено од дејствувањето на таа армија во Република Македонија. Мислам дека претседателот треба малку посериозно да пристапи кон ова и да се обединат безбедносните структури во Република Македонија и на војна да се одговори со војна и да се поврати територијалниот и националниот суверенитет и интегритет на Република Македонија. Само така може да се успее. Нашиот народ за ова има една изрека – „клин со клин се избива“. Затоа, не треба да се плашиме, туку да се фатиме во цврста одбрана на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, досега е толку многу кажано. Се размслував дали да се јавам, меѓутоа, сакам да се фокусирам на можните ориентации кои ги даваат овие измени на Уставот, особено Преамбулата, бидејќи кога велиме дека се е кажано и сите книги се прочитани, знаеме и кој стои зад ова, кои се сценаријата и на кој начин е дојдено до оваа ситуација каде што сме ние спротивставени сега, што една мала група на пратеници кажуваме свои ставови како ќе гласаме, да ги искористиме своите пет минути, а знаеме дека е тоа бескорисно, бидејќи тоа што е предложено ќе се изгласа и тоа предложено, замислете, од првиот човек во државата, што треба да биде, претседателот на Република Македонија.

За жал, мораме да подвлечеме дека Република Македонија нема перспективи, освен како дамократска држава. Се виде тоа и во досегашниот период и понатаму допрва ќе се види. Во таа смисла, за нас е сосема јасно дека, уредувајќи ја земјата по логиката на вештачка, но нагласено, двонационална конструкција, одговорните политички фактори, всушност ја конституираат како иманентно недемократска земја. Со тоа свесно или несвесно тие ја запечатуваат судбината на Република Македонија.

Ние бевме свесни дека перспактивите на заедничкиот живот не трпат надгласување по егзистенционалните интереси на граѓаните во врска со нивните етнички права како колективни права. Ние понудивме и уставни решенија кои од една страна ќе ги заштитеа етничките права, а од друга страна целосно ќе ги афирмираа и заштитеа индивидуалните човекови права и слободи.

Јас и мојата партија конзистентно делувајќи во целиот овој изминат период, согледувајќи ја суштинската поврзаност меѓу општата криза на земјата и нејзините економски и европски итнереси, предложи и конкретни мерки за нивна валоризација, во корист на општите интереси на сите граѓани на Република Македонија. Одговорните политички фактори за жал на ниеден начин не покажаа дека негуваат барем елементарна свест за вакви категоријални интереси на земјата. Според тоа, во комбинација на антиисториски модел, на понатамошна изградба на Република Македонија како двонационална заедница и незаинтересираност или непознавање на стратешките интереси за идниот развој на земјата, посебно во економската и социјалната сфера, одговорните политички фактори денес ни нудат еден поперспективен модел за иднината на земјата.

Од сите тие работи, од се она што сме го кажале во досегашната расправа, јас длабоко уверен дека го правам најдобриот чекор, ќе гласам против изгласувањето и на амандманот четири и на сите други останати амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот пратеник Билал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, верувам, сите ќе се согласите дека времето на празни фрази се

поминати и дојде времето сите да размислуваме ладнокрвно и да го донесеме односно Рамковниот договор да се усвои.

Ние како пратеничка група, се разбира, ќе гласаме од причина што сме убедени дека промените што се предлагаат на Уставот на Република Македонија се за доброто на албанскиот народ, за доброто на сите граѓани на Република Македонија. Разни демагози, садисти и волонтери не можат во овој праведен пат нас да не спречуваат. Но, во времето на плурализмот и тоа се случува. Впрочем, не можеме и немаме морално право, ниту политичко право да им се спротивставиме на тие луѓе со средства кои не се дозволени, поготово ние како Албанци, бидејќи во времето на комунизмот сме пателе повеќе од сите граѓани на Балканот, сме пателе од една пракса која велеше, размислувај како што јас мислам и работи како што јас ти наредувам. Така, едно мало дете со тело на маж, јазик на вештерка, бевме сите сведоци, се плаши да каже нешто, мешајќи баби и жаби, Рахман Морина со Есад Баштотани и докажа само нешто и тоа една фрустрирана искомплексирана личност. Тој не само што е искомлексирана личност, туку подвоена личност, дење те фали, а ноќе те куди. Таков дискус е типичен за неплодни особи, како што е Хаџиреџа, кој до сега ништо не сторил и нема право да ни држи морални лекции, бидејќи и тоа го докажа со кукавичкото напуштање на седницата. Доколку тој би бил толку храбар, толку патриот и поалбанец отколку нас албанците колку ги има во оваа сала, тогаш тој треба на своите бирачи, на бирачите албанци, доколку ги има и други, на нив им должи мандатот да им го врати, бидејќи бил избран како пратеник со програмата на ПДП, но станал преку ноќ толку паметен и толку патриот за на сите нас да ни држи лекции. Другиот, неговиот колега Фадил Бајрами, истото треба да го стори, бидејќи бил избран како пратеник со програмата на ДПА.

Апсолутно, јас го изнесов ставот на мојата пратеничка група, а лично ќе гласам затоа што пред очи ми се сите тие страдања на сите граѓани во Република Македонија, посебно на сите тие мајки што ги немаат своит синови, на сите тие мајки што ги немаат децата до 11 години. Го имам предвид сите тие села што се запалени, па чувствувам одговорност од тие последици, а никако да гласам за оваа фотеља, никако да гласам за привилегиите. Доколку сака Хаџиреџа и неговата сорта, тогаш јавно ги повикувам, следната седница јас сум спремен мандатот да им го вратиме, а не овде и бенифициите да ги ужива и дневници да зема и платата и зад грб, овде патриот, а утре, како што се случи впрочем кога ние донесовме заклучоци во ова Собрание за вооружените групи односно за УЧК, тој наместо да присуствува овде на седницата, беше кај претседателот. Значи, ако сака не ми дозволува повеќе совеста да зборувам во тој правец, кога ќе дојде јас ќе им цитирам што тој зборувал таму.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:** (продолжение)

Со тоа завршувам. Ќе гласаме за овие промени, бидејќи сме убедени дека нашиот пат е праведен и е во добробит на сите граѓани, а посебно за албанскиот народ на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани граѓани на Македонија, победно во животот не сум се чувствувал. Јас незнам како ќе се чувствуваат тие што треба да го заверат овој Рамковен договор. Не прифаќам никакви оправдувања. Веќе посебно, во последните 50 години познати сме по прифаќањата и оправдувањата, постојано имаме нешто за оправдување. Дека имаме причина за нешто да прифатиме. Поголемо понижување неможеше да доживее Македонскиот народ и Македонија. Срамен договор е потпишан. На овој срамен договор, ако малку имаше чувство и совест претседателот на државата мораше да биде присутен. Нема никакво оправдување тој да не биде присутен. Тој е должен да каже Тројанскиот кош кој му го изградил и како го донесол и како успеал да го вметне. Тој Тројански коњ ќе го уништи не само Уставот, туку ќе ја уништи и државата. Исто така, мораше да биде присутен и на заверувањето на предавството на Македонија.

Требаше некој од потписничарите или од советниците на овој Рамковен договор барем да каже, кој е автор на овој Рамковен договор. За жал, ние расправаме повеќе недели и незнаеме кој е автор. Постојано некој кажува од пратеници дека некој ни го наметнал. Кој може да ни наметне. До кога со такви невистини ќе се служиме. Ова што го кажувам, го кажувам од срце и успеав нешто набрзина што се присетив во овие тешки моменти да го напишам.

Македонци мои најмили, ни донесовте голем срам и понижување. Ех, Македонци мои, што сторивте? Го продадовте и тоа што малку ни остана, дедовина и татковина. Кој ви го дал тоа право да потпишувате капитулација на зелена маса. Ако немавте државнички способности, зошто на време не кажавте и не се откажавте. Тоа ќе беше најмалиот срам што можевте да го направите.

Боже господе, доволно плаќавме како народ со векови. Крајно е време да ни подарите човек кој знае да ни го врати достоинството, кој сме, што сме, каде бевме и каде сме сега и што не чека.

О, господе боже, ако моите молби стигнат до тебе, нека ти биде простено од мене. Да потпишавме капитулација со борба, ќе беше прифатено и оправдано. Тоа им доликува на борци и на Македонија, а ова наликува и доликува само на предавници. (Благодарам).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, колку за управување натаму, ова, се разбира не е молитвен дом. Ве молам, овде е Парламент, се кажува политичкиот став и точка.

Сега за молење, на друго место.

За збор се јави Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Г. претседателе, колеги пратеници, почитувани претставници, ова е третата и најобемна уставна промена која што се нуди од 1991 год, од осамостојувањето на РМ, од Уставот кој што е донесен таа година. Меѓутоа, овие промени се носат во едни специфични услови под силен притисок од внатре и од надвор и се прашувам, а ве прашувам и вас, дали можеме да донесеме квалитетни и легитимни промени под таков притисок.

Втората промена која што отвора простор за дилема е тоа дека сите услови поставени овде во Собранието се за одржување на оваа седница во сите нејзини фази, не се испочитувани. Значи раселение лица не се вратени, територијата на РМ е окупирана, и понатаму продолжуваат терористичките напади. Сето тоа нема затишје, не дава никаква гаранција за мир и тоа, за мене отвора огромен простор за дилема дали по завршувањето и на оваа фаза, по завршувањето на овие понудени промени имаме некаква гаранција за мир во РМ, кој најискрено го посакуваме сите.

До колку, сепак РМ биде принудена да се развива во споменатиот правец, огромна штета ќе претрпи и онака кревката демократија во регионов во целина. Иако постојат обиди овие предлози за изменување на Уставот да бидат претставени како чекор напред и на патот на приближување на РМ кон стандардите што важат во државните членки на ЕУ, според мене, нема поголема заблуда од ова. Напротив, сосема е обратно. Со концептот што се нуди како вистински преседан компаративно правно опсервирано, доколку помине, во наводници се разбира, РМ сега ќе биде подалеку од кога и да е од Европските стандарди. Со оглед на фактот дека сега го живееме вистинскиот пресвртен момент кога постоењето на РМ и дека промените ќе се предлагаат за изменување на Уставот на РМ, објективно би можеле да предизвикаат во континуитет далекусежни негативни реперкусии од целината на Уставниот систем во РМ.

Претходно, во делот на образложението на амандманите кои што ги поднесовме како пратеничка група, ги кажав забелешките кои што стојат и кои што ги аргументирав со поднесените амандмани во делот и во обемот на амандманите односно на поднесениот амандман. Меѓутоа, очигледно дека немаше никаков сенс од страна на предлагачот односно од страна на претставниците на предлагачот и од колегите пратеници, кои затворени во своите партиски рамки и со ставовите кои што ги имаа претходно, неможеа да ги поддржат амандманите иако од нив беа само од јазична природа и тие не беа поддржани.

Од таа причина јас нема да ги поддржам уставните промени во целост. (Благодарам).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитуван Г. претседателе, дами и г-да пратеници, јас не продавам сирење во шупелка. Иако, многу овде во малите џебови ќе видите имаат шупелка и добро би било да си останеа таму, каде што можеа да ја уптребуваат. За жал, на едните им беше ставено од деснава моја страна фластер на устата, па три месеци поминаа како на одмор во овие клупи, а другите незнам како ќе излезат пред своето членство и ќе им објаснат, зошто ја продадоа македонската кауза.

Јас сум професор по уставно право. Јас сакам утре пред моите студенти, а ги има, верувајте ми, десет пати повеќе одколку овде што сте и што слушате да им погледам во очи и да им кажам дека не се согласувам со овие уставни промени, а особено со оваа преамбула од следниве причини.

Прво, не се согласувам, зашто несакам да бидам составен дел на логичниот крај на една капитуланстско предавничка политика. Не се согласувам да бидам составен дел на еден купопродажен однос, каде што една корумпирана група на политичари, мала, но за жал, доста моќна, го стави во залог македонскиот народ како монета за поткусурување. Не се согласувам, затоа што со ова ми го срушија сонот што го сонував за оваа држава како граѓанска држава, како мултиетничко општество, како држава, во која што ја инсталираа во внатрешноста на системот, тиранијата на малцинството над мнозинството и ми го земаа правото како припадник на мнозинството да се грижам за правата природните права што ги имаат малцинствата.

Не се согласувам со овој амандман, затоа што конечно Македонскиот народ не е конститутивен народ на оваа држава. Го изгуби тоа право што го имаше со децении па и векови.

Не се согласувам со овие амандмани, посебно со ово прв амандман затоа што конечно Македонскиот народ го ставаме во едно уставно правно заложништво, на една мала група, на квазиполитичари кои што ќе се менуваат и ќе манипулираат со Македонскиот народ.

Не се согласувам со ваков вид на амандмани, затоа тшо тие не прифаќам притисок, не сум учествувал во тоа и несакам да бидам дел на тоа, а со тоа несакам ни да ја понесам одговорноста за таквиот притисок. Јас сакам утре да излезам на улица пред граѓаните и да им кажам дека не припаѓам на тој сој на луѓе, и дека

нема да гласам за овие амандмани, бидејќи ја рушат концепцијата на целиот Устав. Ќе видите какви проблеми ќе имаме и заради тоа што со, еве за овие три четири месеци колку што овде расправаме, не само што не се надмина кризата, туку таа и понатаму ќе се продлабочува. Верувајте ми, би бил еден од првите што би сакал да бидам демантиран во тоа дека кризата на овој начин ќе пука по националните шавови, дека многу луѓе ќе почнат веќе природно да се селат, дека нема гаранции за тоа дека со овие амандмани ќе се надмине оваа состојба.

Затоа, мислам дека тие се плод на една чиста политичка спогодба на еден чист купопродажен договор и не се израз на волјата на Македонскиот народ. Ви благодарам.

Според тоа, јас ги отфрлам со индигнација сите овие предложени амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Благодарам Г. претседателе, имам одговорност да зборувам после проф. по уставно право, па ќе го искористам, за жал, после него сум, моето деловнчко право, да искажам како ќе гласам јас.

Сакам да кажам дека во последниве 8, 9 месеци ние како народ и држава бевме силувани. Но, што ми рече еден пријател и во силувањето треба да уживаш. Вистина е тоа. Зошто ќе гласам за? Човечки е, искрен да ви кажам, да се верува во подобра иднина. Во овие последниве 8-9 месеци мислам дека ние ништо добро не видовме. Ниту ние, ниту државата, ниту нашите мајки, ниту синовите на тие мајки. Зошто ќе гласам за? Обратно од многу дискутанти јас ја гледам Македонија после 10 год. Ја гледам Македонија членка на ЕУ, членка на НАТО - алијансата, таму ја гледам перспективата. Верувам во оваа перспектива. Ова го кажувам од душа и од срце. Ние како ВМРО-ДПМНЕ ја постигнавме целта. Македонскиот народ го има во Уставот, го има во преамбулата. Македонската православна црква има дистинкција меѓу останатите верски заедници.

Да не должам многу, со ова мое гласање, се надевам дека на моите деца ќе им донесам некое подобро утре. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на претседатол на државата и колеги пратеници, се ќе беше во ред ако овие уставни промени се донесуваа во едни нормални услови, во една порелаксирана ситуација. Меѓутоа, сите ова го правиме во грч, пот притисок на банда криминалци увезени од Косово, на кои добар дел и од Македонија им се придружија. За жал, сето тоа во последно време го поддржа и Меѓународната заедница и не си опстојаа на зборот дека при донесувањето, при гласањето, водењето на расправа по овие амандмани, ќе го направи тоа што го вети. Ќе се повлечат на позициите како што беа пред 5 јули и дека нема да се дозволи терор над без разлика на кое население, дали е Македонско, дали се албанци или сите. Јас сум убеден дека сите подеднакво страдаат на тие делови, на тие простори. Според мене, извршен е блуд над македонската држава од тие криминалци. Тој блуд поддржан и засилен од Меѓународната заедница. Меѓутоа, човекот немаше да постои низ милениумите ако не беше оптимист, ако не гледаше напред.

Ќе гласам за амандманите, за сите се изјаснувам однапред, но сепак, верувам дека Парламентот и Македонија е ставена до ѕид, притисната. Меѓутоа, имам впечаток дека Меѓународната заедница, сепак, после настаните во Њујорк свати што е терор, дека нема помал или поголем терор, дека нема нежен терор, дека теророт од било кој вид е опасен. Сепак, верувам дека ова е излез, можеби според мене, исто така, единствен и ќе бидам среќен ако ова што го правиме е за доброто на Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повикајте ги пратениците да влезат во салата, затоа што треба да гласаме.

Повикајте ги сите пратеници да влезат во салата, затоа што треба да гласаме и нека седнат на своите места. Сите пратеници да ги повикате да влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на амандманот IV на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 107 пратеници. За гласаа 94 пратеници воздржано ниеден не гласал, против гласаа 13 пратеници.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Се сомневам во гласањето, барам поддршка од десет пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате поддршка од осум пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Значи имате поддршка од 10 пратеници.

Предлагам пауза од 15 минути па ќе спроведеме поединечно гласање.

(Пауза од 23,50 до 00,5 часот.)

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

(ПРИЛОГ)

1. ЈОНУЗ АБДУЛАИ за
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ за
3. АБДУЛА АЛИУ за
4. МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ за
5. СТОЈАН АНДОВ за
6. КИРИЛ АНДОНОВСКИ за
7. МАГДАЛЕНА АНТОВСКА-ВЕЛЕВСКА за
8. ЉУПЧОАНУШЕВ против
9. АМДИ БАЈРАМ за
10. ДЕМУШ БАЈРАМИ за
11. ФАДИЛ БАЈРАМИ за
12. ДИМИТАР БАТКОСКИ отсутен
13. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ за
14. ВЕЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА за
15. ЈОРДАН БОШКОВ против
16. ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ за
17. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ за
18. СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ за
19. ВАСИЛ ГАЏОВСКИ за
20. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ за
21. ТРАЈКО ГЕШОСКИ за
22. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ отсутен
23. ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ за
24. ПЕТАР ГОШЕВ за
25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ против
26. ЗАМИР ДИКА за
27. ВАНЧО ЃОРЃИЕВ за
28. ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ за
29. ФАТМИР ЕТЕМИ за
30. ВАСИЛ ЕФТИМОВ за
31. НАСЕР ЗИБЕРИ за
32. ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО отсутен
33. МИРКО ИВАНОВ за
34. ИЛИЈА ИЛОСКИ за
35. ДЕЛЧЕ ИЦКОВ за
36. НИКОЛА ЈОВАНОВ против
37. ВЕСНА ЈОВАНОВСКА отсутна
38. МАРИКА ЈОРДАНОВА за
39. НАЗМИ КАДРИУ за
40. РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ против
41. ЖАРКО КАРАЏОСКИ за
42. МИТКО КИРОВ за
43. ЛАЗАР КИТАНОСКИ за
44. САВО КЛИМОВСКИ против
45. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ за
46. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ за
47. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ за
48. ГОРАНЧО ЛАЗОВ за
49. БИЛАЛ ЉУТВИИ за
50. ЈАНИ МАКРАДУЛИ за
51. ВАСЕ МАНЧЕВ за
52. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА против
53. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА отсутна
54. ДИСПИНА МАРКОВСКА за
55. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ против
56. ДРАГАН МИТЕВСКИ за
57. КИРИЛ НАСТЕСКИ за
58. РУБЕНС НАУМОВСКИ за
59. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ отсутен
60. ЉАТИВ ПАЈКОСКИ за
61. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ за
62. ВАНЧЕ ПАНЧЕВ за
63. ИЛИЈА ПЕМОВ за
64. ТИТО ПЕТКОВСКИ за
65. ЧЕДО ПЕТРОВ за
66. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ за
67. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ за
68. АЗИС ПОЛОЖАНИ за
69. СТОЈАН ПОПОВ против
70. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ за
71. НИКОЛА ПОПОВСКИ за
72. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ за
73. ИСМЕТ РАМАДАНИ за
74. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ за
75. НЕНАДРИСТОВСКИ отсуетн
76. АЦЕСАЈКОСКИ за
77. АСЛАНСЕЛМАНИ за
78. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ за
79. ВАНГЕЛ СИМЕВ против
80. РИСТОСПАНАКОВ против
81. КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ за
82. ЃОРЃИСПАСОВ за
83. МИЛАН СТАВРЕВ за
84. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ за
85. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ за
86. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ за
87. БЛАГОЈ САЈКОВСКИ за
88. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ против
89. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ за
90. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ за
91. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ за
92. МУХАМЕД ТАИРИ за
93. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ за
94. МЕВЉАН ТАИРИ за
95. МИТКО ТИЛЕВСКИ отсутен

96. ЃОРЃИ ТОДОРОВ против
97. РИСТО ТОДОРОВ за
98. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ за
99. ПАНДЕ ТОМОВ за
100. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ за
101. ГОРАНЧО ТРАЈКОВ за
102. ТАНАС РАЈКОВСКИ за
103. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ за
104. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ за
105. СЛОБОДАН ЌОСЕВ за
106. ТАКИ ФИТИ за
107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ за
108. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ за
109. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ за
110. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ за
111. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА отсутен
112. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ за
113. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ против
114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ за
115. АРБЕН ЏАФЕРИ за
116. АЛИЈА ШАХИЌ за
117. РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласаа 107 пратеници, за гласале 93, против гласале 14 воздржано не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот IV, на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Амандманот V на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Да кажам како ќе гласам. Јас се обидов при гласањето по амандманот IV да не бидам присутен, бидејќи одродувањето на својата држава не можам да го поддржам.

Овој амандман V кој се однесува на употреба на јазикот е многу важен бидејќи јазикот е врзивното ткиво, или најсилното врзивно ткиво. Континентални држави односно држави кои имаат димензии во илјадници километри од една во друга насока за службен јазик знаат еден, а имаат етноси сијасет. Но, јазикот е еден. Овде на некаков мал простор, да не кажам микрореон се врши натурање за употреба на мноштво јазици. Јас лично сум многу за тоа да се учат јазиците, да се негува културата, да се унапредуваат таквите елементи. Тоа сум го покажал и лично во својата средина и во домашниот круг и никаде не сум бил против сочувувањето на својот јазик. Но, начинот на кој е конципиран амандманот V, на државата нема да и донесе корист, напротив таа од овој амандман не ќе може во иднина да крене глава, ќе се почне секако тука во Собранието. тоа од друга страна ќе повлече посебна лавина од новини, односно нови документи, успорување на работата и слично. Ние не ќе одговориме соодветно. Оттука мислам дека овој амандман подобро е штом веќе е во оваа фаза да не го изгласаме. Посебно ми смета што граѓаните и граѓанките се сведени на проценти. Знаете, да не користам многу силен збор но во очиглени средини не ги сметаат луѓето на проценти. Упатно ќе беше наместо еве тука се повторува четири пати 20 и знак за проценти, односно се мисли 20% од граѓаните. Може тоа да се опише па да биде сосема јасно дека се мисли на дваесетмина од 100 лица. Многу е деликатно да се искажуваат луѓето, граѓаните во процентуален износ. Јас сум читал и деловници и устави од други држави. Ваквиот начин на набележување не сум го сретнал. Ние тука промовираме антикултура. И токму во членот на Уставот, односно амандманот на Уставот кој го заменува членот за јазикот. Многу ми е тегобно, не можам тоа да го поддржам и чисто од човечки аспект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на амандманот V на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратнеици, за гласале 91 пратеник, воздржано гласал 1 пратнеик, против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот V на Уставот на РМ.

Предлогот на амандманот VI на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 93 пратеници, ниеден пратеник не гласал воздржано, против гласале 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот VI на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот VII, на У ставот на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 104 пратеници, 86 пратеници гласале за, воздржано гласале 2 пратеника, против гласале 16 пратеници.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддршка од 10 пратеници.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИК-ЧУКАЛИЕВА:**

(ПРИЛОГ)

1. ЈОНУЗ АБДУЛАИ за
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ за
3. АБДУЛА АЛИУ за
4. МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ за

5. СТОЈАНАНДОВ против
6. КИРИЛ АНДОНОВСКИ за
7. МАГДАЛЕНА АНТОВСКА-ВЕЛЕВСКА за
8. ЉУПЧОАНУШЕВ против
9. АМДИ БАЈРАМ за
10. ДЕМУШ БАЈРАМИ за
11. ФАДИЛБАЈРАМИ отсутен
12. ДИМИТАРБАТКОСКИ отсутен
13. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ за
14. ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА за
15. ЈОРДАН БОШКОВ против
16. ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ за
17. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ за
18. СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ за
19. ВАСИЛ ГАЏОВСКИ за
20. МИХАЈЛОГЕОРГИЕВСКИ за
21. ТРАЈКО ГЕШОСКИ за
22. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ отсутен
23. ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ за
24. ПЕТАР ГОШЕВ за
25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ против
26. ЗАМИР ДИКА за
27. ВАНЧО ЃОРЃИЕВ за
28. ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ за
29. ФАТМИР ЕТЕМИ за
30. ВАСИЛ ЕФТИМОВ за
31. НАСЕР ЗИБЕРИ за
32. ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО отсутен
33. МИРКО ИВАНОВ за
34. ИЛИЈА ИЛОСКИ за
35. ДЕЛЧЕ ИЦКОВ за
36. НИКОЛАЈОВАНОВ против
37. ВЕСНАЈОВАНОВСКА отсутна
38. МАРИКА ЈОРДАНОВА за
39. НАЗМИ КАДРИУ за
40. РАДОМИРКАРАНГЕЛЕСКИ против
41. ЖАРКО КАРАЏОСКИ за
42. МИТКО КИРОВ за
43. ЛАЗАР КИТАНОСКИ за
44. САВОКЛИМОВСКИ против
45. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ за
46. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ за
47. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ за
48. ГОРАНЧО ЛАЗОВ за
49. БИЛАЛ ЉУТВИИ за
50. ЈАНИ МАКРАДУЛИ за
51. ВАСЕ МАНЧЕВ за
52. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА против
53. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА отсутна
54. ДИСПИНА МАРКОВСКА за
55. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ против
56. ДРАГАН МИТЕВСКИ за
57. КИРИЛ НАСТЕСКИ за
58. РУБЕНС НАУМОВСКИ за
59. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ отсутен
60. ЉАТИВ ПАЈКОСКИ за
61. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ за
62. ВАНЧЕ ПАНЧЕВ за
63. ИЛИЈА ПЕМОВ за
64. ТИТО ПЕТКОВСКИ за
65. ЧЕДО ПЕТРОВ за
66. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ за
67. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ против
68. АЗИС ПОЛОЖАНИ за
69. СТОЈАН ПОПОВ против
70. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ за
71. НИКОЛА ПОПОВСКИ за
72. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ за
73. ИСМЕТ РАМАДАНИ за
74. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ за
75. НЕНАД РИСТОВСКИ отсуетн
76. АЦЕ САЈКОСКИ за
77. АСЛАН СЕЛМАНИ за
78. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ за
79. ВАНГЕЛ СИМЕВ против
80. РИСТО СПАНАКОВ против
81. КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ воздржан
82. ЃОРЃИ СПАСОВ за
83. МИЛАН СТАВРЕВ за
84. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ за
85. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ за
86. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ за
87. БЛАГОЈ САЈКОВСКИ за
88. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ против
89. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ за
90. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ за
91. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ за
92. МУХАМЕД ТАИРИ за
93. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ за
94. МЕВЉАН ТАИРИ за
95. МИТКОТ ИЛЕВСКИ отсутен
96. ЃОРЃИ ТОДОРОВ против
97. РИСТО ТОДОРОВ за
98. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ за
99. ПАНДЕ ТОМОВ за
100. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ за
101. ГОРАНЧО ТРАЈКОВ за
102. ТАНАС ТРАЈКОВСКИ за
103. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ за
104. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ за
105. СЛОБОДАН ЌОСЕВ за
106. ТАКИ ФИТИ за

107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ воздржан
108. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ за
109. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ за
110. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ за
111. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА отсутен
112. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ за
113. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ против
114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ за
115. АРБЕН ЏАФЕРИ за
116. АЛИЈА ШАХИЌ за
117. РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 88, против гласале 16 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот VII на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 92, против гласале 14 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот VIII на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 93, против гласале 14 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот X на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 108 пратеници, за гласале 94, против гласале 14 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XI на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 106 пратеници, за гласале 92, против гласале 14 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XI на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 90, против гласале 16 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XII на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 93, против гласале 14 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 94, против гласале 13 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 93, против гласале 14 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XV на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 106 пратеници, за гласале 90, против гласале 16 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XVI на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XVII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 106 пратеници, за гласале 92, против гласале 14 пратеници, воздржано не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Поништете го гласањето, за збор се јави г. Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас за овој амандман се определив да кажам како ќе гласам, бидејќи го сметам како амандман кој директно навлегува во иднината на Република Македонија и е еден парадоксален амандман со кој одлучуваме многу за идните генерации и за него ќе кажам како ќе гласам.

Пред да кажам како ќе гласам за амандманот сакам да кажам дека беа во право оние што мислеа дека сепак Парламентот и парламентарната демократија и институционалната демократија ќе победи, бидејќи видовме во целиот тек на расправа на амандманите дека расправата во Парламентот не е ништо страшна работа, напротив, тоа е ситуација која можеби придонесе за релаксација на ситуацијата во Република Македонија и некои работи сепак да одат во подобар правец така што сметам дека парламентарната расправа и решавањето на работите во институцијата - Парламент победи над политичките разговори и другиот начин на решавање кој е вон парламентарен.

Електронското гласање видов денеска дека има уште една предност, а тоа е за разлика од гласањето со кревање рака при електронското гласање може да се гласа и со наведната глава.

Јас сум против овој амандман, бидејќи не гарантира историјата овие изминати 50 години, овие изминати 10 години и оваа сегашност дека ќе се решат во Македонија прашањата кои ги решаваме денес со овие измени и овој амандман што очигледно беше и во тековната расправа за овој амандман, а пратениците од албанските партии не дадоа никакви гаранции дека до тука се нивните барања и со ова завршуваат примирја и амандманот на Кастриот Хаџиреџа за кој гласаа повеќе од потписниците на договорот.

Исто така не гарантираат денеска дека и денешницата е добра на Македонија, бидејќи продолжува бранот на насилства, продолжува статус кво со окупираните територии и состојбата со бегалците во Република Македонија што значи дека и таа гаранција како обврска од Мировниот договор не ја исполнивме така што трагичните амандмани за преамбулата, за црквата и овој 18-ти кој е најтрагичен, на кој најмалку му дадовме внимание спрема својата тежина не гарантира добра иднина. Понатаму останува Македонија заробеник на европскиот сон да биде држава меѓу европските нации односно казната која е наречена Танталови маки ја продолжува во Македонија односно да формира своја држава македонскиот народ. Имено, Тантал е синот на Зевс кој казнет од својот татко да живее во вода, а над себе да гледа храна. Кога се веднел во водата не можел да се напие, а кога ја гледал храната не можел да јаде. Продолжува трагедијата во Македонија и на крајот ќе кажам дека не гаранатира ниту иднината и сегашноста, бидејќи од она што го видовме како соработуваат АРМ и МВР во акциите и во решавањето на кризата и ден денес не се гарантира дека ситуацијата на теренот ќе биде направена онака како што треба да биде, бидејќи она што ни го кажуваа во текот на целата парламентарна расправа дека во Македонија е присутна УЧК, а ние ја баравме кое е вистинското име ОНА, АНА или некое друго, албанските пратеници кажаа тоа е УЧК и таа е и денеска присутна, тоа го покажа и пред некој ден и заради непостоење на гаранција дека има вистинско справување со тероризмот во Република Македонија со етничкото чистење и дека нема вистинско враќање на граѓаните кои беа истерани од западниот дел на Македонија и дека нема вистинско чувство на сигурност во Македонија после овие уставни амандмани и нема да гласам за сите овие уставни амандмани, јас длабоко се надевам дека потписниците и сите оние гаранти на амандманите и на уставните промени во Република Македонија ќе медитираат во сите мои скептички размислувања по овие точки за кои сум скептик. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас нема да должам, јас сум против усвојувањето на последниот амандман не затоа што сум против сите амандмани, бидејќи овој амандман има своја тежина, а тоа е државата Република Македонија во иднина не може да биде македонска. Со прифаќањето на амандманот 4 се од македонци, со прифаќањето на овој амандман се става печат. Приказната е завршена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитувани граѓани на Република Македонија.

Денеска се чувствувам толку тешко и тажно како никогаш во мојот живот до сега. Ја доживеавме судбината на крајот на еден трагичен крај, на еден момент од кој од утре понатаму нема да е она што беше до сега.

Уште еднаш ќе повторам се обистини моето тврдење дека луѓето не треба да ги цениме по тоа што зборуваат, туку по тоа што прават. Овде бевме сведоци господата од СДСМ и ДПМНЕ како се удираа во гради за патриотизам, за самостојна и независна Македонија денеска доживеавме нешто спротивно. Едно зборуваат друго прават. Денеска се видоа вистинските предавници, денес македонскиот народ го виде лицето на предавниците, бидејќи ние бевме нападнати и наречени предавници. Јас ќе гласам против овој амандман, бидејќи со овој амандман на крај се бетонира судбината на македонската држава, судбината на идните промени со Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Биљал Љутфии. - Ги молам пратениците да влезат во салата.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, ќе гласам за овој амадман од причина што сум длабоко убеден дека младите идни генерации сигурно нема да се

смеат барем 100% за овој амандман додека за другите можеби, а убеден сум дека ќе продолжи политичката борба легално вака, но за овој амандман верувам дека нема таква потреба и е за добро на сите граѓани и должни сме сите да работиме за тие граѓани и затоа ќе гласам за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на амандманот 18 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

(Претседателот ги опоменува пратениците да влезат во салата).

Влезете и седете тука, јас цело време седам, како што гледате.

Седете сите на своето место.

Предлогот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 105 пратеници, за гласале 85 пратеници, еден пратеник гласал воздржано и против гласале 19 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

(Седницата заврши во 00,45).